Митрополит Струмички Наум

# САМО ЕДНО Е ПОТРЕБНО

п о у к и

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЛЈУСА 2013

Македонска Православна Црква
– Охридска Архиепископија
Струмичка Епархија
**Издава:**
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса 2013

Мислиш ли, читателе, дека за тебе пишувам? Можеби, не сум сигурен. Ти знаеш. Но сигурен сум дека секогаш пишувам за моите духовни чеда. Секое мое духовно чедо така и го прима моето слово дека за него лично пишувам, и се покајува кога со тоа што го пишувам ги отсликувам промашувањата во неговиот живот. Но моите духовни чеда го познаваат мојот глас и ме слушаат и знаат дека сѐ мое е нивно. А духовниот отец ако не го кара своето чедо и ако не го поучува на вистинскиот пат, не е отец според лик и подобие на Небесниот.

*Ние сме од Бог и заради Бог создадени и само со Него можеме да бидеме исполнети, во секоја добра смисла на зборот. Бог е и наш родител, и наш најблизок, и наша радост, и наша утеха, и наша трпеливост, и наша издржливост, и наше покајание, и наши солзи, и наша молитва, и наша љубов, и наша слобода, и наша среќа, и наше здравје, и наша храна, и наше питие, и наша облека, и наша иднина, и наша цел, и наша сила, и – сè наше. Наше е само да имаме добра намера, да го употребиме дарот на слободата за градење на заедница со Бог и да се подвизуваме во таа насока, а сè друго е дело на Божјата благодат, која ни содејствува. Без Бог и без Божјата благодат ние ништо не можеме да направиме!*

⁂

Нашиот живот и постоење ни се дар од нашиот Небесен Отец. Како да Му заблагодариме за сè што Он направи за нас? Светото Евангелие вели: „Возљуби Го Господ својот Бог со сета своја душа, со сето свое срце, со сиот свој ум и разум и со сите свои сили“ (види: Мат. 22, 37). Сите ние треба да го посветиме својот живот и постоење на Бог и во Негова слава, исто како што и Он Својот живот ни го посвети нам и за наше прославување. Секој од нас тоа ќе го направи според своите сили и според својата љубов, така што едни ќе донесат триесет, други шеесет, а трети – стократен плод. Треба да се исполнат зборовите: *Бог стана човек за ние да станеме богови по благодат*.

⁂

Кога луѓето би ги препознавале даровите Божји и нивната цел, и кога со смирение и благодарност би се однесувале кон нив, даровите Божји би служеле како средство за надградување и остварување на нашата заедница во Богочовекот Христос – која е нашиот најголем дар Божји – и би служеле како средство за наше спасение. Со други зборови, само на тој начин можеме да Му благодариме на Бог – кога Неговите дарови повторно Нему Му ги принесуваме: „Твои дарови од Твоите, Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сè“. Делотворниот однос на благодарењето на

севкупниот наш живот соборно се исполнува со нашето учество во Светата Евхаристија (Благодарење) на Црквата Божја.

⁂

Наше е само да ја зачуваме заедницата во Христос, а сè друго ќе ни се додаде и оствари, и на личен, и на црковен, и на секаков план. Затоа што заедницата е Совршенство. Затоа што заедницата е Вистина. Затоа што заедницата е Царството Небесно. Без таа заедница сме ништо. „Кој има уши да слуша, нека чуе!“

⁂

Богочовекот Христос е целта на христијанскиот живот, а даровите Божји се само средства преку кои се остварува таа цел.

⁂

Свето е да Му благодариме на Бог, секогаш, за сите и за сè. Да Му благодариме за сето она што ни се случува а ни се чини дека е добро, како и за оној што ни го прави тоа; и за сето она што ни се случува а ни се чини дека е лошо, како и за оној што ни го прави тоа. Секого и сè да примаме како дар Божји, од една страна, но и, од друга страна, да се трудиме што посовршено да ги исполнуваме Божјите заповеди, за надградба на Телото Христово – Црквата.

❊

Црквата, како заедница на љубов и слобода, е место и време на благослов. Благослов е заедницата со Бог. Човекот што ги исполнува Божјите заповеди стапува во заедница со Бог. Оној што ги нарушува Божјите заповеди отпаѓа од заедницата со Бог.

❊

Човекот е создаден според Божјиот лик, како словесно (свесно, разумно) и слободно битие. Главни карактеристики на човекот се правото и слободата да се определува за доброто или за злото.

❊

Човекот е создаден како личност, според образ и подобие на Бог. Човекот е динамично битие. Согласно библиската антропологија и светоотечкото толкување, во самиот божествен образ според кој човекот е создаден, се содржи и божественото подобие, кое човекот треба да го достигне. За да може да ја достигне таа цел, во природата на човекот е всаден голем потенцијал на сили, способности и стремежи, кои со своја слободна одлука човекот треба да ги придвижи во вистинската насока: во градење на вечна љубовна и слободна заедница со Бог и со своите ближни. Ова динамично движење или подвиг од образот кон

подобието, тоа растење и восовршување е основа на православната аскетско-исихастичка антропологија.

❊

Нашето остварување како личности не се случува само преку дејството на несоздадената благодат Божја, туку и преку нашата синергија, или содејство со Бог, односно преку наш слободен и љубовен личен подвиг – како одговор на Божјата слободна љубов пројавена кон нас, и во Неговиот творечки акт и во Неговиот Домострој на нашето спасение.

❊

Богонасоченоста не го отуѓува човекот од самиот себе и од околината, не ги негира човекот и неговата самостојност и неговото остварување како личност, туку, напротив, – само Богочовекот Христос и заедницата со Него, во благодатта на Светиот Дух, го прави човекот човек. Само благодатната заедница со Христос му овозможува вистински однос на човекот со Бог, со самиот себеси, со своите ближни и со сѐ создадено. Ова е опис на човечкиот природен (κατά φύσιν) живот.

❊

Човекот е автентичен образ Божји, но само ако се наоѓа во слободна и љубовна заедница и

во слободна соработка со божествената благодат, која е несоздадена енергија на животот на Света Троица. Надвор од заедницата со Бог човекот не може ниту да постои ниту да живее како вистинска личност и како човек во сета своја полнота, ниту пак, може да го достигне *обожението*.

❊

„Царството Небесно насила се зема и силните го грабаат" (види: Мат. 11, 12). Тоа значи дека сѐ што се случува во односот меѓу Бог и човекот, се случува во синергија, во содејство, во соработка помеѓу двајцата – Бог ја дава Својата благодат во сета полнота, а човекот треба да ја активира со својот начин на живот. Од природна додавка, да му стане лично својство.

❊

Љубовта Божја, откровението Божјо, е основа на синергијата меѓу Бог и човекот.

❊

Потребно е во сите неволји и искушенија да црпиме радост така што ќе Му благодариме на Бог за сѐ и нема да враќаме на злото со зло. Тоа значи дека секогаш треба да го бараме Царството Небесно, а не царството земно.

❊

Благодарноста привлекува сè поголеми и посовршени дарови Божји. Кој има, односно кој благодари, ќе му се додаде – да стане син Божји.

❊

Љубовта е единствената причина за подвигот на градење синовски однос со Бог. Децата Божји Го бараат Него, својот Небесен Отец, и ништо друго. Добивањето на некои од даровите Божји, без разлика дали небесни или земни, го оставаат на Неговата света промисла за нивно спасение; и толку. Ставот на децата Божји кон нивниот Небесен Отец е став на благодарност, на давање и на себепринесување, без притоа да очекуваат нешто за возврат. Тие, барајќи Го само Него, уште во овој живот ја живеат тајната на она „сè Мое е твое..." (Лука 15, 31).

❊

Оној што живее како дете Божјо, дури и во болеста, дури и во која било несреќа, па дури и во самата смрт ја гледа и ја препознава единствено љубовта Божја кон себе. Колку е пострашно тоа што го доживува, толку поголема љубов препознава. Смртта за него не е тежок оков на стравот што врзува за земното, туку посакуван премин на слободата кон Бог. Не се штедат ни телото

ни душата во тој љубовен двиг. На овој начин функционира Божјото дете, иако тоа сигурно им изгледа чудно, па дури и лудо на оние што имаат робовски или наемнички однос со Бог.

❊

Не можеме да градиме личносен однос со Бог доколку со Него одржуваме трговски или наемнички однос на „ако ми дадеш – ќе Ти дадам“. Оној што во своите падови и подигања се труди да гради личносен однос со Младоженецот Христос и има барем мал опит од тој однос, ќе стане и ќе Го дочека без оглед на тоа во каква состојба се наоѓа, зашто знае дека ќе биде спасен со едно „прости ми“.

❊

Наемникот – не, но секој синовски дух веднаш забележува и му пречи каква било причинско-последична димензија пројавена во односот со својот Отец. Затоа ли ме љуби Он, затоа што јас душата своја си ја полагам за Него или барем сум подготвен да го сторам тоа во секој момент? Инаку, не би ме љубел? Секако, тоа не е точно. Синот знае: Бог е љубов и просто – нѐ љуби. Одговорноста е секогаш наша, односно дали нашето срце е доволно подготвено и отворено да ја прими таа љубов во соодветна мера. Тоа е само наш подвиг. А Бог екстатично стои и чека на нашиот одговор, смирено.

❊

Бог и Отец на секого од нас подеднакво, без збор и без услов, ни ја дава полнотата на Својата благодат. Од нас самите, од нашата слободна волја зависи како ќе се однесуваме кон таа благодат; како и: кога, колку и дали ќе ја употребиме. Бог само внимава да не ја наруши нашата слобода, а со тоа и нашиот взаемен однос Родител – дете. Деца, ние немаме ништо посвето од овој однос! Овој однос е единствената надеж на нашето спасение!

❊

Човечката природа и Божјата благодат не се меѓусебно спротивставени туку, токму напротив, се подразбираат. Човекот престанува да биде вистински човек ако го промаши своето сопствено предназначение, а тоа е личната заедница со Бог и непрестајното растење и восовршување во неа со помош на Божјата благодат. И човековата слобода и Божјата благодат не се меѓусебно спротивставени, туку, токму напротив, се подразбираат. Човекот престанува да биде вистински слободен кога ќе престане да ја исполнува Божјата волја и кога на тој начин ќе отпадне од Божјата благодат, односно ќе ја отфрли заедницата со Бог.

❊

Прифаќањето на Божјото слово за нас, прифаќањето на Божјата волја за нас и прифаќањето

на Божјата промисла за нас, со смирение и благодарност, истовремено значи и наше отворање и наше прифаќање на Божјата благодат.

⁂

Со падот во грев и со непокајанието за истиот, всушност, луѓето му се поклонуваат на ѓаволот и му дозволуваат да владее со нив. Паѓајќи во грев и останувајќи во непокајание, човекот ја нарушува заедницата со Бог – од Кого и за Кого сме создадени – поинаку речено, останува без Неговата животворна благодат; и на крајот сфаќа, ако веќе не е доцна, дека таа заробеност или зависност, односно тој демонски јарем и бреме се всушност неподносливи. Прифаќајќи ги и носејќи ги демонскиот јарем и демонското бреме, човекот ги промашува смислата и предназначението на своето природно постоење – да стане бог по благодат; и започнува да функционира противприродно.

⁂

Господ Бог е единствениот Кој има власт да ги простува гревовите, ако со вера и покајание, односно со смирение и благодарност пристапиме кон Него. Вистинското покајание значи неповторување на гревот. Вистинското простување на гревовите, исто така, се препознава од неповторувањето на гревот. Оној што има вистинско покајание ќе добие и вистинско простување на гревот

од Самиот Господ, што значи и исцелување од последиците на гревот. Вистинското простување на гревот и исцелувањето на Неговите последици не е ништо друго туку возобновување на нашата заедница со Бог, со Богочовекот Исус Христос.

❊

Господ е единствениот совршен Лекар на нашите души и тела. Он единствен знае низ што сѐ треба да поминеме за да успее да го изделка Својот лик на нас. Он единствен знае како да изгради спасителна личносна заедница со нас, заради нас. Нема поголемо, или поинтересно, или поисполнето постоење, или поголема радост од тоа да Му го препуштиме и предадеме нашиот живот Нему, на Неговата света волја. Ако сме христијани, во ова треба да веруваме. Ако сме Христови, ова треба да го знаеме.

❊

Никој од нас не сака свесно да му служи на демонот, и сите ние се сметаме себеси за слуги Божји. Но, секојдневниот живот нѐ демантира. Секој пат кога ќе се поведеме по нашите страсти и ќе ги задоволиме, ќе му послужиме повеќе или помалку на демонот поврзан со нив. И, секогаш кога на злото ќе вратиме со зло, му служиме на демонот. А срцето останува извалкано и затворено за молитвата во него. Најлошо е кога мислиме дека

на Едниот Му служиме, а во суштина му служиме на другиот. Тоа се нарекува прелест.

⁜

Нашиот Бог – Света Троица е секогаш Господар, Творец на небото и на земјата и на сѐ видливо и невидливо. Бог е и наш Творец и наш Отец, односно Устроител на нашето спасение. Бог е Господар без оглед на тоа дали ние Нему Му служиме или не. Ѓаволот е господар само на оние што му служат, инаку е смешно ништо. Посебно по воплотувањето Христово и Неговиот Домострој на нашето спасение, ѓаволот станува како играчка со која малите деца си играат (свети Атанасиј Велики) или како спаринг-партнер за оние што се вежбаат во доброто; како некој што постојано ни ги покажува нашите слабости и страсти и како одличен слуга во процесот на нашето самопознание.

⁜

Познанието на Бог е едноставно својство на просветлениот ум. Не се стекнува со рационализирање на теолошки информации, туку со *чистење на срцето од страстите*.

⁜

„Не искушувај Го Господ, својот Бог“. Тоа значи да не го бараме предвреме и на недозволен

начин она што во свое време и само преку личен однос со Бог сигурно ќе го добиеме.

⁂

Преку исполнување на Божјите заповеди, стигнуваме до познание на Бог: „Оној што ги исполнува Моите заповеди е тој што Ме љуби“.

⁂

Речено е веќе дека секој настан од Домостројот Божји на нашето спасение, опишан и во Светото Евангелие, се случил заради наше утврдување во верата и заради наше спасение. Барањето на светиот апостол Тома да ги допре раните на Господ (види: Јован 20, 25) не е неверие, туку легитимно и спасително барање на човековиот дух да Го познае Бог од опит, а не од прераскажување на другите. Другите нека си прераскажуваат колку што сакаат, за мене е од суштинско, битијно значење да Го познаам Бог од опит, затоа што голото знаење за Бог не ми носи спасение и совршенство (слобода и љубов), туку само знаењето што произлегува од опит на заедницата со Бог, во моето срце.

⁂

Нашиот личен однос со Господ е вечен и е единствен и неповторлив, дури и за Самиот Него.

⁂

Едното без другото изгледа не може: погрешното сфаќање за Бог доведува до погрешно сфаќање за човекот.

⁂

Реален проблем за нас христијаните е како денес да ги допреме раните од клинците и како да ја ставиме раката во раната на ребрата предизвикана од прободувањето со копјето, и од опит да Го познаеме Бог. Според светите Отци, начинот е двоеден: суштински активно учество во Светата Литургија на Црквата, која ни овозможува постојано благодатно учество сега и овде во веќе еднаш случено во животот на Богочовекот Христос, и аскетско-исихастичкиот начин на живот, кој овозможува постојано благодатно продолжување на Христовиот живот во секој еден од нас до крајот на овој свет и век.

*Сиот Неговживот меѓу нас земјанородните беше едно смирено и неизглаголиво страдание, чии што размери за нас, како создадени, засекогаш ќе останат неодгатнати. Дојде како Богочовек, чинејќи нè лични сопственици и причесници на плодовите од за нас спасителното општење на својствата на Божјата и Човечката природа во Неговата Ипостас.*

*Богатиот заради нас осиромаши, земајќи ја сиромаштијата на нашето тело за ние, пак, во Неговото Тело – Црквата да се збогатуваме, безмерно обдарувани со божествените, несоздадени дарови на Светиот Дух. Дојде и стана човек за ние да станеме богови по благодат, за постојано благодатно и соборно да растеме според мерата на растот на Неговата полнота (види: Ефес. 4, 13).*

⁂

Сето тоа што значи воплотување на Синот Божји и последиците од тоа воплотување, дадено ни е само и само од една и единствена причина: духовно, благодатно да растеме во Богочовекот Христос, да го развиваме нашиот личносен однос и личносна заедница со Него и да се оствариме како слободни и љубовни личности, достигнувајќи ја висината на возраста на растот Христов (види: Ефес. 4, 13), а истовремено меѓу себе да оствариме онтолошка заедница според икона и подобие на Света Троица – Отецот и Синот и Светиот Дух („како што си Ти, Оче, во Мене, и Јас во Тебе; па така и тие да бидат во Нас едно“ – Јован 17, 21).

⁂

И на самиот ѓавол тајната на воплотувањето му се открива постепено. Тој од самиот почеток знае дека на некој начин Исус Христос е Син Божји. Но, севкупната тајна и сила на воплотувањето и Божественоста Христова тој ги дознава дури по Воскресението. И дури тогаш гледа дека онаа власт што ја беше имал над луѓето, повлекувајќи ги во грев и во смрт, сега му е одземена; зашто Богочовекот Христос со силата на Своето Воскресение го спаси човекот (и севкупната природа) и му даде сила за воскресение и живот вечен.

⁂

Последиците од падот, во човечката природа, не ќе можеа да се исцелат доколку таа не стана и природа на Синот Божји и доколку на тој начин не го помина целиот човеков животен пат – од раѓањето, преку страдањето, до самата смрт. И Воскресна. Богочовекот Христос и самата смрт ја посвои за да ја уништи со Своето Воскресение. Но, Христос ги презеде само непропадливите страсти на човечката природа, последици од Адамовиот грев и пад: гладот, жедта, заморот, напорот, страдањата, солзите, стравот пред смртта и самата смрт, и сите останати кои по природа им припаѓаат на сите луѓе. Богочовекот зеде сè освен гревот, односно подложноста на грев.

⁂

Секоја година на Велигден нам, на сите православни христијани, ни е овозможено Христовото Воскресение да стане и наше лично и наше соборно (заедничко) Воскресение. Христовото Воскресение да стане наше суштинско ослободување од ропството, па дури и од фаталното и одлучувачко влијание на страстите, демонот, гревот и смртта во нашиот живот. Страстите славољубие (безобѕирна борба за човечка слава и власт), среброљубие (безобѕирна борба за пари и имот) и сластољубие (безобѕирна борба за задоволување на најниските

телесни нагони) се тројанскиот коњ во нашата душа, преку кого внатре влегуваат демонот, гревот и смртта. На денот на Христовото Воскресение, значи, сите ние сме повикани да се ослободиме од пеколното ропство што ни носи само несреќи, болести, непријателства и страдања – и да станеме деца на Светлината.

❊

Само Христовиот Крст ни носи Воскресение.

❊

Крстот Христов е љубов кон Бог и кон секој човек. Во суштина средбата со кој било човек во нашиот живот е еден испит за нашата љубов кон Бог. Љубовта од Бог ја имаме изобилно во секој миг од нашето постоење, без оглед на тоа колку сме ние свесни за тоа или не. Единствен проблем на нашиот живот е како ние возвраќаме на таа љубов. Што се однесува до љубовта кон луѓето, еднаш треба да си решиме дека ќе им даваме љубов без да ја бараме од нив, па ќе си бидеме мирни. Ако еден ден ни вратат, а тој ден сигурно ќе дојде („љубовта никогаш не престанува“ – 1. Кор. 13, 8), – слава Му на Бог. Сфатете го тоа како предизвик, како врвно сведоштво Христово во овој свет – да го љубиш и тој што ти прави зло.

Тајната на Крстот Христов се состои всушност во простувањето. Оној што со надеж на учество во Христовиот Крст сака да учествува и во големата Тајна на Христовото Воскресение, тој и простува.

Прашањето е како да учествуваме во Крстот Христов? Ова е многу важно прашање за нас, зашто само преку учеството во Неговиот Крст ќе можеме да учествуваме и во Неговото Воскресение. Можеме да кажеме дека нашето учество во страдањето на Богочовекот се случува на два начина: личен и соборен. Лично учествуваме и со нашето тело и со нашата словесна (умна и разумна) душа. Со нашето тело учествуваме преку телесниот подвиг, неизнудено благословен од нашиот духовен отец и незабележлив за заедницата во која живееме. Со нашата словесна душа учествуваме кога нашиот ум ќе го закоқаме за зборовите на молитвата и кога нашата падната логика ќе ја распнеме на крстот на апсолутното послушание кон Бог и кон ближните. Соборно учествуваме во Крстот на Богочовекот Христос кога го исполнуваме евангелскиот идеал: „Гладен бев, и Ми дадовте да јадам; жеден бев, и Ме напоивте..." (Мат. 25, 35-36). Говорам за волните, а не за неволните страдања – за кои е доволна само благодарност кон Бог.

❊

Личното и соборното учество во Крстот Христов монахот треба да го реализира во своето срце, а оној што живее во светот – и на дело. Личното учество, без соборното, наликува на источна безблагодатна аскетика; а соборното учество, без личното, наликува на западен антропоцентричен хуманизам (харитативна дејност).

❊

Крстот Христов има своја внатрешна аскетско-исихастичка димензија. Ако умот не го закоаме на нашето срце, тогаш ниту ќе можеме да го погребаме во него, ниту пак ќе воскресне од него. Ова е најважната димензија на Крстот.

❊

Сето она што Богочовекот Исус Христос преку Својот Домострој за нашето спасение ни го остави во Црквата, односно Светите Тајни, светите добродетели, светото предание, пишано и усно, има за цел да ни помогне да изградиме, да оствариме вистински, конкретен личносен однос со Бог. Но молитвата како света добродетел, а особено умносрдечната молитва, има толку посебно место во градењето на личносниот однос со Бог, што без неа тој однос не би можел ниту да се замисли.

❉

Богочовекот Христос е Тој Кој нè спасува, пред сè со Својата Личност, како Богочовек, и како Таков – со сите Негови Богочовечки и спасоносни дела и случувања од Неговиот живот: со раѓањето, со крштевањето, со преобразувањето, со распнувањето, со смртта, со воскреснувањето, со вознесувањето и со испраќањето и своеволното слегување на Светиот Дух Господ; и со основањето на новозаветната Црква како Тело Христово.

❉

Во Црквата не постои надворешен, научен критериум за познавање на Вистината – Христос, туку постои внатрешен, аскетско-исихастички (молитвен) критериум, преку кој лично и опитно Го познаваме Христос Вистинскиот Бог.

❉

Ние живееме во Христос, во Неговото срце, и Христос живее во нас, во нашето срце. Затоа тајната на нашето меѓусебно проземање и проникнување се случува во нашето срце. И затоа Богочовекот Христос е средиште на нашето средиште, односно средиште на нашето срце и на нашиот живот и постоење. Он е средиште: на нашето лично битие и на нашата словесност, како Слово на нашиот Творец, преку Кого сè станало; на нашето

лично благобитие како Син Божји, Кој го исполни целиот Домострој на спасението на нашиот Отец Небесен; и на нашето лично вечно благобитие во бесконечното Царство и Заедница на Отецот и Синот и Светиот Дух. Но, оваа тајна ќе им се открие на оние кои ќе ги очистат своите срца: „Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе Го видат Бог“ (Мат. 5, 8).

⁂

Точно е дека Христос чука на вратата од нашето христијанско срце, но однатре. И сè да Му принесеме на Бог, ако срцето наше не Му го принесеме, ништо не сме направиле. Светиот апостол Павле во ваква прилика употребил егзистенцијално уште пострашен израз: *ништо не сум* (1. Кор. 13, 2).

⁂

На личен план, Рождеството Христово можеме вистински да го славиме само ако со умот го пронајдеме влезот за внатрешноста во нашето срце, влезот за пештерата каде што Христос положен во јасли лежи.

⁂

Ако кажеме дека нешто во духовниот живот не можеме, дека заповедите Христови се тешки и дека не можеме да ги исполниме, ние хулиме на жртвата Христова. Токму затоа Синот Божји стана

Син Човечки, токму затоа Богочовекот Христос пострада, за ние да имаме сила, за да можеме, а не да не можеме. Нам ни останува само изборот – сакаме или не сакаме. А со тоа ни останува и одговорноста за нашата слободно изразена волја. Потоа не можеме да се самооправдуваме за својот погрешен избор.

❊

Сè што правиме во Црквата Божја има за цел да се причестиме со Телото и Крвта Христови. Доаѓаме да му се поклониме на Крстот Христов и доаѓаме да се поклониме пред Неговиот Гроб, но ако не се причестиме на и со Неговото Воскресение, ништо не сме направиле; ќе наликуваме на човек неразумен кој од далечна земја решил да се врати во својот дом, кај своите родители и своето семејство, и откако стигнал до него, не влегол, туку се вратил повторно да скита низ светот, празен и без никого и ништо. Христос е нашиот Дом, Бог е нашиот Отец, а сите Свети се нашето Семејство, во Светиот Дух Господ.

❊

Во Своите Крв и Тело на Светата Литургија Богочовекот Христос највистински е секогаш со нас и постојано смирено им се принесува на верните во сета Своја полнота. Во полнотата на несоздадената благодат, вистина, слобода, љубов

и напросто во полнотата на сите Богочовечки дарови, потребни за спасение и за *обожение* на човекот. Причестувајќи се со Христос, со несоздадената светотроична благодат (или енергија), ние, како што велат Отците, иако според својата природа смртни и ограничени, стануваме благодатно беспочетни, насекаде присутни и бесмртни.

❊

Она што нѐ удостојува да се причестиме не е нашата служба, која било да е таа, па дури и свештеничка, туку нашата љубов и личносен однос со Бог и со ближниот. Колку повеќе се предаваме себеси како принос и жртва на Бог за спасение на светот толку повеќе стануваме подобни на Христос и подготвени за заедница и за причестување со Него.

❊

За нас во Црквата важи следното правило: кога би можело и научно да се докаже некаква вистина дека Христос не постои, јас повеќе би останал со Христос отколку со таа вистина.

*Ако Синот Божји не се симнеше на земјата меѓу нас, ниту ние ќе можевме во Малиот Вход на Светата Литургија на Црквата да се вознесеме и да застанеме пред престолот Божји. Ако Он не се крстеше, ниту ние ќе можевме да умреме за гревот и да бидеме живи за Бог во Него. Ако Он не ја проповедаше Својата Блага Вест за Царството Божјо, ниту ние ќе можевме на Светата Литургија на Црквата да го читаме и проповедаме Неговиот Нов Завет. Ако Он не се жртвуваше на Крстот за нас и наше спасение, ниту ние ќе можевме во Големиот Вход од Светата Литургија да се принесеме самите себе и целиот наш живот на светиот Престол Божји преку даровите што ги принесуваме на него. Ако Он не се вознесеше и не седнеше оддесно на Отецот, ниту Светиот Дух Господ ќе се симнеше на Апостолите, а преку нив и преку светите Отци и на нас до денес, во Црквата, ниту пак, Второто Христово Пришествие и Страшниот Суд ќе беа* ВЕЌЕ, И УШТЕ НЕ. *А ако пак Светиот Дух не се симнеше на нас, никакво значење немаше да има за нас сето она што Богочовекот Христос го направи за нашето спасение.*

⁂

Црквата е во светот, но не е од овој свет. Овој свет, како што вели светиот апостол Јован, лежи во зло (види: 1. Јов. 5, 19). Овој свет се откажа од Христос и Го распна и со тоа себеси се осуди на самоуништување и Апокалипса. Овој свет е затемнет и заробен во вителот на страстите кои пренасочени и злоупотребени станале втора човечка природа. Отпаднат од грев, овој свет е долина на солзи и страдања, мака, лицемерство, лага, превознесување, насилство, отстапништво, заборав и смрт. Ова е свет на суета, раздор и поделби. Затоа, „сè што е во светот – похотта на телото, желбата на очите и гордоста на животот – не е од Отецот, туку од овој свет“ (1. Јов. 2, 16).

⁂

Црквата во Светата Литургија, во собраниот народ околу својот Епископ, се пројавува како икона на идното Царство. Во Светата Литургија ги надминуваме сите поделби што ни ги наметнува природата и заедницата во која живееме. Сите сме едно во Христос, сите сме Тело Христово и членови меѓу себе и на тоа Тело истовремено. Нашиот живот, духовното растење и спасение во Црквата се соборни. Светот, пак, во кој живееме е икона на пеколот во смисла на падот, гревот, раздорот, нееднаквоста.

❊

Ние во секоја Света Литургија на Црквата го славиме секој момент од Христовиот живот: и Христовото воплотување, и Христовото раѓање, и Христовата мисија, и Христовите страдања, и Христовото погребување, и Христовото воскреснување, и Христовото вознесување, и Христовото седнување оддесно на Бог и Отецот, и светата Педесетница, односно исполнувањето на ветувањето за Духот. Тоа не значи дека на секоја Литургија се повторува Христовиот Домострој за нашето спасение, туку значи дека нам што учествуваме во литургиското време и простор на црковната Евхаристија (благодарствена Жртва) повторно и повторно ни се пружа можноста благодатно и реално да учествуваме во Христовиот живот, причестувајќи се со Него.

❊

Христос дојде да ни посведочи и да ни дарува еден нов начин на живот и постоење. А тоа е љубовта, саможртвувањето, смирението, покајанието. Тоа се сили што можат да ги победат властите и началствата, духовите на злобата во поднебесјето. Црквата е квасец на овој свет. Овој свет е повикан да стане Црква, а не Црквата да се изгуби во светот.

⁂

Господ Христос ни дарува животот на множина, па и на сите луѓе, да стане содржина на животот на нашето срце. Тој дар го добиваме само во Црквата Христова, живеејќи и постојано сообразувајќи се на Христа, преку Светите Тајни и светите добродетели на Светиот Дух.

⁂

Ви сведочам за едно тајно, свето и благодатно проникнување меѓу нас и нашиот ближен во Црквата. Ние живееме во него и заради него и тој живее во нас и заради нас, заедно помагајќи си на патот кон домот на нашиот Отец. Во Црквата животот на нашите браќа и сестри станува содржина на животот на нашето срце. Тука се учиме на соборниот живот на Црквата и ги вкусуваме неговите плодови. Оттука е и чувството на одговорност за спасението на сите луѓе, без што нема вистинско христијанство ниту пак вистинска радост. На тој начин нашата личност не се губи, туку само расте, созрева и се остварува.

⁂

Личноста и заедницата, односно личносниот однос со Бог и личносните односи со нашите ближни во Него, се заедничка содржина и онтолошка врска меѓу срцето и Светата Евхаристија.

Поконкретно кажано, во сеопфатната Тајна на Црквата нашето срце станува лично духовно средиште на нашето битие и во аскетско-исихастичка и во литургиско-соборна смисла.

⁂

Што конкретно значи тоа дека срцето е лично духовно средиште во аскетско-исихастичка смисла? Сигурно ви е познато едно од, барем за мене, најсилните места во Светото Евангелие: „Лисиците имаат легла и птиците небески – гнезда, а Синот Човечки нема каде глава да потслони“ (Мат. 8, 20; Лука 9, 58). Со овие зборови, за нас до срж прекорувачки и актуелни, Богочовекот Христос ни потврдува дека човечкото срце, како духовно средиште, е единственото место на лична средба меѓу Бог и човекот; дека само во *очистеното*, *просветлено* и *обожено* срце Господ наоѓа Свој спокој и почивалиште. Што пак значи тоа дека срцето е лично духовно средиште во литургиско-соборна смисла? Заедницата и единството што го засноваме ние, православните христијани, преку Светата Евхаристија, причестувајќи се со Христос Бог и во Него меѓу себе, е единство, длабоко битијно и благодатно, што го ослободува човекот од ограничувањата на времето и просторот. Така, секој член на Црквата живее, љуби и се спасува со помош на сите членови на Црквата, земни и небесни.

❊

Како целиот наш живот станува една Света Тајна? Секогаш кога на Бог Му благодариме, ние истовремено и благословуваме и сме благословени, и осветуваме и се осветуваме, и самите себе се прекршуваме и се раздаваме, односно Христос Богочовекот Го сведочиме – „Ова правете го во Мој спомен, оти кога ќе го јадете овој Леб и кога ќе ја пиете оваа Чаша, вие ќе ја објавувате смртта на Господ, додека Он не дојде“ (види: 1. Кор. 11, 25-26). Но истовремено не треба да се плашиме дека ќе се потрошиме затоа што „се раздробува и се разделува Агнецот Божји, Кој се раздробува и не се разделува, секогаш јаден и никогаш дојаден“.

❊

Полнотата на нашиот соборно-евхаристиски живот е она божествено събитие кога собирајќи се сите заедно околу својот Епископ на Светата Евхаристија, самите себе, еден со друг и сиот живот наш на Христос Бог Му го предаваме, и јадејќи го Лебот, Телото Христово, што заради нас се прекршува за простување на гревовите, и пиејќи ја Чашата, од Крвта Христова на Новиот Завет, која заради нас и за мнозина се излева за простување на гревовите, смртта Господова ја објавуваме, додека Он не дојде (види: 1. Кор. 11, 26).

⁂

Радувајте се на соборно-евхаристискиот живот на Црквата, бидејќи живееме, се љубиме и се спасуваме само органски поврзани во Богочовечкото Тело Христово, секој на своето од Бог одредено место, но истовремено, тајно и свето, духовно и благодатно проникнувајќи се.

⁂

Црквата, особено во Светата Евхаристија, ни се открива како заедница на *обожение*. Неслиеното и неразделно соединување на Божјата и човечката природа и општењето на нивните својства во едната Ипостас Христова е основен извор на *обожението на човекот*. Со други зборови – на благодатно соединување и личен однос на Света Троица со човекот.

⁂

Треба да го освестиме моментот дека нашата падната природа и затемнет ум се стремат кон тоа да Го објаснат и сведат Богочовекот Христос, верата и животот во Него, во одредени свои рамки и мерки. На пример, каноните на Црквата нè повикуваат да се причестуваме на секоја Света Литургија, а ние тоа го сведуваме на четири пати годишно, еднаш или ниту еднаш. Каноните ни го покажуваат совршеното и за нас во Црквата

имаат вечно значение. Наше задолжение е да се потрудиме да го достигнеме совршеното и да се смируваме за нашите несовршености, а не да ги менуваме канонитe според своите можности и желби.

❊

За да ги исполниме Божјите заповеди за љубов кон ближниот и за да се исцелиме, ни треба сила. Таа сила или благодат Божја ја добиваме во Светите Тајни на Црквата, пред сѐ на Светата Литургија, каде што се причестуваме со Телото и Крвта Христови, со Самиот Богочовек Христос.

❊

Во Православната Црква вистинското познание на Бог секогаш претставува слободна, љубовна, благодатна заедница со Него. Таа пак заедница се остварува само во Светите Тајни и светите добродетели на Светиот Дух Кој живее во Црквата.

❊

Љубовта што ја проповеда Православната Црква не е обична човечка, душевна љубов, туку божествена. Таа љубов е христоцентрична, со есхатолошки димензии и антиномичен карактер. Господ Исус Христос навистина рекол: „Љуби го

својот ближен". И уште: „Почитувај ги своите родители" (види: Мат. 19, 17). Но рекол и: „Кој љуби татко или мајка повеќе од Мене, не е достоен за Мене" (Мат. 10, 37). И уште: „Немојте да мислите дека дојдов да донесам мир на земјата; не дојдов да донесам мир, туку меч. Зашто дојдов да разделам човек од татко си и ќерка од мајка си... И непријатели на човекот ќе бидат неговите домашни" (Мат. 10, 34-36).

❊

Смртта е победена од новото Битие – Црквата, од новиот живот – соборниот. Човекот ја наоѓа смислата и полнотата на своето постоење во вечно лично восовршување и радост – во личната заедница со Троичниот Бог и својот ближен.

❊

Таму каде што верниците се собираат *на едно место* околу својот Епископ за да го совршат евхаристиското (литургиското) собрание, таму се остварува и Телото Христово во сета своја полнота, односно таму се возглавува тајната на Божествениот Домострој и во потполност се реализира Царството Божјо. На тоа место и на тој начин се случува Тајната на Црквата.

⁂

Соборност, накратко, значи живот и подвиг со сите Свети и за сите Свети (без ограничувањата на времето и просторот), односно живот и подвиг со целата Црква и за целата Црква, непосредно, и живот и подвиг за сите луѓе, посредно (исто, без ограничувањата на времето и просторот). Тајната на соборноста е преточена и ни е откриена и во литургискиот возглас: „Спомнувајќи Ја Пресветата, Пречиста, Преблагословена, Славна Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија, самите себе, еден со друг и целиот наш живот на Христос Бог да го предадеме".

⁂

Собирањето на народот Божји на едно место е неопходно за постоењето на Црквата, но средиштето на тоа собрание може да биде само личноста Христова. Бидејќи Христос е Глава на Телото, на Црквата, и бидејќи таа Глава е во постојан однос и упатеност кон Бог Отецот, затоа и Епископот како икона Христова е претстојател на Светата Евхаристија, која се вознесува и принесува кон Бог, односно на Неговиот престол. Значи, Епископот благодатно, светотаински, го остварува тоа возглавување на Црквата онака како што го остварува тоа Христос; тој е икона Христова и се наоѓа на местото и во образот Христов.

„Саботата е создадена за човекот, а не човекот за саботата“ (Марко 2, 27). Тоа не значи ништо друго освен дека нема ништо посвето од човекот од сето она што можеме да го видиме, допреме, слушнеме, да го миризнеме или вкусиме во црковниот храм (надвор од Светата Евхаристија), или од сето она што можеме да го прочитаме во црковните правила на однесување и постапување. Сето тоа е создадено и дарувано за спасение на човекот, а не дека човекот е создаден за сето тоа. И сето тоа е само сенка или икона на патот до Вистината. И сето тоа е само педагошко средство преку кое човекот го воведуваме во сета Вистина, што не смее да се претвори во идол кому човекот треба да му служи и кој е поважен од човекот.

Не постои онтолошки дуализам меѓу Црквата и светот. Со воплотувањето Христово онтолошкиот дуализам е надминат. Постои само етички дуализам: меѓу *новиот* и *стариот човек*, меѓу светото (спасеното) и профаното (демонизираното). На *стариот човек* потребно му е исцеление. Но, во секоја терапија постои некој ред. Затоа, хиерархискиот ред и поставеност на нештата во Црквата вообличени од светите канони – во *периодот на Икона*, а кои за своја основа ја имаат Светата Литургија – се апсолутно потребни и непроменливи.

❊

Хиерархиската поставеност во Црквата е релативна, зависи од нивото на духовниот развој на луѓето. Каде што има љубов, нема потреба од хиерархија и власт. Каде што љубовта е оладена или пак со нешто разнишана, се појавува потреба од почитување на хиерархијата и власта за да се зачува поредокот и заедницата. Колку помалку љубов има и колку повеќе е разнишана заедницата, толку е поголема потребата од хиерархија и власт, иако послушанието и потчинувањето во тие услови е потешко. Од духовната зрелост на луѓето ќе зависи и начинот на одлучување, дали ќе биде поцентралистички или пособорен – подемократски.

❊

Хиерархиската поставеност во Црквата е слободно и смирено служење со саможртвена љубов, што слободно и смирено го прифаќаме, свесни за паднатоста и грешноста на нашата природа и за нејзините стремежи. Најниско ниво на кое што може да се најде човековиот дух од кое што може да ја испочитува хиерархиската поставеност е стравот Божји.

❊

Не постои хиерархиска поставеност во личносните односи на нивото на *обоженосӣ*, односно

нема да постои во Царството Небесно, во Есхатологијата, како што нема да има потреба ни од свештеници ни од нивната светотаинска, педагошка и организациска улога.

⁂

Во Црквата, неразделно ама и неслиено, разликуваме три степени во духовното растење: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение*. Благодатта Божја е основа на нашиот подвиг во процесот на *очистување*, *просветлување* и *обожение*. Овој процес, по личниот повик Божји до секој од нас, како што може да се забележи во делата на светите Отци и од нашиот личен опит, влегува во својот *природен* тек и се движи од најниската духовна состојба кон највисоката: „Никој од врзаните со телесни похоти не е достоен да Ти приоѓа [*чистење*] или да Ти се приближи [*просветлување*] или да Ти служи [*обожение*] Тебе, Цару на славата" (молитва на Светата Литургија, пред принесувањето на Светите Дарови).

⁂

Стариот Завет е *очистување*; Новиот е *просветлување*; Царството Небесно е *обожение*. Стариот Завет е само сенка; Новиот е икона; Царството Небесно е вистина. Стариот Завет е

педагог кон Новиот; а, Новиот е мистагог (тајноводач) кон Есхатонот, кон Царството Небесно. Секое наше запирање пред целта е опасност која води кон идолопоклонство.

⁜

Не смееме да живееме во тој старозаветен дух, на враќање на злото со зло; и не смееме, со нашиот погрешен однос, да правиме идоли од цркви, од икони, од свети места и предмети, како и од чинови, од позиции и од самите себе. Треба да го напуштаме полека Стариот Завет и да растеме духовно, да ја живееме полнотата на радоста и полнотата на слободата на Новиот Завет, на Царството Небесно присутно *сеїа и овде*, на тајната дека тоа уште не е дојдено и дека веќе е, на љубовта и молитвата за сите луѓе.

⁜

Човекот е и дел од Црквата како Тело Христово, но, според светите Отци, човекот и ја возглавува целата Црква. Сите живеат во секого, заради секого и со помош на секого, и секој живее во сите, заради сите и со помош на сите. Секој човек е Црква во мало. Таа тајна ја остварува благодатта на Светиот Дух Господ во Црквата. Богочовекот Христос се поистоветува и сострадува со секој еден човек на оваа планета, дури и

без разлика на неговата вера или друга различност. Затоа Христос вели: „Ако му направите нешто на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми направиле“ (види: Мат. 25, 40). И затоа нема ништо посвето од човекот.

⁜

Црквата како тело Христово со ништо и на никаков начин не може да се обесвети. Во Црквата како жив богочовечки организам човекот слободно, преку исполнување на заповедите Божји, може само духовно да расте, да се преобразува, да се *обожува*. Но, исто така, слободно – поради завист, љубомора, омраза, лажење, озборување, осудување, злорадост, и воопшто, поради нељубов кон ближниот – човекот може да отпадне од Црквата сѐ додека не се покае. Во секој случај, Црквата си останува Една Света, Соборна и Апостолска, во севкупната своја полнота.

⁜

Ништо *само Бог*, и ништо *само човек* во Црквата, туку сѐ во заедничка соработка меѓу Бог и човекот. Оваа Богочовечка синергија е и мера на спасителната теологија и пракса. Отклонувањето од оваа синергија, во пракса и теорија, во правец на *само Бог* или во правец на *само човек*, е причина за појавата на сите ереси досега, кои додуша и денес постојат, само под друг вид.

⁜

*Одењето во Црква* (популарно кажано) не е заради нешто, туку заради Некого. Затоа што секогаш кога во Црквата одиме заради нешто, а не заради Него, и секогаш кога во Црквата бараме нешто (па макар и спасение), а не Него – ние всушност градиме со Бог наемнички, а не слободен, љубовен и синовски (личносен) однос.

⁜

Согласно опитот на сите Свети, единствен темел на вистинскиот духовен живот е вистинската вера. Вистинската вера го соединува човекот со Бог. Учеството во вистинската вера во Црквата истовремено значи и учество во вистинска благодат. Благодатната содржина на догмите егзистенцијално се доживува само во Црквата. Догмата во Црквата е начин на живот и сведоштво на живот и секогаш има непосредно и одлучувачко влијание на човековото личносно постоење. Таа е неразделна од аскетско-исихастичкиот и свето-таинскиот живот на Црквата.

⁜

Православната вера не може да биде само тесно хоризонтална, односно национална идентификациска идеја, како што се пропагира меѓу некои номинално православни нации. Православната

вера нема тесно национална димензија. Идентификациската идеја на православното христијанство има пред сѐ хоризонтално универзална и вертикално есхатолошка димензија: „Нема веќе ни Јудејци ни Елини [Македонци или Албанци или Власи итн.], ни роб ни слободен; ни машки ни женски пол; зашто сите ние сме едно во Христос Исус“ (види: Гал. 3, 28). Оваа состојба е духовна и се достигнува преку соодветен процес на духовен развој.

❊

Учество во вистинската вера во Црквата истовремено значи и учество во вистинска благодат. Затоа вистинската вера го соединува човекот со Бог. Вистинската вера е и критериум за вистински духовен живот. Но, и вистинскиот, православен и подвижнички или аскетско-исихастички духовен живот во Црквата е единствен метод со кој што се стигнува до богопознание, до спознание на вистинската вера.

❊

Вистината на Црквата (вистинската вера) е пред сѐ несоздадена и обожителна благодат и Божји дар (харизма), Откровение Божјо, и е суштински неразделна од светотаинскиот (харизматичниот) живот на Црквата, неразделна е од

благодатта на Светите Тајни. Така што, таму каде што нема Вистина нема ни Свети Тајни; и обратно, таму каде што нема Свети Тајни, нема ни Вистина.

⁂

Спознанието на вистината, на лично ниво, во строго православна смисла, не е само интелектуално човечко достигнување, туку пред сè е Божји дар на *просветленост на умот* и *обожение на личноста*. Дар Божји, кој се добива после голем подвиг на *очистување на срцето од страстите*.

⁂

Научени опитно од светото предание, познавме дека вистината не е идеја, или теорија, или философија, или нешто друго слично, само човечко, создадено и променливо. Вистината пред сè е предвечна Божествена Личност. Отецот е Вистина, Синот е Вистина, Светиот Дух е Вистина.

⁂

Толку се важни аскетско-исихастичкото предание и подвиг, што без нив човечкиот живот во Црквата може да се претвори во формалност, па дури и во идолопоклонство.

⁂

Голем проблем на Православната Црква и денес е што мнозинството од православните се само формални, номинални христијани. Тажно е да дозволиме да се случи никогаш да не ја почувствуваме благодатта Божја во нашето срце активна, како да не сме крстени, наместо тоа чувство да го одредува целиот наш живот. Нема друго чувство на вистински живот, радост и исполнување за секој христијанин. Исихазмот е актуелизација на благодатта на Крштението во нашите срца. Ако тоа не го направиме, тогаш што правиме во Црквата Божја?

⁂

Како би Го сведочеле Богочовекот Христос доколку активираната благодат на Крштението не ги преобрази нашата мисла, нашето слово и целото наше битие, та постоењето и присуството наше да биде во сила Христова, надвремено и натпросторно.

⁂

Каде треба да ги бараме корените на исихастичкото предание на географски и историски план? Во Светињата на светињите, во срцето на Пресветата Дева Марија. Секое дрво по плодот

се познава. Само Таа Која ја има умносрдечната молитва совршено во Своето срце, само Таа може да биде наша најпрва и најголема учителка. Само Таа Која совршено се соедини со Бог преку умносрдечната молитва, можеше на надумен начин да Го роди нашиот Спасител Исус Христос, совршениот Бог и совршениот Човек – Богочовек. Преку Неа и секој Божји дар го добиваме, како и дарот на молитвата на срцето.

⁂

Оној момент кога некаде ќе се прекине преданието на исихазмот, односно, таму каде што не постои умносрдечна молитва а со тоа и *просветленост на умот*, таму сè ќе стане релативно – и догмите, и канoните, и духовниот живот, и сè. Знаци за тоа и сега има, насекаде околу нас: борба за власт во Црквата, административни расколи во Црквата итн. Така што, Господ нека нè чува.

⁂

Преданието на исихазмот е срж на православното предание. Се чува и се пренесува во личносниот однос духовен отец – духовно чедо внатре во Православната Црква. Треба да влеземе во послушание на духовен отец и да престанеме да ја храниме страста на нашиот ум – гордоста. Тоа е единствен начин да се *очисти* и *отвори*

нашето срце за умносрдечната молитва. Значи, преданието на исихазмот најсигурно се чува и се пренесува преку личен опит.

⁂

Духовниот отец е човек чие присуство е со манифестација на моќ не кон луѓето, туку кон паднатите ангели. Тој го познава патот на духовниот растеж и може по него да го води секого што сака духовно да расте. Словото на духовниот отец допира до длабочината на срцето на духовното чедо и однатре го преобразува: му носи светлина на верата, му носи љубов и сила за подвигот, му влева надеж во духовната борба и живот. Духовно го раѓа и го гради, преку взаемниот личносен однос, *новиот*, во Христос, човек. Оној кај кого ќе успее верата да му ја претвори во опит и во знаење, никогаш веќе нема да го загуби. Односот духовен отец – духовно чедо е Света Тајна на взаемно проникнување и растење во Христос.

*Сѐ што имаме е дар од Бог. Ова не се однесува само на благодатта на свештенството, ниту само на благодатта што секој православен христијанин ја добива во Црквата, туку се однесува и на благодатните дарови на постоење, живот и словесност, кои секој човек ги има. Со сите овие дарови, за кои ништо не сме придонеле да ги имаме, треба да се ставиме во служба на временото и вечното спасение на нашиот ближен.*

❊

Наследници сме и сведоци на едно бескрајно значајно и богато, материјално, културно и духовно христијанско, всушност, Христово предание. Наследник е едно, а сведок друго. Сведок е оној што е проникнат од тоа предание и сведок е оној што со својот живот и подвиг се вткал себеси во тоа предание. Сведок за нас во Црквата е оној што се восовршува во тоа што го наследил и автентично го предава наследеното. Сведок е оној што со преданието не наследува само нешто минато туку и нешто идно, нешто што *уште не е и веќе е*. Залогот и полнотата на Царството Небесно.

❊

Црквата има сила. Црквата е Тело Христово, сила која го преобразува овој свет. Но Христос дејствува само преку луѓето што свето живеат во Црквата. Тоа сведоштво *во сила* му е многу потребно на денешниот човек.

❊

Свештеникот ја возглавува Црквата, но само ако пред тоа ја собрал во своето срце. Постојат три степени на свештенички чин: ѓаконски, презвитерски и епископски. Овие три степени се соодветни на трите степени од духовниот развој: *чистење на срцето* (пракса), *просветлување на умот* (теорија) и *обожение* (теологија).

⁂

Само *очистеното срце* може да ги прими во себе сите, не исклучувајќи ги и непријателите. Само во него може да се соврши великата тајна на соборниот живот, на взаемното проникнување. Само во таквото срце може да потече молитвата за целиот свет, исполнета во она неизглаголиво: *Ава Оче!* Само на олтарот од отвореното срце умот може невидливо да свештенотвори за живот (спасение) на светот. Ова е аскетско-исихастичката и внатрешна димензија на Тајната на Свештенството. Без оваа димензија се губи персонално-сотириолошкиот карактер на Свештенството како Света Тајна.

⁂

Внатрешното свештенство е она што има сила да привлече и што останува вечно. Го нема ли тоа Епископот, ништо нема. Го има ли тоа и најништожниот, сè има. Внатрешното или царско свештенство е силата што ги привлекува и луѓето и ангелите, и оние што прават добро и оние што прават зло; и никој не може да остане рамнодушен кон него: „Станавме глетка на светот – на ангелите и на луѓето“ (1. Кор. 4, 9). Тоа е сила што привлекува без притоа да ја наруши нашата слобода. Нормално, лесно е да те привлече оној што постојано те чува и заштитува во своето срце и во својот ум, оној што содржината на твојот живот ја направил содржина на својот.

⁂

Светите Отци велат дека теологијата е наука што произлегува пред сѐ од живиот опит на Бог во срцето и од живиот опит на Бог во личноста на секој наш ближен, а не од читање книги и од собирање теолошки информации, кои набрзо потоа исчезнуваат без трага или ни служат само за хранење на суетата. Не со стекнување на безвредни титули или чинови, туку со големо себеодрекување. Пролеј крв, при чистењето на своето срце од страстите и при служењето на ближните, па прими Дух – велат нашите Отци.

⁂

Ако не ги восогласиме состојбите, лични и црковни, со учењето на светите Отци, не можеме ни да очекуваме некакви подобри резултати во нашето пастирско, односно лидерско работење. Наместо да бидат оска околу која луѓето и народите ќе се обединуваат, епископите на Православната Црква и понатаму првенствено ќе се занимаваат со славољубие (со борба за власт и човечка слава, со политика и со етнофилетизам, или лажен патриотизам); наместо да бидат извор на утеха и на исцеление, презвитерите и понатаму првенствено ќе се занимаваат со среброљубие (со борба за пари и имот); а луѓето, оставени самите на себе, и понатаму ќе се занимаваат, едните (номиналните христијани), со задоволување на своите

страсти, а другите (неправилно духовно раководените) со озборување, со лажење, со судење и со осудување – на првите, на вторите и меѓусебно...

⁂

Лидерството во Православната Црква е во слава Божја, а не за своја слава и интерес. Тоа е антиномично лидерство – водиш не со тоа што другите ти служат, туку со тоа што на другите им служиш – со пример. Тоа е лидерство на лично и моќно сведоштво на Христос, кое никого не остава рамнодушен. Тоа е лидерство што не зависи само од лидерот туку и од неговите следбеници, од нивната посветеност; тоа има соборна, црковна димензија. Односот лидер – следбеник не е еднаш за секогаш воспоставен и непроменлив, идолопоклонички однос, тоа е однос кој треба да подигне нови лидери. Неговата цел е есхатолошка, Царството Божјо. Секое друго вистинско лидерство произлегува и се заснова на ова, односно на Христовото лидерство.

⁂

Во духовниот живот, духовните следбеници не се мотивираат со минливи, туку со неминливи вредности. Духовните луѓе ги мотивира само присуство, дела и слово во сила, односно живо сведоштво. Тоа им носи и доказ и надеж дека тоа

што е ветено е достапно и остварливо. А ветувањето е Христос и Неговото Царство.

Откровението на есхатолошките димензии на нашето христијанско постоење во основа е дар на ОТВОРЕНОСТ НА СРЦЕТО и пројавување на благодатта на Крштението внатре во него. Тоа е дар со разновидни пројави. Тоа е такво чувство и таков дар, што со човечки зборови е тешко да се објасни.

Тоа е дар на отфрлање на покривалото од умот и срцето. Тоа е дар на пребивање од онаа страна на ЗАВЕСАТА. Тоа е дар на умносрдечната молитва. Тоа е дар на просветлување. Тоа е дар со кој човекот живее, со кој што ги поминува и ги урива демонските стапици. Тоа е дар со кој духовниот отец ги раководи своите духовни чеда. Тоа е дар кој им овозможува на духовните чеда безбедно да растат во срцето на својот духовен отец. Тоа е дар кој што духовниот отец го пренесува на своето духовно чедо. Тоа е дар на присуство во сила. Тоа е дар на слово во сила. Тоа е дар на теологија. Тоа е дар на љубов кон непријателите. Тоа е дар на власт не над луѓето, туку над паднатите ангели.

Но, тоа е и попатнина за вечен живот.

❊

Откријте ја убавината на животот духовен, оти и нема друг вистински живот. Вложувајќи во духовниот живот, од една страна, вложуваме во нашата иднина (и така сè најпрвин се случува на духовен план, а потоа во реалниот живот) – иднина времена и вечна, а од друга страна, ја правиме вечноста присутна во нашиот секојдневен живот, го живееме Царството Божјо *овде и сега*.

❊

Главната цел на православниот духовен живот е Богочовекот Христос – љубовната и слободна заедница со Него. Односно, наша главна цел, а затоа и наш основен проблем во овој живот, се боговидението и богопознанието, но и световидението и светопознанието; односно, човековидението и човекопознанието, а со тоа и себевидението и себепознанието. Сето тоа пак не бива без слободен подвиг на љубов, прво аскетска а потоа и благодатна.

❊

Неслиеното и неразделно соединување на Божјата и човечката природа и општењето на нивните својства во едната Ипостас Христова е основа и извор на *обожението на човекот*, т.е. основа и извор на аскетско-исихастичкиот подвиг.

⁜

Согласно преданието на светите Отци, *обожението* – живо во Православната Црква, на кое е повикан секој човек што доаѓа на свет – е крајна цел на христијанскиот духовен живот. *Обожението* е и крајна цел на сѐ создадено. Но човекот, создаден според образ Божји и повикан кон подобие, има посебен, само нему својствен начин на кој учествува во Бог, различно од сите останати битија. Човекот со Бог општи свесно и слободно, односно лично. Токму тоа свесно и слободно, лично човеково учество во божествениот живот се нарекува *обожение*.

⁜

Во основата на аскетско-исихастичкиот подвиг цврсто лежи љубовта кон Бог и љубовта кон секој човек, не исклучувајќи го дури и непријателот. Богочовекот Исус Христос рече: „Доколку сте го направиле тоа на еден од овие Мои најмали браќа, Мене сте Ми го направиле" (Мат. 25, 40).

⁜

Љубовта кон секој човек, вклучувајќи го тука и непријателот, е подвиг без кој не можеме духовно да растеме. Во овој живот никого не можеме апсолутно да го напуштиме или да го отфрлиме, ако сме Христови.

⁂

Љубовта е секогаш слободна, а слободата е секогаш љубовна. Одземете ѝ ја слободата на љубовта и одземете ѝ ја љубовноста на слободата, и од нив нема да остане ништо. Затоа, деца, љубете и не барајте да ви возвратат со љубов. Бидете слободни и љубовни. Барањето да ви возвратат со љубов веќе ја ограничува вашата љубов, и таа паѓа. Барањето да ви возвратат со љубов не е љубов, и вие не сте слободни, туку сте робови на своето самољубие. Љубовта што не бара е слободна љубов, таа е неограничена и не зависи од ништо. Љубовта што не бара е вечна, таа нема крај, таа никогаш не завршува. Тоа е божествена љубов. Слободната љубов на крајот и ќе победи, зашто ќе му остави доволно простор и време на љубениот слободно да ѝ одговори со љубов.

⁂

Бог нѐ создаде, ни од што претходно постоечко, според Својот образ и подобие, како Богољубиви и како човекољубиви, а не како самољубиви.

⁂

Секој напад на нас од страна на друг човек треба да го доживееме како едно егзистенцијално прашање – ме љубиш ли? Зошто егзистенцијално?

Затоа што од одговорот на тоа прашање зависи и нашето спасение и спасението на нашиот ближен (или непријател – исто е). Нашиот одговор на непријателството без причина е најсигурниот показател што најточно ни ја покажува нашата духовна состојба.

❉

Основно нешто што во православниот духовен живот е неопходно да се почитува е начелото: Грешникот го љубиме, а гревот го мразиме. Тоа ни го посведочи Христос на Крстот, велејќи: „Оче, прости им, не знаат што прават“ (Лука 23, 34).

❉

Како го гледаат и го доживуваат секое едно искушение оние што се трудат да водат духовен живот? За нив искушението секогаш е можност да го проверат квалитетот на својот духовен живот. Ако љубовта кон сите луѓе, без оглед на нивниот однос кон нас, е врвен идеал на христијанската духовност, тогаш искушението е секогаш можност да провериме колку и дали го љубиме и оној што нè повредува. Ако го љубиме и оној што нè повредува, тогаш љубениот не може да биде во нашите очи виновен за она што се случило, туку ние. Ако, пак, самите себе се правдаме, а другите ги обвинуваме, ние не сме на патот на идеалната љубов.

⁂

Духовниот човек при секое искушение од страна на луѓето (односно неволно страдание) најнапред се свртува кон своето срце. Согледувајќи ја неговата внатрешна состојба, тој се труди да го ослободи срцето од робувањето на страстите, од суетата, од недостигот на љубов, обвинувајќи се притоа самиот себеси за сè. Само на тој начин повторно тргнува по патот што води кон срцето. Оној што не знае духовно да расте, за својот пад ги обвинува, ги напаѓа и ги осудува другите, се оправдува самиот себеси и скршнува од патот што води кон срцето.

⁂

Кога велиме *страсти на срцето*, според една аскетска терминологија, мислиме на срцето како духовен центар на нашето битие во кој се гнездат страсти, кои оделотворени нè прават заробеници на смртта и гревот. Повеќе пати остварена на дело, страста создава навика кај човекот, така што станува нешто како негова втора природа.

⁂

Отците, покрај тоа што ја одредиле поделбата на степените од духовниот раст како *очистување*, *просветлување* и *обожение*, ја одредиле и како противприроден, природен и натприроден начин

на живот. Со терминот *противприроден начин на живот* токму тоа сакаат да го кажат, дека е тоа состојба во која наместо да ги исцелуваме и преобразуваме нашите страсти во добродетели, ние ги задоволуваме и постојано ги потхрануваме.

⁂

Проблемот на *очистувањето на срцето* е еден од основните проблеми во христијанскиот живот. Најдобро е кога срцето се чисти со наш волев, аскетски, духовен подвиг во послушание. Но тоа се чисти и преку трпење навреди, понижувања, озборувања и неволји, духовни и телесни, кои се соодветни средства за чистење на нашиот горд и суетен род. Преживувањето на овие неволни страдања е и најдобар начин да се провери духовната состојба, односно чистотата на нашите срца.

⁂

Никогаш не можеме толку совршено да се подвизуваме колку што тоа може да ни го *намести* Божјата волја. Затоа секоја лоша вест за нас или лошо случување, или болест, или неуспех и слично треба да ги примаме како дар Божји и најсрдечно и со доверба да Му благодариме на Бог. Тоа не значи дека треба да бидеме пасивни во нашиот духовен живот – напротив, но резултатот од нашиот труд треба смирено да го

примаме. Тоа Отците го нарекуваат неволен подвиг, во смисла дека се случува без учество на нашата волја, односно дека ние не сме сакале тоа да се случи, но сепак со благодарност го примаме кога веќе се случило.

⁂

Човекот престанува да биде вистински човек ако го промаши своето сопствено предназначение, односно личната заедница со Бог и непрестајното растење и восовршување во неа.

*Би сакал да ги нагласам: од една страна, теоретската едноставност на христијанскиот подвиг и живот, онака како што е запишан во Светото Евангелие; а од друга страна, – потребата од реален и личен практичен напор во остварувањето на евангелските заповеди Христови. Зашто, што има поедноставно од оваа заповед: „Како што сакате да постапуваат луѓето со вас, така постапувајте и вие со нив“? Зар сакате некој да ви направи нешто лошо? Тогаш немојте ни вие да правите никому ништо лошо. Што има теоретски поедноставно од ова? Секако, во практиката треба да вложиме голем напор да ги исконтролираме своите мисли, зборови и дела; но, постепено и со помош на Божјата благодат ќе успееме. Никој не станал одеднаш светител, преподобен, туку со континуиран и долгогодишен напор во внимание над самиот себе при исполнувањето на заповедта за љубов кон своите ближни.*

⁜

Убаво е да знаеме како правилно да се подвизуваме во духовниот живот. Подвигот да се одвива во познание. Духовниот раст и преобразувањето да бидат во познание, послушание во познание, молитва во познание, дела во познание, како што велат светите Отци. Секогаш да бидеме свесни каде сме. Да знаеме кон што се стремиме и во која насока секој миг се движиме. Имајќи Го Христос како критериум.

⁜

Што значи тоа Христос да ни е критериум во духовниот живот? Тоа се случува секогаш кога при секое искушение ние не испитуваме кој колку и зошто ни згрешил, туку дали нашите мисли, чувства и молитва во тој момент се подобни на Христовите додека бил на Крстот, или не се.

⁜

Самопознанието е постојана свест за нашата падната и болна состојба. Тоа произлегува од нашиот конкретен, реален личен подвиг – да Го возљубиме Бог, Отецот и Синот и Светиот Дух, со сета своја душа, со сето свое срце и со сите свои сили; и нашиот ближен, како себеси. Самопознанието е предуслов на познанието и на

покајанието. На простувањето и на себеосудувањето. И на плачот. Самопознанието е сознание дека Он, ни од што претходно постоечко, во битие нè приведе, според Неговиот образ и подобие.

❉

Автентичното познание (знаење) на Бог произлегува од опитот на Бог во нашето срце.

❉

Незнаењето Отците го оцениле како најголемо зло. Се чудев некогаш, кога првпат се сретнав со ова тврдење, зошто е тоа така. Потоа сфатив дека знаењето во православниот духовен живот произлегува единствено од опит, а не од читање книги. А најмногу се изненадив кога сфатив дека со губењето на духовниот опит се повлекува и духовното знаење. Замислете, мислите дека имате опит од духовниот подвиг, мислите и дека имате знаење за тој конкретен подвиг и мислите дека тоа знаење е вечна придобивка, но во периодот кога се напушта духовниот подвиг, не само што знаењето во голема мера ќе се изгуби туку и сеќавањето на сето тоа заедно. И тогаш се сфаќа опитно дека Божјата благодат, односно личниот однос и личната заедница со Бог – Отецот и Синот и Светиот Дух, ни е сè.

⁂

Знаењето во Црквата не е ментална категорија. Знаењето е благодат! Тоа е дар на Светиот Дух, по молитвите на духовниот отец. Знаењето го стекнуваме, ни се дава исклучиво опитно, преку благодатното искуство во подвигот на послушанието во кој најпрво се прочистува енергијата на умот, а потоа тој се просветлува и обожува до самата своја суштина.

⁂

Неопходно е секој христијанин, со помош на својот духовен отец, да ја освести и да ја спознае паднатата и болна состојба на природата што ја наследил. Притоа, човек не само што треба да освести и да знае дека е грешен и болен туку и од каква болест боледува, како и до кој степен е развиена таа болест, за да може да го прими вистинскиот лек, соодветен на неговата болест и грешност.

⁂

Самите себеси можеме да се спознаеме само преку подвигот во исполнување на Божјите заповеди, под надзор на духовниот отец; после многуте претрпени и порази и победи. Подобро е да се спознаеме самите себе и својата болест

преку подвиг, отколку преку сторените гревови. Ова е конкретен начин на запознавање со самите себе, со своето несовршенство, а не само теоретски, како оној кој почетно може да произлезе од верата во претпоставеното совршенство Божјо.

⁂

Освестувањето на *заробеноста на срцето од страстите* и желбата да го очистиме од нив е личен почеток на духовниот живот. На овој почеток срцето е сè уште заробено од страстите, затворено е за молитвата и вистинска пречка е за соединување на енергијата со суштината на умот. Срцето не е *отворено*, умот не е *просветлен*, а човекот, во поголема мера, е душевен и телесен. Таквиот човек е способен да остварува само душевни и телесни врски. Таквиот човек треба да се стреми кон професионален или војнички однос, а не кон емотивен однос со својот духовен отец. Затоа, духовното чедо на почетокот треба да се приврзе кон зборот (словото) на духовниот отец, а не кон самиот него.

⁂

Знајте го, деца, и ова: односот кон духовниот отец поминува низ три нивоа: *ерос* – однос кој е повеќе душевен и телесен отколку духовен; *пријателство* – однос кој е повеќе духовен, а помалку телесен, душевен; и *љубов*. И едно

е ова да го сфатите само со разумот, а друго е да ви го открие благодатта Божја. Повикувајте се на молитвите од вашиот духовен отец да ви се случи второто.

❊

Вистинското гледање на несоздадената божествена светлина му е потребно на духовниот отец за да ги води правилно своите духовни чеда. Но, од друга страна, опитот покажува дека напредокот во духовниот живот сепак во најголема мера зависи од слободната волја на духовното чедо. Од вас зависи дали ќе се трудите во молитвениот подвиг малку, постојано или воопшто не. Духовниот отец со своето слово *во сила* и со својот светол пример ви дава сила, надеж и светлина во вашите срца; уште повеќе, тој и ве негува во своето срце, но не може да влезе во вас и наместо вас да одлучува и наместо вас да се подвизува.

❊

Вистинскиот духовен и љубовен однос со духовниот отец се раѓа и развива постепено и бавно единствено преку континуирано и трпеливо послушание, кога веќе заради Бог и во име на Бог и заради вистинската слобода од гревот, смртта и демонот, духовните чеда привремено се одрекле од својот огревовен слободен избор.

⁂

Духовниот отец со многу страдања и жртви своето духовно чедо го раѓа за *нов живот*. При нивното општење се раѓа благодатен личен однос, што ќе продолжи во Царството Небесно. Личносниот однос е автентично сведоштво на Небесното Царство – во овој свет и век. Духовниот отец (или Старец) живее во срцето на неговото духовно чедо и, обратно, обајцата живеат за спасението на другиот. Во тој меѓусебен однос растат како личности, заедно со соборниот раст на целата Црква.

⁂

Основниот проблем што се поставува пред духовното чедо во периодот на *очистување на срцето од страстите* не е во тоа дали духовниот отец некаде греши, туку во тоа дали духовното чедо го љуби својот духовен отец. Таман работа ако преданието на духовниот живот зависеше само од светоста на духовниот отец – Апокалипсата ќе беше историски мината. Ако духовниот отец е свет, тоа е многу добро; но подвигот е секогаш личен.

⁂

Отците најчесто го посочуваат немањето волја како клучен фактор за начинот на живот без

конкретен и континуиран подвиг *овде и сеīа*. Јас би го предочил уште само тоа дека и отсуството на духовно знаење заради непостоење на континуиран опит многу придонесува за таквата колеблива и лабава духовна состојба на луѓето. Оној што има знаење произлезено од континуиран и долготраен духовен подвиг и опит не може да се најде во состојба на недоумица и колебање по прашањата на верата и духовниот живот.

❊

Само на *ӣросвеӣлен ум* му се открива тајната на расудувањето. Претпоставката пак за тоа е *оӣворањеӣо* на доволно *очисӣеноӣо срце* – пројавувањето на божествената благодат и молитвеното симнување на умот во него. За умот молитвено да слезе во срцето, потребни се повеќе години аскетско-исихастички подвиг.

❊

По кратко време од почетокот на нашиот аскетско-исихастички подвиг (волно страдание), сите ние достигнуваме до едно релативно *очисӣување* и *ӣросвеӣлување* на енергијата на нашиот ум. Отците ова го нарекле и прво гледање на несоздадената божествена светлина, но само ако првото прогледување се употреби за согледување на сопствените гревови, нечистотија и

грешност. Така се тргнува по патот што води кон срцето.

⁂

Само во *очистеното срце* може да потече молитвата за целиот свет, исполнета во она неизглаголиво *Ава Оче!*

⁂

Несоздадената благодат на Крштението што извира од *чистото срце*, го преобразува целото битие на оној што живее во покајание и го вообличува ликот Христов во него.

⁂

„Исус ѝ одговори и ѝ рече: ‚...а кој пие од водата што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни'" (види: Јован 4, 10; 13-14). Водата што Богочовекот Христос ни ја дава, и која имајќи ја, никогаш нема да ожедниме, е благодатта на Светиот Дух во нашето срце. Оваа благодат во нас може да стане и извор на благодат која нѐ води во живот вечен доколку го очистиме и го отвориме нашето срце. Нашето срце е местото од кое извира благодатта, изворот. *Отворот на местото* најнапред треба доволно да се очисти од нечистотијата на страстите, од наслагите на

гревот и од присуството на демонот, за да протече благодатта. Потекувањето на благодатта, односно добивањето и пронаоѓањето на „вода жива“, пројавено како умносрдечна молитва, е дар Божји – „водата што ќе му ја дадам Јас“.

⁂

Благодатта на Светиот Дух Господ од часот на нашето Крштение се наоѓа внатре во нашето срце. Но, не е доволно само да сме крстени во Црквата за да Му се поклонуваме на Бог во Дух и во вистина, туку неопходно е и да ја активираме и актуелизираме благодатта на светото Крштение. Кој сака да дознае што значи ова, односно кој сака да го открие изворот на *вода жива* која тече во живот вечен, нека влезе во апсолутно или целосрдечно послушание на Христовите заповеди, односно на Црквата, односно на светото Предание, односно на својот духовен отец. Тоа за нас, и ништо друго, значат зборовите: „Јас имам храна за јадење што вие не ја знаете... Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме пратил и да го извршувам Неговото дело“ (Јован 4, 32; 34).

⁂

Личното активирање и усвојување на благодатта Божја Господ го нарекува *раѓање одозгора*, а не само Крштението.

❊

Како што крвта е потребна за животот на телото, така и благодатта Божја е потребна за вистинскиот живот на душата. И како што телото умира ако крвта истече, така и душата се умртвува ако благодатта Божја отстапи од неа.

❊

Зборот Божји е живот според заповедите Божји. Зборот Божји е благодатта на Светиот Дух, која му дава вистински живот на човекот. Материјалниот леб е потребен за секојдневниот наш земен живот, но без благодатта Божја ние сме духовно мртви и несреќни, и времено и вечно. Оваа вистина им ја открива Господ на Своите ученици кога вели: „Јас имам храна за јадење што вие не ја знаете“ (Јован 4, 32).

❊

Благодатта е основа и извор на сите добродетели. Благодатта од нашите срца се пројавува како неосудување, простување и љубов.

❊

Кога некој простува, кога не осудува, или кога некој има љубов таква каква што покажа жената блудница во Евангелието или како што гледаме во

житието на свети Андреј Јуродив, тоа е само сведоштво дека во него пребива благодатта Божја. Не може христијанин, во кој пребива Божјата благодат, да лаже и да краде, да не простува и да мрази, да озборува и да осудува или да не се смирува пред она што Светиот Дух го вели и го прави преку светите Отци на Црквата. Тоа се сè дела на оние од кои отстапила благодатта и кои се под влијание – знаеме чие.

⁂

Присуството на благодатта во нечие срце е показател дека тој човек е возљубен од Бог и дека тој самиот Го љуби Бог и своите ближни; дека на тој човек му е простено од Бог и дека тој самиот им простува на сите што му грешат; и, дека тој човек не е осуден од Бог и дека тој самиот не осудува никого освен самиот себеси за сето зло што му се случува и нему и на целиот свет.

⁂

Секој што од гордост и човечка слава се воздига самиот себеси и следствено го осудува својот ближен, во истиот момент се унижува, предизвикувајќи отсуство на божествената благодат во себе. А секој што заради заедница со Бог се понизува и осудува самиот себе и следствено го оправдува својот ближен, ја привлекува Божјата несоздадена благодат и во истиот момент бива воздигнат од Бог.

❊

Оној што им простува на сите што му згрешиле, па дури и на своите најцрни непријатели, има Божја благодат во себе; а оној што нема да му прости и само на еден човек, па бил тоа и најцрниот непријател, има демон во себе. Простувањето е сведоштво за присуството на благодатта Божја, а непростувањето е сведоштво за заробеноста од демонот. Речиси истото важи и за барањето прошка.

❊

Реално простување се случува кога се молиме за оној што нè повредил, или (што најчесто е така, поради високото мислење за самите себе) мислиме дека нè повредил; кога не го озборуваме, судиме и осудуваме тој што нè повредил; и кога на дело му помагаме, му чиниме добро и на секој начин гледаме како да се простиме и смириме со оној што нè повредил. Ова е задача на сите оние што се подвизуваат во послушание, на степенот на чистење на своето срце од страстите. Нивниот подвиг е сè уште аскетски затоа што со разумот и со верата сфаќаат дека треба да простуваат и се принудуваат себеси да простуваат, иако тоа во тој момент не го чувствуваат. Исто така, аскетски, бараат и прошка.

❉

Исповедањето на вистинска вера е плод на благодатта. Исповедањето на вистинска вера има и свој теориски – догматски и свој практичен – подвижнички дел. Неопходно е да веруваме и да исповедаме вистинска, православна вера и неопходно е да живееме согласно правилото на верата – начинот на својот живот и подвиг да го восогласиме со нивото на нашата духовна возраст.

❉

Во практичниот, подвижничкиот дел спаѓа и вистинската вера, во смисла на доверба во Бог. Бог најпрвин ја потврди Својата доверба во нас со тоа што ни ја дарува Својата љубов; ни дарува постоење, живот и словесност; ни го дарува целиот Свој Домострој на нашето спасение и Самиот Себе; ни ја дарува православната вера; ни ја дарува Православната Црква; ни го дарува покајанието и, можам да кажам, бесконечното простување на гревовите. Бог прв нас нè возљуби... (види: 1. Јов. 4, 10). На нас е редот.

*Господ Христос ни го покажува и патот по кој треба да одиме за да се ослободиме од заробеноста од прекумерната грижа за световното: „Но барајте ги најнапред Царството на Бог и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придаде“. Знаете добро, деца, што значи да се тргне по овој пат, да се бара најнапред Царството на Бог. Тоа е подвиг за севкупна промена на нашиот живот, сето она што досега сме го правеле наопаку, сега да го исправиме. Или, да се пошегувам, затоа што сме се одомаќиниле во својата паднатa состојба, сето она што досега сме мислеле дека во животот го правиме исправно, сега да го испревртиме наопаку. Тоа е бунт. Тоа е радикално оттргнување од земното и стремеж кон небесното. Тоа е подвиг на преумување, покајание. Тоа е tour de force на восогласувањето на нашиот живот и подвиг со нивото на духовниот развој на кое се наоѓаме. Тоа е ставање на нашиот ум преку послушанието во процес на исцеление, на што сè и се сведува.*

⁂

Степенот на духовен развој може да се одреди единствено по квалитетот на молитвата. На првиот степен, што се нарекува *очистување*, молитвата е само умствена и усна, односно монахот или подвижникот може да ја изговара со устата и може да ја следи со својот ум. На вториот степен, кој се нарекува *просветлување*, умот веќе се наоѓа внатре во срцето и таму ја следи молитвата што се изговара со внатрешното слово. Разликата меѓу вториот и третиот степен е во тоа што на вториот степен подвижникот со напорот на својата волја го држи умот собран во срцето, а на третиот тоа го прави самата Божја енергија или благодат, која непрестајно го задржува умот молитвено во срцето. Молитвата тече во срцето на подвижникот и кога тој спие и кога зборува или што било работи или мисли.

⁂

Вистинското сведоштво на Христос е неразделно од правилниот начин на подвиг, соодветен на секој од степените на духовен развој. Не може да стане збор за духовен живот, во вистинска смисла на зборот, без дарот на молитвата во срцето. Можеме да зборуваме за етика, за bon ton, но не и за православен духовен живот. За тоа, во потенцијал, можеме да зборуваме и на првиот степен од духовниот развој, но само ако го восогласиме

начинот на нашиот живот со степенот на *очистување на срцето од страстите*.

❊

На првиот степен од духовниот развој, правилниот подвиг, според нашите Отци, се состои во: непоистоветување со помислите, желбите и чувствата и нивна редовна проверка со духовниот отец; второ: правилна исповед, во која главно ги откриваме реакциите на нашето срце при падот во искушението и не обвинуваме никој друг освен самите себе; трето: континуиран аскетско-исихастички подвиг (пост, метании, редовно присуство со стоење на богослужбите, бдение, молитвен подвиг итн.) до моментот на откривање на *местото на срцето*.

❊

Како да се однесува, на пример, оној што треба своите помисли, желби и чувства да ги провери со својот духовен отец и треба правилно да се исповеда, поточно, да се исповеда без и најмалку да обвини некој друг за настанатиот грев или за настанатото искушение? Односно, како треба да се однесува оној чиј што ум и срце се сè уште заробени од страстите и затоа го нема дарот на умносрдечна молитва и просветленост? Нели таквиот треба да се смирува, да послушува, да прашува, да се проверува, да се советува, повеќе

да молчи и да слуша, да се подучува, самиот себеси да се обвинува, да се подвизува..? Сите овие пројави се пројави на вистинско сведоштво и исповедање на Богочовекот Христос.

⁂

Само и единствено восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, во вистинска смисла на зборот значи аскетско-исихастички начин на живот, што овозможува постојано благодатно продолжување на Христовиот живот во секој еден од нас до крајот на овој свет и век.

⁂

И уште еднаш: само и единствено восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, во вистинска смисла на зборот значи православен духовен живот. Сѐ друго може да биде некаков вид живот – без оглед на тоа колку свој а колку туѓ живот живееме; сѐ друго може да биде некаков вид духовност – без оглед на тоа за колку духови се работи; но, само и единствено восогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме го има квалитетот на православност – *йравилно* славење на Бог, и во теорија и во пракса.

⁂

Христовите зборови „Јас сум вратата“ имаат две значења. Едното значење, онтолошкото или суштинското или битијното е дека треба најпрво да се соединиме со Бог, односно да се крстиме и облечеме во Христос, да учествуваме во смртта и Воскресението Христово, да го примиме дарот на Светиот Дух, да се причестиме со Телото и Крвта Христови, да станеме Тело Христово, да станеме нова твар. А второто значење на зборот *врата* е дека во духовниот живот постои духовен закон и духовен ред, и дека сите треба да го освестиме степенот на духовен развој на кој се наоѓаме и да го восогласиме начинот на нашиот живот и подвиг согласно степенот на кој се наоѓаме. Само на тој начин можеме да влеземе низ *вратата*, правилно духовно да растеме и да Го сведочиме Христос, без разлика на кој од степените се наоѓаме.

⁂

Постои посебна *врата* за влез на секој од степените на духовниот развој. За влез на првиот степен, *вратата* е верата и Крштението (со кое се подразбира и причестувањето со Светите Тајни на Телото и Крвта Христови). За влез на вториот степен, *вратата* е послушанието и отворањето на срцето. А за влез на третиот степен, *вратата* е повеќечасовната молитва во срцето и љубовта кон непријателите.

❊

На степенот на *очистување на срцето* се трудиме умот да го прикоземе на крстот од зборовите на молитвата и да не му даваме да скита и да се расејува привлечен од светот и нашите страсти. Овој подвиг бара голем напор и ова е распнување, или Велик Петок за умот. Од Своето Крштение па до Своето Погребение, Христос ни го покажува степенот на *просветлување на умот*. Ни покажува многу јасно и силно дека ако сакаме правилно и без пречки да го поминеме и надминеме овој степен, не ќе можеме на друг начин освен, главно, преку многустрадалната љубов кон непријателите и преку секојдневно повеќечасовно погребување на нашиот ум во длабочините на нашето срце. Од Своето Воскресение па сè до Своето Вознесение, ни го покажува степенот на *обожение* на нашата личност, и на душата и на телото. И што уште ни покажува? Не знам, ќе видиме...

❊

Бидејќи на првиот степен од нашиот духовен развој ние сме сè уште и најмногу заробени од страста славољубие, треба со сигурност да знаеме дека умот се насладува со мисли, желби, надежи, планови и фантазии што се храна за нашето самољубие. Се насладува со мисли што ја хранат нашата суета и високото мислење за

самите себе, како и со озборување, судење и осудување на сите оние кои се „пониску“ од нас и кои ги загрозуваат нашата „власт и слава“. И сето тоа, според Господовите зборови, излегува од нашето срце и го валка. А не дека нѐ валка, како што некои мислат, она што ќе го внесеме преку устата.

⁂

Должност на сите нас што се наоѓаме на првиот степен, на степенот на *очистување на срцето*, е со аскетски напор да го принудуваме нашиот ум да се заклучува во зборовите на молитвата „Господи Исусе Христе, помилуј нѐ“, и Богочовекот Исус Христос да биде единствената наша наслада. Немаме многу избор: или нашиот ум расеан по светот ќе се насладува со неговата лажна слава, или собран во Бог ќе се насладува со Оној Кој единствено го љуби и го исполнува човекот, нашиот Господ Исус Христос.

⁂

Каков квалитет на молитва би требало да имаме согласно првиот степен на својот духовен развој? Тоа е молитвена состојба на умот кога во дух на покајание, поради својата оддалеченост и неподобност со Христос, потпомогнати од својата волја и желба го собираме својот ум во

зборовите на молитвата „Господи Исусе Христе, помилуј ме (нѐ)". Молитвата можеме да ја кажуваме на глас или во себе – со внатрешното слово, но не и да ја следиме однатре од срцето.

⁂

Согласно редовниот аскетски поредок, на обожителната божествена благодат ѝ претходи просветлувачката, а на неа – очистителната благодат. Како што се качуваме по скалилото на духовниот развој, така присуството, односно проjавата на благодатта во нас станува поконстантна и поинтензивна, а нејзините осцилации се поретки и сѐ помали. На првиот степен од нашиот духовен развој, *чистење на срцето од страстите*, ние сме во постојана борба да го сопреме тоа истекување и губење на благодатта од нас. На првиот степен нашиот духовен живот е непостојан и често се случува духовно да паѓаме и да стануваме, но во тој процес ние учиме и како да ја задржиме благодатта во нас.

⁂

За нас не е проблем догматскиот дел – тој може да се прочита и напамет да се научи. Вистински проблем е како со начинот на животот да ја *задржиме* благодатта!? Како да ги избегнеме големите осцилации во нашето секојдневно падни-стани!? И како да обезбедиме барем минимален

континуитет во нашето духовно растење!? И тоа може да се прочита, но само во пракса на конкретно и целосрдечно послушание може да се оствари.

⁂

Не е точно дека Бог со Својата благодат и на првиот степен не му помага на човекот, зашто ние без Него ништо не можеме да направиме, но таа помош е некако скриена токму за да се пројави слободната определба на човекот за доброто, за Бог. Бог сака да нè научи да ги исполнуваме Неговите заповеди од љубов кон Него, како деца Божји, а не како робови – од страв, или како наемници – за награда.

⁂

Духовниот развој ни е овозможен само во моментите кога Божјата благодат останува скриена, а ние продолжуваме да се трудиме во исполнувањето на добродетелите. Секогаш кога паѓаме и не успеваме да ја исполниме добродетелта, во тие моменти на криење на благодатта, ние не сме го поминале испитот и повторно ќе треба да го полагаме сè додека не успееме. Тоа е еден вид на постојано вежбање во добро. И самиот старогрчки збор *аскеза* во суштина значи вежбање. Светите Отци велат дека во моменти кога

благодатта се крие, треба да постапуваме, иако тоа воопшто не го чувствуваме така, како да е таа присутна. Само тогаш растеме.

⁂

Подвигот на степенот на *чистење на срцето од страстите* изгледа многу тежок, а некојпат дури и безнадежен. Треба да се вложи многу напор и труд во моменти кога ни се чини дека нема помош од никаде. Треба да ги исполнуваме заповедите Божји, добродетелите, и кога за тоа воопшто немаме желба и волја и кога не го чувствуваме тоа како потреба во нас. Присилувањето на самите себе е клучниот момент поради што подвигот се нарекува аскетски. На човек му останува само да се присили себеси во творење добро, а врз основа на одлука на сопствениот ум, потпрена на некои непроверени сознанија од верата – верувајќи дека Бог ќе му помогне.

⁂

Да не си помисли некој дека во процесот на духовно растење нема паѓање и станување и дека нема загубени битки. И да не си помисли некој дека овој пат може да го помине без страв и без храброст, и без солзи на покајание. И да не си помисли некој дека е возможно искрено и силно

да Го побара Бог ако претходно не ја запознае својата слабост. Осцилациите се нормална појава кај наследниците од последиците на Адамовиот пад, кај паднатата природа.

⁂

Главни периоди за духовно растење се периодите кога благодатта се крие, или подобро, ни содејствува скриено, бидејќи тие ни пружаат можност да ја победиме навиката на самосозерцание – односно, страста самољубие, егоцентризам – и постојано чистејќи ги нашите срца да растеме, од сила во сила, како чеда Божји, а не да тапкаме во место како наемници.

⁂

Кога истрајуваме во подвигот, кога даваме во периодот на скривање на благодатта, тогаш кога *немаме* (во услови на скриена благодат), тоа покажува однос на дете Божјо, градење на синовски, а не воспоставување на наемнички, т.е. трговски однос со Бог. Трговски однос се случува секогаш кога во период на отворена помош од страна на благодатта Божја се трудиме во подвигот, а во период на скривање на благодатта подвигот го прекинуваме.

⁜

Навистина, ако сакаме да градиме правилен или совршен, значи, синовски однос со Бог, треба да Му се принесеме Нему до самозаборав, како што и Он ни се даде нам. Притоа треба да заборавиме на самите себе и да ги игнорираме сите свои чувства, мисли и желби, принесувајќи Му се целосно и безусловно на Бог.

⁜

Таа состојба на самозаборав најмногу личи на онаа што се забележува кај мачениците и кај јуродивите заради Христос, кои, живеејќи без каква и да е надеж насочена кон овој свет, се имаат сосема откажано од него и од самите себеси, живеејќи и умирајќи единствено за Господ. Слика на таквиот самозаборав заради Христос е и монашкиот живот, но само доколку се живее правилно. За таа цел неопходно е да се избавиме од замката на самосозерцанието (самовнимание, самонабљудување) – што е егоцентризам.

⁜

Кога ќе видите дека продолжува периодот на скриено делување на благодатта и кога сè ви станува многу тешко, а вие сепак не го прекинувате вообичаениот и соодветен подвиг, па дури и

го зголемувате, знајте дека сте на крајот од духовното растење на своето ниво. Континуитетот на подвигот во подолг и исклучиво тежок период на скривање на благодатта е знак дека преминот од еден на друг степен од духовниот раст е многу блиску.

⁜

*Просветлувањето*, од една страна, претпоставува доволно очистена суштина на срцето од страстите, а, од друга страна, тоа е Божји дар. Затоа и Господ Христос вели: „Прогледај! Верата твоја [потврдена со дела] те спаси!“ Таа чистота на срцето ја овозможува пројавата на благодатта на Крштението во него како и симнувањето на умот во него. Бидејќи умот го знае *местото на срцето*, тој ја напушта усната молитва и продолжува да се моли внатре во срцето. Таму внатре, соединет молитвено со Божјата благодат, тој се *просветлува*.

⁜

Симнувањето на умот во срцето, на почетокот, е како едно salto mortale. Умот влегува во еден, за него, непознат простор, темен, нејасен, несигурен, одбоен, а има вера дека токму таму може да Го најде Царот и Царството Небесно. Но, веднаш не Го наоѓа, и душата страда поради тоа, збунета е. Единствено чувство што ни е потребно и што може да ни помогне во тој подвиг е

покајанието, но и тоа го нема секогаш. Треба да се принудиме на покајание и плач, и тие не доаѓаат, конечно, сами од себе. Треба да стоиме на молитва, да правиме метании. Никогаш да не ја почнуваме молитвата седејќи. Треба да стоиме на молитва обидувајќи се да го држиме умот внатре во срцето сè додека не се измориме физички. Потоа може да седнеме и да ја продолжиме молитвата на ист начин, трудејќи се да го држиме умот внатре во срцето.

⁜

Оној што нема *просветлен ум*, со многу напор го исполнува светоотечкото правило: *Гревот да го мразиме, а грешникот да го љубиме*. Вообичаено суетата нè завлекува во обратен правец: да ги поистоветиме грешникот и гревот, и на злото да вратиме со зло. Добро е ако и отпосле се покаеме, но штетата е направена.

⁜

Господ така премудро го устроил нашето духовно восовршување, што без љубовта и кон оние што на кој било начин ни прават зло (со лоша мисла и чувства, со зборување против нас или со лоши дела), не можеме да поминеме од вториот на третиот духовен степен – од *просветленост* во *обоженост*. Љубовта и кон непријателите е конечно уништување на секоја суета, високо мислење и гордост во нас.

❊

Подвигот на љубовта се јавува како премин за каква и да е пречка и на кој било степен од нашиот духовен развој. Усвоената мисла *јас сум одговорен за сè* е најздрава основа за делотворење на тој подвиг. Усвоената помисла, пак, дека нашиот ближен е виновен за нашата состојба, духовно нè разорува. Проверете го дејствието што во вас ќе се развие во која духовна состојба и да се наоѓате.

❊

Основниот проблем во сите етапи од духовниот развој не е во тоа дали нашиот ближен греши кон нас, туку во тоа дали ние го љубиме него.

❊

Ние што сме го избрале овој пат на духовно растење секогаш треба да останеме деца Божји. На првиот степен од духовниот развој да останеме деца Божји со апсолутно послушание, вера и доверба во духовниот отец, што подразбира верба и доверба во Бог; на вториот степен – со барање Божја, а не човечка правда, за што е потребно многу аскетска љубов и кон непријателите, и на тој начин да го достигнеме и третиот степен, што е вистинското восиновување.

⁜

Најреткиот дар од Бог што го краси највисокиот степен на духовно совршенство на човекот е непрестајната умносрдечна молитва за спасение на светот. Карактеристична појава за овој духовен степен е т.н. *грабнување на умот*, кога умот, соединет со Бог, пребива во Неговата слава и светлина. Молитвата на светите луѓе е највисок креативен дострел што може да го достигне човекот. Молитвата на светите луѓе го држи светот во постоење и нè спасува сите нас за Царството Небесно. Таква молитва имаат Богородица и Светителите Божји.

⁜

Отците за наше спасение ги определиле степените на духовниот развој, да може ние да растеме. Кога нив би ги прашале на кој степен се наоѓаат, тие на тоа прашање би се насмеале и би одговориле дека ништо немаат и дека до нигде не стигнале. Затоа што тие многу добро знаат дека ним Богочовекот Христос им е сè: и умносрдечна молитва и *просветленост* и *обожение*, и сè добро и благо. И тие многу, многу подобро од нас знаат дека без Христос се никој и ништо.

*„Кој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе“ (Марко 8, 34). Кога Господ вели „нека се одрече од себе“, мисли да се одречеме од* СТАРИОТ ЧОВЕК *во нас, заробен од страстите, оној што треба да се обнови, заради чие обновување Господ го устрои целиот Домострој на нашето спасение... Одрекувањето од себе пред сè подразбира одрекување од нашето гревовно, болно јас, кое од гревовна навика просто се поистоветува со своите гревовни страсти – сластољубие, среброљубие и славољубие, кои стануваат негова втора природа.*

⁂

Токму поради нашето поистоветување со страстите и изобличувањето на ликот и подобието според кои сме создадени, Господ и нè повикува да се *одречеме од себе*, и да го земеме нашиот крст и да врвиме по Него. А од што се гледа тоа поистоветување? Секогаш кога ќе биде попречено задоволувањето на нашите страсти (без разлика дали се работи за среброљубието или сластољубието или славољубието), ние веднаш духовно се затемнуваме, веднаш се полниме со помисли, веднаш имаме лоши чувства – омраза, злопамтење, оладување на љубовта, лоши помисли против оној што тоа ни го направил (можеби ќе му вратиме со лоши зборови, а можеби и со дело).

⁂

Само од љубов и вера во Бог, човек може да се одрече од себеси и од своите страсти. Колку ги исполнуваме Божјите заповеди, толку се исцелуваме од своите страсти и толку Го љубиме Бог: „Ако ги запазите Моите заповеди, ќе останете во љубовта Моја“ (Јован 15, 10). Исполнувањето на заповедите е аскетска љубов на дело и кон нашите ближни, зашто ќе ги поштедиме од тоа да бидат објект или средство за задоволување на нашите страсти.

Треба да ги запамтиме овие работи: одрекувањето од себе значи одрекување од нашиот *стар човек*, заробен од страстите; не барање на човечка правда, туку на божествена, Божја правда; носењето на Крстот не значи само носење на нашиот крст туку и на другите да им помогнеме во носењето на нивниот крст, не враќајќи на злото со зло, – и така да го исполниме законот Христов. А законот Христов е дека Он ги зеде нашите гревови, Он беше распнат на Крстот, пострада заради нас и нашето спасение, и ни дарува воскресение и живот вечен – тоа е законот Христов: Он пострада за сите нас (види: 1. Петр. 2, 21). И ние сме должни да ги носиме тежините на своите ближни, и така да го носиме Крстот Христов и да врвиме по Него.

Целта на подвигот на исполнување на Божјата правда е да се задржат сите наши сили во процес на исцеление. Ваквиот подвиг трае сè до добивањето на дарот на умносрдечната молитва. Подвигот на барање, односно на исполнување на Божјата правда, без какво било прилагодување, важи – како за монасите така и за сите христијани.

Екстремно одрекување имале мачениците, имале јуродивите заради Христос, имаат и вис-

тинските монаси. Затоа во нив ги гледаме плодовите на Светиот Дух. Во секој случај, треба да се одречеме, во доволна мера да се ослободиме од своите страсти – тие што го поробуваат нашиот живот и поради кои ние паѓаме во духовна темница – значи, да се одречеме од себе и да го земеме својот крст. Господ вели *својот крст*. Секој човек е посебна и неповторлива личност за Бог, пред Неговите очи пред сè. Ние сме свои, имаме свој крст, свој живот и сè свое.

⁜

Со страстите, од кои луѓето се заробени, се поврзани демоните; и сè додека човек не се ослободи, очисти од своите страсти, сè дотогаш не ќе може да се ослободи и од демонот поврзан со нив, кој пак преку страстите слободно влегува во внатрешноста на срцето и предизвикува искушенија и пад. Од страстите се исцелуваме, се чистиме, кога, од една страна, не ги исполнуваме, кога се воздржуваме од нив и кога, од друга страна, ги твориме светите заповеди Божји.

⁜

Треба да знаеме дека сè се случува според правилата на духовниот закон. Најпрвин демонот нè напаѓа преку погрубите страсти – сластољубие, среброљубие – а на крајот преку најсуптилната, славољубието. Демонот се бори секогаш да си ги

поврати загубените позиции, па дури и да се врати во центарот на нашето срце.

⁂

Славољубието или гордоста, ереста и атеизмот се демонско заведување и заробување на умот. Најчесто се јавуваат како последица на *заробеноста на срцето од страстите*. И двата вида заробеност и заведување се најјасни знаци на паднатата и отпаднатата од Бог човечка природа.

⁂

Демоните како бестелесни духови на два начина го напаѓаат оној што Го следи Христос носејќи го Неговиот Крст. Однатре – преку страстите што сѐ уште не ги исчистил од своето срце; и однадвор – или преку луѓе или преку лично јавување. За напад однадвор ги користат луѓето што воопшто не се свесни за постоењето на страстите, кои воопшто не се трудат да го очистат своето срце и не знаат за демоните поврзани со страстите. Тие се подложни на демонско влијание, не внимаваат на своите помисли и немаат критериум за разликување на доброто од злото.

⁂

Кој ќе се обиде да се соочи со злото надвор од себе без претходно да го победи злиот внатре

во себе – или пред да Го всели Добриот во себе, таквиот неминовно против злото однадвор ќе се бори со злото што ќе излегува од него (зашто ниту може ниту знае на друг начин) и, според светите Отци, ќе стане слуга на злиот.

⁜

Демонот, преку задоволувањето на страстите, од една страна, ги прави луѓето поклоници на идолите, а, од друга страна, им го затемнува умот и целото нивно битие. Таквите не само што не можат туку често и не сакаат да се наречат христијани. Не е ни чудо што (потоа гледаме и дека) се случува во светот. Затоа Богочовекот Христос нè предупредува дека не е можно истовремено да им служиме и на Бог и на Мамон.

⁜

Од што е болен нашиот ум? Од гордост. Својство на гордоста е да го прави нашиот ум критериум на сè видливо и невидливо. Тоа се случува кога за сето она што човек го гледа, го слуша, чита, го чувствува, допира, за сето она што размислува, па дури и за сето она што му го открива верата, ако за сето тоа човек како критериум го има само и само својот паднат ум и никој и ништо друго.

⁜

Гордоста може да се пројави и како високо мислење за самите себе и како безобразна борба за човечка власт и слава (славољубие), а како пак ќе се пројави зависи од околностите во кои се наоѓаме. Малку нешто повеќе да имаме, или да сме понадарени од другите – еве ти ја гордоста и во нејзините демонски димензии.

⁜

Заробени сме од гордост, од високо мислење за самите себе, од мнение. Во неговата лажна светлина го гледаме туѓиот грев, му судиме и го осудуваме нашиот ближен и не знаеме да простиме. Тврдината на нашето срце е одамна освоена. Гревовните чувства и помисли со тежина на дело, предизвикани од повреда на гордоста, а поради заробеноста, слободно го опседнуваат срцето, без да имаме можност веднаш да ги провериме и да ги препознаеме. Нашиот двиг кон Бог е значително попречен...

⁜

За големите гревови, што да се каже! Луѓето газат и уништуваат конкретни личности за да ги задоволат своите страсти, т.е. своето самољубие. Зар не боледуваат и не се заведени денес мнозина

луѓе од среброљубие (лакомост по пари и материјални богатства) и сластољубие (прејадување, пијанство, блуд, наркотици и др.). Тогаш, како можеме да зборуваме за слобода таму каде што умот веќе не е во состојба да раководи, а самиот како слеп е раководен од страстите!

Страстите се тие што го држат нашето срце заробено и затворено за умносрдечната молитва, а умот непросветлен; тоа многу добро сите го знаеме. Страстите и демоните, кои секогаш се поврзани со нив, се тие што нѐ држат приземјени и неспособни да одговориме на небесниот повик постојано упатен кон нас. Заробеноста од страстите нѐ принудува да ја самооправдуваме нашата неспособност и духовна неподготвеност во моментите кога треба да го заштитиме високото мислење за себе, мнението.

Сите сме жртви на суетата, помалку или повеќе. Од една страна, мислиме дека луѓето ги знаеме: „Не е ли Овој синот на Јосиф?“ (Лука 4, 22) – и можеме лесно да ги судиме. Од друга страна, пак, забораваме дека гревот што го „препознаваме“ кај нашиот ближен, според светите Отци, постои и во нас. Затоа Христос и вели: „Со каков суд

судите, со таков ќе бидете судени“ (Мат. 7, 2). Дури го судиме ближниот и според она што ние самите го гледаме како грев: „Зошто со... грешници јаде и пие?“ (Марко 2, 16).

⁜

Тежнееме да го оценуваме и судиме човекот според претпоставениот или вистински сторениот грев, повеќе отколку да го вреднуваме според покајанието. Ако таквиот суд за кој било човек ни е конечен, тоа е сигурен знак дека немаме опит на покајание... Ние најчесто функционираме така што заклучокот за самите себе го извлекуваме од нашите добри дела, а заклучокот за нашиот ближен го извлекуваме од неговите лоши дела. Настрана тоа што нашиот заклучок е најчесто субјективен и се заснова на нашите страсти – оние страсти што постојат во нас, ги препознаваме и кај другиот.

⁜

Гревот на судење и осудување може да се projави:
– прво, како надворешна манифестација на болеста, директно преку збор или дело;
– второ, како внатрешна состојба на духот, projавена како внатрешно непослушание и судење и осудување на духовниот отец и на нашите ближни.

⁂

Треба да знаеме дека нашето слово е во непосредна врска со нашите страсти. Едно е да помислиме на нивно исполнување, а друго е да проговориме за нивно исполнување. Ефектот на помислата во будењето на страстите не е толку голем, колку ефектот на изговорениот збор. Реченото слово, и со понезабележлива гревовна димензија има нагризувачки ефект; полека, но сигурно – ако не го забележиме и веднаш не се покаеме – го нарушува доброто устројство на нашата душа, додека да нè доведе до пад. Реченото гревовно слово има и повеќекратен ефект, и поради нивото на силата на влијанието кон внатре и поради својата комуникациска димензија: тоа ја буди страста и внатре во нас, ја буди и во оние кои го чуле словото; создава атмосфера на грев и внатре во нас и околу нас.

⁂

Изговореното гревовно слово влијае во разгорувањето и на трите вида страсти (и на славољубието и на среброљубието и на сластољубието). И обратно, нашето слово зависи од видот на страста од која сме заробени. Клучната врска се препознава при осудувањето: од она од кое што сме заробени, за тоа најчесто озборуваме, судиме и осудуваме – „од преполнето срце зборува устата“ (види: Лука 6, 45). Осудувањето е и најопасниот вид на злоупотреба на нашето слово.

❊

Осудувањето е најчесто двоен пад: ем сме веднаш осудени и губиме благодат поради самото осудување, поради прекршување на Божјата заповед, ем сигурно ќе паднеме во некоја телесна или душевна неволја – болест, или блуд, или сиромаштија, или бесчестие – за да сфатиме дека сме осудувале. Толку сме станале бесчувствителни и самодоволни што само некоја видлива телесна или душевна неволја може да ни покаже дека сме згрешиле, да нè врати на вистинскиот пат, да нè врати во смирение и покајание.

❊

За развивање на оваа страст многу придонесува општиот амбиент или атмосфера на судење и осудување што владее денес во светот околу нас, кои пак се спроведуваат преку гревот на празнословие и озборување.

❊

Не е возможно во нас да негуваме лоши мисли, од нашата уста да излегуваат лоши зборови (озборување, осудување) и да правиме лоши дела, и тоа најчесто против нашите ближни по вера, а истовремено да се нарекуваме ученици Христови.

⁂

Повеќе пати повторениот пад (без оглед дали само во срцето или и на дело) предизвикува не само заробеност од која сакаме да се ослободиме туку – добро внимавајте! – и зависност од задоволството од гревот, како и стремеж кон негово остварување. Со други зборови, чинењето на гревот станува вкоренета навика и втора наша природа.

⁂

Задоволувањето на страстите и зависноста од тоа задоволство е причина за нашата болна состојба и грешност. Борбата за слава и власт (славољубие), борбата за пари и имот (среброљубие) и тежнеењето кон телесните наслади (сластољубие) многупати повторувани станале наша втора природа. Се наоѓаме под ропство на демонот, опијанети од привлечноста на гревот. Нашиот паднат и заробен ум е горд, расеан и затемнет, и не го познава Божјиот пат. Нашата волја и желба за добро се раслабени. Срцето, како наш духовен центар, е скаменето, бесчувствително.

⁂

Зошто се страстите толку примамливи и зошто изгледа толку лесно да се спроведат во дело? Одговорот е многу едноставен: нѐ мотивира

чувството на сладост што се случува при нивното задоволување. Задоволувањето на страстите предизвикува сладост, без оглед на тоа дали се работи за интелектуална или душевна или телесна сладост.

⁂

Страстите за власт, пари и телесни наслади се тие што го прават човекот, нивниот заробеник, сето она што го ужива и поседува да го користи само за свои потреби (самољубие) и сѐ што ужива и поседува да му изгледа малку. Зашто таква е самата природа на страстите: тие постојано бараат ново и поголемо задоволување, а после секое задоволување оставаат уште поголема потреба и уште поголема празнина.

⁂

Што е битно да се знае? Битно е дека после задоволувањето на секоја страст, согласно духовниот закон, следува болка – и душевна и телесна. Болката пак настанува – наједноставно објаснето – затоа што ги исполнуваме демонските желби, а ги нарушуваме заповедите Божји и остануваме без благодатта Божја. Прво остануваме без благодатта во умот и во душата, а потоа и во телото. Прво ќе ги разболиме умот и душата, а потоа болката ќе ја почувствуваме и во телото.

❊

Страстите се тие што го валкаат нашето срце и ја држат благодатта на Крштението закопана и недејствителна во него. Живееме како некрстени, без да ја познаваме полнотата на животот и радоста на благодатта Божја. Нашиот ум останува непросветлен, а демонот, користејќи ги нашите страсти, непречено нѐ води од искушение во искушение. Целиот живот ни се претвора во една постојана неизвесност, загриженост, несигурност, страдање и мачење.

❊

Велиме во Господовата молитва: „Оче наш... и не воведувај нѐ во искушение, туку избави нѐ од лукавиот“. Дали, деца, ова значи дека ние од нашиот Небесен Отец бараме да не ни се случуваат искушенија и да немаме никаков допир со ѓаволот? Не! Тоа е невозможно. Ние само бараме правилно да ги надминеме оние искушенија кои, соодветно на нашиот духовен напредок, и така треба да дојдат, а на стариот и потрошен ѓавол во лице да му се изнасмееме.

❊

Искушенијата се потребни за да видиме што имаме во срцето. Без да ни се случи искушение и без да бидеме повредени од некого, ние не можеме

да знаеме што имаме во срцето и какви сè страсти се криjат во него. Ако не се соочиме со своите страсти и ако не вложиме напор да го очистиме срцето од нив, нашиот духовен раст ќе биде оневозможен. Затоа и светите Отци од пустината се осмелувале да кажат дека кога би ги снемало искушенијата, никој не би можел да се спаси. За да ја сфатиме оваа мисла, треба да тргнеме од состојбата на нашата паднатост и болност, а да ја отфрлиме големата идеја за самите себе.

⁂

Она кон што тежнееме да се случи е преобразувањето на нашите страсти, а не нивно потиснување. Едно е преобразување, а друго потиснување на страстите. Разликата е како од небо до земја, односно разликата е онтолошка, затоа што потиснувањето е само човечки бесплоден подвиг со негативни (дури разорни) психички последици, а преобразувањето е богочовечки, синергиски подвиг – наш подвиг кој се случува само со помош на Божјата благодат; подвиг кој се одвива во содејство со Божјата несоздадена енергија, кој е предуслов за спасение и кој го опфаќа духовниот развој и восовршување на човекот.

⁂

Суштината на преобразувањето на страстите, што може да се случи само како живот во Христос –

во Црквата, е и надворешно (или видливо) и внатрешно (или невидливо) воздржување од исполнувањето на сите страсти и нивно аскетско пренасочување (преобразување) кон добродетели со помош на Божјата благодат, односно несоздадената енергија на Света Троица. Притоа, цел на подвигот е Бог – личната заедница со Него, славењето на Бог и исполнувањето на Неговата волја и спасението на ближните.

⁂

Потиснатите страсти во поволни за нив услови ќе се вратат назад со уште поголема сила и жестина, а очистените и преобразените ќе функционираат нормално и во најголеми искушенија. Зашто, потиснувањето е делумен и штетен подвиг, а преобразувањето е целосен и исцелителен подвиг.

⁂

Што треба да не заборавиме во моментите на искушението, а што вообичаено заборавваме? Треба во тие моменти да не заборавиме дека нашата борба не е со тело и крв, туку со духовите на поднебесјето (види: Ефес. 6, 12). Ние, обично, за време на реално доживеаното искушение заборавваме дека, според Светото Евангелие, даровите од Светиот Дух се: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста и сето она

што е наведено таму (види: Гал. 5, 22-23). А тоа е сè спротивно од она што во тој момент ние го доживуваме: духовна темница, рој помисли, веќе подготвеност да вратиме со зло на зло (бидејќи мислиме дека некој ни направил зло); целосна духовна пореметеност и заборав на Евангелието.

⁂

Умот е затемнет и не го познава Божјиот пат. Срцето е скаменето, бесчувствително. Демонот соодветен на страста на која сме се потчиниле будно го чува својот плен – влезот во духовниот центар на нашето битие. Такво срце стекнува човекот на кого задоволувањето на страстите и извршувањето на гревот, преку навиката му станале втора природа.

⁂

Борбата со страстите е борба со демонот. Да не нè мами никој – ѓаволот постои како конкретна индивидуа. Со секоја страст што ќе дозволиме да завладее со нас (гордост, завист, среброљубие, омраза, гнев, блуд итн.), нему му отвораме во нашата душа простор за дејствување. А ѓаволот со додавање на своето дејство кон нашите страсти, ги доведува до крајни граници: од обична помисла до збор или дело, со кои ги нарушуваме Божјите заповеди, се одделуваме од Божјиот живот и заедница.

⁂

Во врска со борбата против демонот, треба да знаеме дека демонот нѐ напаѓа со својот ум. Неговиот ум против нашиот ум. Ако ние во умот го прифатиме она што тој ни го предлага, односно ако се согласиме со неговата мисла, ја губиме благодатта и се затемнуваме. Значи, благодатта ја губиме не кога демонот нѐ напаѓа со некаква си своја зла енергија, туку тогаш кога ние го прифаќаме со нашата слободна волја она зло што тој ни го предлага.

⁂

По Христовото Воскресение и Неговата победа над демонот, тој е само играчка во нашите раце. Слично како кога на малите деца им се дава играчка преку која се вежбаат во разни вештини. Како што велат светите Отци: ако не беа искушенијата, кој ќе се спасеше?! Значи, ако не беше демонот, како ќе се извештевме во борбата за познание на самите себе и како ќе станевме вешти борци?

⁂

Зачеток на секој наш пад и духовно ропство се демонските помисли. Најнапред помислата ни бива понудена во вид на *предлог*, па умот, поради *расположение* кон неа – може да стапи во

*разговор* со неа, по што често следи *прифаќање на помислата и нејзино симнување во срцето*, од што се раѓа желбата да биде исполнета и *спроведена во дело* – доколку постои можност за тоа.

❊

Ако демонот сака да ни ја активира страста на сластољубието и среброљубието, треба да го помине вообичаениот процес од предлог до прифаќање и остварување на помислата. Но, што се случува кога во прашање е самољубието? Ако некој само за миг, сосема малку ни згазне на гордоста, на суетата, на високото мислење за самите себе – веднаш ни се случува духовно затемнување. Нема тука помисла од која можеби ќе се одбраниме или ќе се согласиме, како во претходните случаи. Нема тука вообичаен напад! Нема тука вообичаена одбрана. Зашто сме заробени од гордоста и нема потреба непријателот на нашето спасение да ни го освојува срцето однадвор, со предлози преку помислите.

❊

Оние што се наоѓаат на степенот на *очистување на срцето од страстите* уште во самиот зачеток мора да го прекинат разговорот со демонот, зашто, како веќе острастени и зависни, се во голема опасност да се согласат со предложената помисла.

⁂

Најголем наш проблем, деца, со кој се соочуваме на почетокот од духовниот живот, односно додека сè уште се наоѓаме на степенот на *очистување на срцето од страстите*, е борбата со актуелните чувства, желби и помисли. Мислам на чувствата, желбите и помислите што се грешни, а ние ги доживуваме како наши, како нешто наше внатрешно и природно. Затоа и нашата духовна борба на почетокот ни личи на борба со самите себе. Затоа и Богочовекот Исус Христос вели: „Од срцето излегуваат лоши помисли, убиства, прељубодејства, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули“ (Мат. 15, 19).

⁂

Помислите многу тешко се препознаваат на првиот степен. Поради острастеноста и заробеноста на нашиот ум – состојба која што со време станала наша втора природа, ги доживуваме како да извираат од наш природен внатрешен простор и како да се однесуваат за задоволување на наша внатрешна природна потреба. А се знае за каква острастеност и заробеност зборуваме кога е во прашање нашиот ум: гордост, високо мислење за самите себе, мнение, славољубие..., како и потребата тие да се задоволуваат, и на ниво на помисли, и на ниво на зборови, и на ниво на дела.

⁂

Во случај на искушение, кога сме на првиот степен, ни се променуваат прво чувствата кон лошо – оттука и доживувањето дека некој навистина нѐ повредува – а потоа ги забележуваме и помислите, што ни се чини како природно и праведно да доаѓаат против оној што нѐ повредил. Се работи за еден скриен механизам на делување на страстите и на демонот во нас. Велам скриен, во смисла на неосвестен. Неосвестена и брза промена на чувствата, како и рој од грешни мисли поради заробеноста. Од една страна, да си помисли човек дека демонот нема ништо и никаква врска со тоа што му се случува, а од друга, – убедено да си мисли дека ближниот и тоа како има врска, секогаш во негативен контекст.

⁂

Многу е важно да се знае и следното што се однесува на реалноста на доживувањето на искушението: кога демонот ќе нѐ нападне – особено кога некој ќе го повреди нашето его – тој толку реално ни ја прикажува состојбата на тој напад и последиците од него, што ние мислиме дека работите се токму така како што ги чувствуваме и доживуваме во тој момент. Притоа духовно се затемнуваме, полни сме со лоши помисли и чувства кон оној што нѐ повредил. Толку реално

ни изгледа таа ситуација што, повредени и заслепени од неа, поради поистоветеноста со нашите страсти, едноставно не знаеме ни што правиме, ни што зборуваме, ни што мислиме, заборавајќи на Бог и на Неговите заповеди. Затоа и една од првите наши вежби во духовниот живот се состои во непоистоветување со своите помисли, чувства и желби додека не ги провериме со нашиот духовен отец. Тоа е послушание. Тоа е подвигот на *одрекување од себе*.

⁂

Самољубието нè тера, бидејќи секогаш сакаме да сме светли, радосни, среќни – да ни е убаво, веднаш да се ослободиме од духовното затемнување. Затоа, духовното затемнување може да биде за нас како жива песок, во која ќе загинеме ако поради самољубие веднаш сакаме да се ослободиме од него, па колку повеќе се напрегаме и претаме, толку повеќе и побрзо пропаѓаме; или може да биде како лек кој го чисти нашето срце ако Му благодариме на Бог и ако со доверба во Неговата промисла потрпиме додека тоа да се повлече, односно додека не се врати благодатта.

⁂

Треба да Му благодариме на Бог што воопшто чувствуваме духовна затемнетост, зашто има луѓе,

дури и меѓу христијаните што редовно одат во Црква, а не ја чувствуваат таа промена во себе. Таквите, навикнати на безблагодатен живот: озборуваат, осудуваат, судат, клеветат, завидуваат, немаат милост кон оние што страдаат итн; и сето тоа го прават како најнормално, без да забележат дека се во духовна темница. Не знаат, сиротите, дека е тоа знак дека болеста на нивната душа набрзо ќе се пренесе иројави во нивното тело, како последна опомена за покајание. Секако, не е секоја болест поради личен грев, но подобро е смирено да мислиме за самите себе.

⁂

Духовната затемнетост понекогаш може да биде толку силна што чувствено можеме да ја доживееме како предвкус на пеколот... Прашањето е: како да се однесуваме кон неа. Е, против неа нема да се бориме, туку со благодарност кон Бог ќе ја прифатиме како Божја промисла за наше спасение и за наше духовно восовршување. Духовната затемнетост не е ништо друго туку отсуство на благодатта Божја. Присуството или отсуството на благодатта во нас е слободен, волев акт Божји. Затоа, не треба да ги мешаме поимите духовна затемнетост и демонска енергија. Демонската енергија сама по себе не е негативна, бидејќи и паднатиот ангел е создание Божјо, туку негативна е нејзината конкретизација

во вид на лоши помисли, како израз на слободната демонска волја и определба при борбата со нас.

⁂

Треба ли да се плашиме од искушението? Не, тоа секако ќе дојде. Треба да се плашиме од неправилното соочување со него. Правилно или неправилно соочување со искушението е прашање на живот или смрт за монахот (и за секој христијанин).

⁂

Треба да се научиме на друг внатрешен автоматизам, за разлика од досегашниот погрешен, при пресретнување на искушението: сами себе да се осудиме, другиот да го оправдаме, на Господ да Му заблагодариме и да се молиме, барајќи Го Бог, со ритам и начин на молитва во која нема место за помисли, која ги опфаќа и тие што нè повределе. Еднаш така, другпат така и – ете го опитот. Имајќи го тој опит, после полесно се поминуваат искушенијата.

⁂

Секое искушение, од големо до мало, правилно го надминуваме секогаш на истиов начин:

прво, го прифаќаме како дар Божји; второ, Му благодариме на Бог за тоа; трето, се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од она што веќе ни се случува; четврто, не му покажуваме (надворешно) на демонот, ни на лице, ни со збор, ни со некоја постапка дека се наоѓаме во искушение; петто, ја продолжуваме молитвата, ама не како борба против искушението, туку како градење на заедница со Бог.

⁂

Како изгледа неправилното соочување со искушението или на кој начин се случува нашиот пад при едно искушение? Прво, не го прифаќаме како дар Божји; второ, не Му благодариме на Бог за тоа; трето, не се осудуваме себеси како заслужни за уште полошо од тоа што веќе ни се случува; четврто, му покажуваме (надворешно) на демонот, на лице, со збор или со некоја постапка, дека се наоѓаме во искушение; петто, ако и воопшто ни текне на молитва, молитвата ја сфаќаме како борба против искушението. Секако, за да научиме правилно да дејствуваме во часот на искушението потребно е и време и подвиг на себепринудување, затоа што сме духовно болни односно лошата навика ни станала втора природа. Значи, вообичаено добродетелта не се стекнува одеднаш и тоа не треба да нѐ обесхрабри.

Што согледуваме преку правилниот начин на надминување на искушенијата? Прво: дека тоа ни носи покајание и плач како и духовна радост, а не прелест (очај или еуфорија, итн.). Потоа: дека проблемот не е никогаш надвор од нас, туку тој е секогаш во нас – во нашиот став или однос кон сè што се случува; дека правилното надминување на искушенијата е исто што и барање на Божја правда, а не човечка; дека само преку правилното надминување на искушенијата нам ни се случува процес на преобразување на страстите, а не нивно потиснување или нивно задоволување; дека на овој начин не му даваме материјал и право на демонот да ни пречи во молитвата; дека на овој начин го избегнуваме самооправдувањето, а го усвојуваме самоосудувањето; дека единствен начин да го промениме светот околу нас е прво себеси да се промениме. И на крај, на овој начин се избегнува замката на себенабљудувањето (дали се чувствувам добро или се чувствувам лошо), кое е производ на нашето самољубие и кое го одредува нашето самољубиво однесување, а нашето постоење и дејствување се насочува само во слава Божја. Постапувањето или непостапувањето според правилниот начин за надминување на искушението треба да биде содржината на нашата исповед, како и начин на наше преиспитување.

⁂

Не е доволно на демонот да му се спротивставиме само со знаење, неопходен е реален отпор – во пракса. Во моментот на искушението ќе останат само духовното затемнување и демонските помисли, а сето наше знаење во голема мера ќе испари. Во тој момент ќе нè извлече од искушението само навиката на правилна борба стекната во опит. Или правилно ќе ги надминуваме искушенијата и духовно ќе растеме од опит во опит и од сила во сила, или ќе останеме обични повторувачи.

⁂

Во сите искушенија што ни се случуваат треба да ја препознаеме неискажливата љубов и промисла Божја за нас. Оти и лекарот кога сака да ни помогне, да ни ја очисти и да ни ја сошие раната, презема дејства што моментално нè болат, а потоа се покажуваат како спасоносни.

⁂

Бог никогаш не допушта да ни се случат искушенија што ја надминуваат нашата духовна и телесна сила. Ако ни изгледа дека такво искушение ни се случува, да бидеме сигурни дека тоа самите со некоја наша непромислена и гревовна

постапка сме си го предизвикале. Маченииштвото е секогаш поврзано со умносрдечната молитва, а и со многу повеќе од тоа.

❊

Гордоста е најсилната, најневидливата, најсуптилната страст – болест на паднатиот ум. Лекот постои. Ни се дава тогаш кога навистина ќе посакаме да бидеме излекувани. Исцелувањето започнува со појавата на духовен отец кај кого, со изборот на нашата слободна волја, љубовно и смирено се ставаме во послушание, ги отвораме раните на нашата душа за да бидат соодветно исцелени. Затоа што во состојба на паднатост и затемнетост не можеме да разликуваме што е навистина добро, што ни користи, а што ни штети.

❊

Одрекувањето од болното себе е предуслов за исцелителна заедница со Бог. „Здравите немаат нужда од лекар, а болните... Зашто не сум дошол да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајание“ (Мат. 9, 12-13). Ова одрекување се случува од моментот кога ќе ги исповедаме своите гревови и кога ќе почнеме да живееме под раководство на духовен отец.

⁂

Православниот духовен живот во Црквата на Живиот Бог е конкретно (и проверливо) предание. Благодатта на Светиот Дух, примена преку Светите Тајни на Црквата, се активира и се актуелизира и се предава и се усвојува во конкретен личносен однос меѓу духовен отец и духовно чедо. Нашиот ум треба конкретно да се смири пред нечиј друг ум и на тој начин да влезе во процес на исцеление, во процес на предание. Ова е вообичаениот пат по кој поминуваат речиси сите. Има и исклучоци, но прелест е ние да си мислиме дека спаѓаме во нив – дека не мора да го поминеме востановениот пат. Исклучокот си знае – не си мисли, но и цело Небо и земја и поднебесје него го знаат; како што го знаат, на пример, светиот апостол Павле.

⁂

Интересно е тоа дека против она што најмногу ни користи духовно – газењето по нашата гордост – ние најмногу се противиме, клоцаме. Непријателствуваме против оној што го повредил нашето славољубие, наместо да го сметаме за најголем доброчинител. Како времено да заборавама дека има и демони, и дека нашата борба не е против тело и крв...

❊

Секогаш кога ќе заборавиме дека главната борба ни е против самите себе, против сопствената суета и голема идеја за самите себе и против демонот поврзан со тоа, и кога ќе ја насочиме борбата против човек, почнуваме да губиме. Правилната духовна борба не предизвикува стрес: да не им враќаме со зло дело за злото на луѓето (инструменти на демонот), да се смируваме пред нив, односно да не им вратиме ниту со зла мисла, а камоли со зол збор, и да се молиме за нив. Навистина, нема тука многу место за стрес.

❊

Аскетскиот опит покажува дека од високото мислење за самите себе и од нашиот ум како критериум за сè видливо и невидливо многу тешко се одрекуваме.

❊

Карактеристики на паднатиот ум се: гордост, расеаност, затемнетост. Карактеристики на обновениот според Христос ум се: смирение, собраност во молитвата, просветленост.

❊

Ако не го освестиме фактот дека сме болни, или поинаку, дека сме заробени од страстите,

од гревот, од демонот и од смртта, никогаш нема да ја почувствуваме потребата од Лекар и Спасител на нашите души и тела. На луѓето со високо мислење за самите себе, како и на оние кои пребиваат во незнаење, им се случува да го освестат фактот за заробеноста дури по доживувањето на сериозни несреќи и болести во својот живот. Да не бидеме како нив!

⁜

Генерално, сите наши проблеми поврзани со борбата против помислите, со борбата против страстите, па дури и проблемите со телесни болести и болки може веднаш или брзо да се надминат со просто молитвено симнување на умот во срцето. Кога со оваа молитва се призива Божјата помош за нашите ближни, тогаш нејзиното исполнување е сигурно: доволно е да има добра намера и надеж за спасение на оној за кого се молиме.

⁜

*Заробеноста на срцето од страстите* ја препознаваме по неможноста на нашиот ум да се моли внатре во срцето, по отсуството на дарот на умносрдечната молитва; по пристапот што демонот го има до внатрешноста на срцето, од каде што може да го предизвика нашиот пад

во грев преку обични помисли; по паднатата состојба што нè вбројува во припадниците на *овој свеӣ*, во незнабошците, кои сè уште се поклонуваат на својот идол – страста.

*Светите Отци Го послушаа Богочовекот Исус Христос, Кој вели дека од срцето излегуваат зли помисли, убиства, прељубодејства, блудства, кражби, лажни сведоштва, хули, и дека сето тоа го осквернува човекот (види: Мат. 15, 19-20), како и тоа дека најнапред треба да ги очистиме чашата и чинијата однатре за да бидат чисти и однадвор (види: Мат. 23, 26), и започнаа да се подвизуваат пред сѐ во* ЧУВАЊЕТО НА СРЦЕТО. *Затоа и до ден-денес од личен опит можат да ни сведочат дека преку* ЧУВАЊЕТО НА СРЦЕТО *лесно се стекнува и секоја друга добродетел, а дека без тоа никој не може да се утврди ниту во една.*

❊

Можноста за *чистење на срцето* и потребата од непрестајна будност над самите себеси е исклучителна новост и благодат на Новиот Завет. „Јас, пак, ви велам дека секој што ќе погледне на жена со желба, веќе извршил прељуба со неа во срцето свое“ (Мат. 5, 28). На Горaта на Блаженствата Христос ни го дава есхатолошкиот одговор за целта и смислата на подвигот на *очистување на срцето* – „блажени се чистите по срце, оти тие ќе Го видат Бог“ (Мат. 5, 8). Зашто „внатре во вас е Царството Небесно“ – и Царот.

❊

Напишано е: „Царството Небесно е внатре во вас“. Тоа значи дека сите препреки на патот до него, всушност за *отворање на срцето* и за нивно надминување, се пред сѐ внатре во нас, а не некаде наоколу. Оној што ги бара надвор од себеси, заскитал.

❊

Спасението е секогаш поврзано со *отворањето на срцето*, со актуелизацијата на благодатта на Крштението и со *просветлувањето на умот*, би рекол со умносрдечната молитва, макар и во последните моменти на нашиот живот. Така јас ги разбирам Господовите, односно Исусовите

зборови со кои што Он ги оправда постапките на Закхеј и ја потврди неговата нова духовна состојба – *просветлување*: „Денес дојде спасението на овој дом, зашто и тој е син Авраамов (всушност: зашто и тој е од оние што го наследуваат Царството Небесно), оти Синот Човечки дојде да го побара и спаси загубеното" (види: Лука 19, 1-10).

❊

Познанието на Бог извира од животот во Бог и се случува во внатрешноста на *очистеното*, од страстите, срце.

❊

„Лисиците имаат легла и птиците небески – гнезда, а Синот Човечки нема каде глава да потслони" (Мат. 8, 20). Со овие зборови Богочовекот Христос ни потврдува дека човечкото срце како духовен центар е единственото место на лична средба меѓу Бог и човекот. Дека само во *очистеното*, *просветлено* и *обожено* срце Господ наоѓа Свој спокој и почивалиште.

❊

Местото каде што Синот Човечки нема каде „глава да потслони" е нашето срце, заробено и

извалкано од страстите. А бидејќи нашиот ум не може да влезе во затвореното срце и да допре до Синот Човечки, Христос престојува таму осамен, гладен, жеден, странец, необлечен, во затвор... Затоа, за да допреме до Христос и да Му послужиме, најнапред треба да го очистиме своето срце од страстите, да го осознаеме *местото на срцето*, да го откриеме влезот на Царството Небесно внатре во себе и со својот ум смирено да застанеме пред Царот на славата, Кој страда заради нас и наше спасение.

⁂

Вистината не се спознава надворешно, само со интелектот, со разумот, туку пред сè внатрешно, со благодатно и молитвено *просветлување на умот* во *очистеното срце*.

⁂

Доколку сакаме вистински да учествуваме во Христовото Распетие, Христовото Погребение и Христовото Воскресение и да ги доживееме, потребно е, водени од нашиот духовен отец, да поминеме низ трите молитвени состојби на умот: неговото распнување во собраноста на молитвата, неговото погребение внатре во благодатниот простор на срцето и неговото воскресение проникнато од божествената светлина.

❊

За да се стигне до *просветление*, до преобразителното делотворење на Христовата светлина во нашиот ум, за да се почувствува Неговата присутност во нашето срце – патот не е ниту едноставен, ниту лесен. Минуваме низ многу искушенија и преку нив се запознаваме себеси или како што велиме ние монасите – човек го запознава своето *духовно срце*, кое е центар на нашата личност. Во срцето се кријат човечките страсти и во време на искушенија тие страсти се пројавуваат. Така човекот осознава колку му е *чисто* срцето и дали има божествена љубов во него.

❊

Без искушенија човек не знае што има во срцето – колкава љубов, вера, покајание, смирение, каква му е молитвата. Борејќи се со искушенијата, човекот се гради како личност, а трпењето во најстрашните искушенија е и најголемо сведоштво на Христос.

❊

Православната библиска антропологија, потврдена и преточена преку живиот опит во делата на светите Отци на Црквата, ни ја разјаснува оваа нераздельност: умот има своја суштина и своја

енергија. Суштината на умот се наоѓа во срцето, кое е духовен центар на човековото битие. Затоа, соединувањето на енергијата и на суштината на умот се случува во срцето на човекот. Затоа, исцелен ум, или исцелен словесен дел на духовниот центар има човек кој енергијата на својот ум ја соединил со суштината на својот ум. Значи, оттука произлегува оваа нивна нераскинлива врска, и затоа сѐ што се однесува пред сѐ на срцето, се однесува и на умот.

⁜

Колку човек го чисти своето срце, толку се просветлува неговиот ум и толку се обожува како неповторлива личност. Колку умот ќе го приковаме и распнеме во собраност, толку ќе го погребеме во срцето и ќе го просветлиме и толку ќе го обожиме и воскреснеме. Немаме многу избор: или умот ќе ни биде расеан преку страстите по светот и затемнет, а ние ќе бидеме деца на темнината; или ќе ни биде собран преку молитвата во Бог и просветлен, а ние ќе бидеме деца на Светлината, односно синови Божји.

⁜

Постојат лек и храна за умот, пред сѐ за неговата енергија, и постојат лек и храна за целото срце. Постојат општ и конкретен лек и храна. Општ лек и храна за умот се покајната молитва,

вниманието над помислите и читањето или слушањето на Светото Писмо и на делата на светите Отци. Општ лек и храна на срцето се најпрво добрите дела, а потоа и добриот збор.

⁂

Треба да се внимава сразмерно и на воспитание на умот и на воспитание на срцето. Не смееме да бидеме еднострани, да го храниме и лечиме само умот или само срцето. Особено е опасно ако го храниме само умот, односно разумот, и тоа со читање и со концентрирање на знаење. Оваа грешка ја прават многумина денес. Знаењето од тој тип носи гордост, прелест, и разградува. И би додал дека е подобро човек да не знае ништо, а да живее според својата совест, отколку да мисли дека знае нешто. Празното знаење, прелеста, нѐ одделува од Богочовекот Христос.

⁂

Конкретен лек и храна и за умот и за срцето, посебно за монасите, се: непоистоветувањето со помислите, чувствата и желбите додека не се проверат со духовниот отец – наспроти непослушанието; правилната исповед – наспроти судењето и осудувањето; и континуираниот аскетско-исихастички подвиг – наспроти наемничкиот однос.

❊

Конкретна храна и лек за срцето и умот согласно нивото на кое го просветлуваме нашиот ум е аскетската умносрдечна молитва. Таа е истовремено и добра мисла, и добар збор, и добро дело за нашиот ближен кој е затворен, осамен, болен, странец, гладен итн., со кого Богочовекот Христос се поистоветува, во нашето срце.

❊

Умот се наоѓа во процес на исцеление кога слободно ќе се откаже од правото и од својството тој да биде критериум и тој да одлучува за сѐ, и кога тоа право ќе му го пренесе на друг ум. Другиот ум е секако умот на духовниот отец.

❊

Собраноста на умот во молитвата, како и секоја друга вештина, се постигнува со вежбање и постојано повторување.

❊

Како го носиме крстот свој (кој во суштина е Христов) одрекувајќи се од себе и врвејќи по Богочовекот Христос? Преку аскетско-исихастичкото распнување на нашиот ум на Крстот. Ако умот не се распне и не умре за *овој свет* закован

на Крстот Христов, тогаш не е возможно ни негово аскетско-исихастичко погребение во срцето. Ако нема погребение на умот во срцето, тогаш нема ни надеж за дарот на севкупното наше воскресение како личности.

❊

Како го распнуваме нашиот ум на Крстот Христов? Преку чувањето на чистотата на православната вера, преку послушанието кон духовниот отец во исполнувањето на заповедите Христови и преку собраната молитва во Бог. На тој начин го запираме валкањето на умот, го ставаме во процес на чистење и го чистиме сè повеќе и повеќе, а со тоа и нашето срце. Затоа што сè нечисто преку енергијата на умот влегува во нашето срце и го валка, исто како што и сè чисто преку енергијата на умот влегува во нашето срце и го чисти. Срцето се валка кога умот ќе се согласи со лошите помисли, со лошите зборови и со лошите дела.

❊

Доволно *очистеното од страстите срце* станува како гроб на умот што молитвено престојува во него. Доколку успееме да го поминеме без пад (без предвремено напуштање на молитвениот престој на умот во срцето) периодот во

кој непреобразениот дел од страстите ќе биде поттикнат со реален предизвик за нивно задоволување, тогаш можеме да се надеваме и на дарот на воскресението – и на душата и на телото.

⁕

Како што и нашиот Спасител со душата се симна во адот, така и ние треба да го задржиме нашиот ум во адот на смирението и да не очајуваме во надежта и во молитвата. Тоа е полното значење на она што светиот апостол Павле го вели: „Јас се распнав за светот, и светот се распна за мене“ (види: Гал. 6, 14).

⁕

Што значи тоа да го држиме нашиот ум во адот на смирението? Тоа е *последно место*, тоа е *слуга на сите*, тоа е *апсолутно послушание*. Тоа е кога доброволно се откажуваме од сите права. Тоа е свесно намалување на можностите за некое повисоко место, или чин, или чест, или власт, или слава. Тоа е доброволно умирање за светот и за сè што се случува во него. И сето тоа заради ослободување на умот од ропството на страста гордост и високо мислење за самите себе, таа „мерзост на запустението што седи на место свето“ (види: Мат. 24, 15) – во нашето срце.

❊

Светите Отци понекогаш со терминот *дух* го именуваат умот. Во библиско-антрополошка смисла, поклонувањето во дух и во вистина значи поклонување со исцелен ум. Исцелен ум има човек кој енергијата на својот ум ја соединил со суштината на својот ум, која се наоѓа во неговото срце. Бидејќи ова соединување е дејство на благодатта Божја и молитвено-аскетски се случува внатре во неа, исцелен ум во одредена смисла е исто што и просветлен ум. Доколку ова соединување е постојано благодатно, а не времено аскетско, тогаш исцелен ум е исто што и обожен ум.

❊

Обожениот ум е ум од Духот воведен во сета вистина (види: Јован 16, 13). Само за оној што има исцелен, обожен ум, можеме да говориме дека е целомудрен и девствен, во една човечка димензија на овие поими.

❊

Само за оној што има исцелен, обожен ум, можеме да говориме дека е вистински целомудрен и девствен и дека вистински љуби, во една човечки достапна димензија на овие поими, во овој свет и век. Само оној што вистински љуби ја има љубовта како непогрешлив ориентир

во својот живот. Но да не ги измешаме: аскетското со благодатното, душевното со духовното, еросот со пријателството и вистинската љубов – оти тогаш многу ќе лутаме по беспаќа.

⁂

Срцето е центар на човековото битие. Во него се наоѓа суштината на умот, како словесна сила на душата. Со срцето се суштински поврзани и желбата и волјата, како бесловесни сили на душата. И овие сили исто така треба да ги држиме во постојан процес на исцеление, а не само умот. Како? Нашите несвесни реакции во одредени ситуации, кои се плод на нашата заробеност од страстите, треба да ги замениме со свесно исполнување на заповедите Христови. Наместо човечката, треба да ја бараме Божјата правда.

⁂

Внимавајте, Господ ни заповеда да простуваме од срце. И секое друго добро да го правиме од срце. Од срце прави само оној што доволно го очистил своето срце од страстите. Доволно очистеното срце го краси умносрдечна молитва. Без неа, сè друго што мислиме дека правиме „од срце“ е само умисленост, прелест; сè, освен она што го правиме по послушание. А, како ќе сме послушни ако веќе сме заробени од високата позиција, од човечката власт и слава?

⁜

„Зашто ви велам, ако вашата праведност не ја надмине праведноста на книжниците и фарисеите, вие нема да влезете во Царството Небесно“ (Мат. 5, 20). Овие зборови не значат ништо друго освен дека ако доволно не го очистиме срцето од страстите, никогаш нема да го добиеме Божјиот дар на *отворање на срцето* и никогаш нема нашиот ум молитвено да влезе низ тесната врата на срцето, која води во Царството Небесно.

⁜

Човечката правда е во суштина враќање со зло на зло, одрекување на Христос и богоборство. Божјата правда е кога на злото му враќаме со добро и сведочење на Христос. Богочовекот дојде да ги спаси оние што за себе мислат дека се грешни, а не оние што за себе мислат дека се праведни (види: Лука 5, 32). Што има со Христос оној што за себе мисли дека е праведен и зошто нему би му бил потребен воплотен Бог?

⁜

Најбрз пат до *отворањето на срцето* е подвигот на љубовта... Во никој случај не смееме да дозволиме нашето срце да биде затворено за кого и да е. Ако, пак, се случи да го затвориме нашето срце за некого, тогаш тоа ќе биде затворено за сите, па и за умот и за умносрдечната молитва.

❊

Секогаш кога постапуваме според заповедта на љубовта, нашиот ближен ќе го оправдаме, а вината ќе ја најдеме во себе. Кога не постапуваме според заповедта на љубовта, секогаш ќе се оправдаме себеси, а вината ќе ја најдеме кај нашиот ближен. Треба да се запрашаме, дали нашиот ближен – секој еден што секојдневно го среќаваме во нашиот живот – не е еден од Бог пратен пророк за нас, кој ни ја претскажува нашата иднина во зависност од нашиот однос кон него.

❊

Љубовта, аскетско-благодатна, треба да биде основната движечка сила и критериум на духовниот подвиг на душата: доволно ли мислев на Оној Кој Го љубам, како и – доволно ли бев послушен кон Оној што Го љубам; односно, така ли ќе се однесував ако љубев?

❊

Патот до Бог, како и до срцето на нашиот ближен, минува само преку нашето *очистено срце*.

*Тоа што сакам да им го порачам на луѓето, тоа прво важи за мене, а го рекол Самиот Господ, Богочовекот Христос, во Своето Евангелие: „Покајте се!“ Бидејќи овој збор денес бара толкување, јас би го објаснил на овој начин: Да бидеме личности, не самодоволни индивидуи, вљубени во себе, туку луѓе спремни на жртва, љубовни луѓе, благодатно отворени за другиот. А кога би употребил еден подвижнички израз, би рекол – да бидеме луѓе со* ЧИСТО СРЦЕ!

❊

Најголемиот дар што Бог во Христос Богочовекот, еклисиолошки сфатено, му го дарува на човекот, е покајанието. Само во светлината на покајанието го гледаме патот кон срцето. На тој пат и најмалиот грев, и најмалата наша неподобност во однос на Христовата љубов кон Бог и Отецот и кон секој човек е причина за уште подлабоко покајание.

❊

Покајанието е услов за постоење на Светата Евхаристија и на светот.

❊

Дали ќе се одлучиме веќе еднаш сериозно и истрајно да ја употребиме нашата волја за наше покајание? Голема утеха и голема надеж е фактот дека Господ Исус Христос на секого му дава можност за покајание и за лична средба и заедница со Него. Да почнеме од себе. Ако се согласувате со мене, тогаш, ајде, најнапред да заплачеме или да се присилиме да заплачеме, зашто тоа е дарот на *жива вода* која води кон живот вечен, дар соодветен за нивото на нашиот духовен развој во кое го ослободуваме нашето срце од заробеноста од страстите. „Господи, ми даде сува земја, дај ми и водни извори“ (Суд. 1, 15).

⁂

Секој наш принос или секое наше давање на Бог што нема да биде извршено во дух на покајание (во дух на плач и солзи), нема да биде примено од Него.

⁂

Отците нѐ советуваат да останеме во подвигот што ни носи плач. Духовен живот без плач и покајание е прелест.

⁂

„Сметајте го секој ден за загубен ако не сте плачеле во Него", вели негде свети Јован Лествичник; а јас пак ви велам, дообјаснувајќи, сметајте го загубен денот и ако не ве повределе, или ако не ве понижиле, или ако не ве ставиле на *последно место*, или поточно, ако не згазиле по вашата гордост. Зашто во тоа се состои првото блаженство – блажени се сиромашните по дух; а плачот спаѓа во второто блаженство. Без смирение и седнување на *последно место*, остануваме без основа за понатамошен духовен живот.

⁂

Господ секому остава време за покајание и потоа сѐ се одзема, а на крајот и самото време

дарувано за покајание (преумување). Господи, помилуј..!

❊

Небесата стојат отворени и го чекаат нашето покајание.

❊

Неприфатлива е пред Бог молитвата „Оче наш“ ако само еден човек останал надвор од нашето срце. Бессилна е молитвата „Господи Исусе Христе, помилуј ме“ ако сме му направиле зло на еден од оние најмали Негови браќа. На прелест и суд е молитвата без вера, без покајание, без преумување.

❊

Со усвојување на мислата *јас сум виновен за сѐ*, се отвора простор за молитвата на митарот: „Господи Исусе Христе, помилуј ме, грешниот!“ Се раѓа чувството на покајание и плач и, воопшто, текот на мислите е сосема спротивен (самоосудување) од оној што следи после мислата дека другиот е виновен (осудување). Кога во своето срце ја прифаќаме помислата дека другиот е виновен и се согласуваме со неа, покажуваме и дека ни е туѓ подвигот на аскетската љубов. Оној што го љубиме, макар и аскетски, никогаш не е виновен.

❊

Кога се трудиме аскетски да ги љубиме оние што нѐ мразат и кога се трудиме да не им враќаме со зло на злото што ни го прават, тогаш на таквите им оставаме простор за покајание. Само Господ знае кога ќе им истече времето за покајание, но исто така и нема да дозволи тие бесконечно да ни причинуваат зло. Нашиот подвиг не треба да е втемелен на нашето очекување да им помине времето за покајание и да им се случи некое зло, туку на надежта дека тие навистина ќе се покајат и ќе се спасат.

❊

Секој човек од Бог добива и време за покајание, но колку повеќе и поголеми гревови прави, толку тоа време му се скратува. Кога му простуваме на оној што ни греши, ние можеме со нашата љубов и молитва да му го продолжиме времето одредено за покајание.

❊

Богочовекот Исус Христос ни го оставил Својот голем дар на покајание и простување на гревовите – бесплатно, односно дарувањето на Својата несоздадена благодат со која и преку мал подвиг, ако сакаме, си го возобновуваме

вечниот, несоздадениот живот во себе. Но, тоа покајание треба да биде лично и конкретно: смирено да го отвориме срцето и да се исповедаме пред духовниот отец и да го восогласиме начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме преку целосрдечно послушание.

❊

Исповедта според следните четири точки ја обезбедува целосноста на нашиот подвиг на покајание и на нашето исцеление:
– дали го нарушуваме подвигот на туѓинување?
– дали го држиме умот во процес на исцеление, преку слепо (апсолутно, целосрдечно) послушание кон духовниот отец и, дали во рамките на тоа послушание, сме во послушание кон сите?
– дали ги држиме сите душевни сили во процес на исцеление преку барање Божја, а не човечка правда?
– дали умот ни е расеан или собран при подвигот на молитвата?

❊

Голем е и славен е подвигот на туѓинувањето. Пресветата Владичица наша Богородица и Секогашдева Марија туѓинуваше. Не само што Сама престојуваше во Светињата на светињите од

Соломоновиот храм, туку уште повеќе туѓинуваше совршено одделена со умот од светот и од неговите работи, а соединета непрестајно со Бог во Своето срце.

⁂

Туѓинуваше и Господ наш Богочовекот Исус Христос. Не само што икономијата на воплотувањето Му беше своевидно туѓинување, туку навистина болно туѓинување Му беше животот меѓу луѓе кои не Го разбираа, кои на крај Го предадоа, се откажаа од Него и Го распнаа. Туѓинуваа и многу од светите Отци. Повеќето од нив од разни аспекти пишуваа за туѓинувањето и за неговите плодови, од личен опит.

⁂

Житијата на сите свети маченици во основа се само незамолчливи сведоштва на екстремното одрекување од овој свет, што постојано ја будат заспаната христијанска совест низ вековите: маченикот, при полна и здрава свест, се одрекува од самиот себе и од сè свое, претпочитајќи ја дури и телесната смрт, само за да не се одрече од својот Господ Христос и за да не Го изгуби: „Кој се одрече од Мене пред луѓето, ќе се одречам и Јас од него пред Мојот Отец Небесен“ (Мат. 10, 33).

⁂

Подвигот на туѓинување не е *место*, туку е *начин*, затоа со малку повеќе напор тој и за нас е возможен. *Последното место*, на степенот на *чистење на срцето од страстите* значи умирање за светот, туѓинување, апсолутно послушание и во рамките на тоа послушание – да се биде послушен и слуга на сите. Ако има некој на кого не сме му послушни, значи не сме застанале на *последно место*. Не сме ја исполниле Божјата заповед: „Оди и седни на последното место!“ На почетокот овој подвиг е претежно аскетски, што значи ние претежно се присилуваме во него додека од нашето срце не „потечат реки од жива вода“ (види: Јован 4, 14), а потоа подвигот станува претежно благодатен, односно ние самите го посакуваме *последното место* и стремиме кон него.

⁂

Треба да се трудиме да им бидеме послушни и на сите ближни, доколку е тоа во согласност со и во рамките на послушанието кон духовниот отец. Во секојдневниот живот тоа значи и дека треба секогаш да гледаме попрво да ја исполнуваме волјата и желбата на другиот отколку својата сопствена. Тоа е подвиг на заземање на *последното место*, што се спомнува во Евангелието, за кое човек треба буквално да се граби, а не со сите сили да го избегнува, додека Бог преку Своите дарови Сам не го повика на повисоко место.

⁜

„Те прославувам, Оче, Господи на небото и на земјата, оти си го сокрил ова од премудрите и разумните, а си го открил на простите. Така е, Оче, зашто таква била волјата Твоја". Кога говори за премудри и разумни, Богочовекот Христос мисли на оние што го отфрлаат подвигот на послушание и смирение и се потпираат само на својот разум и мудрост. А кога говори за простите, мисли на оние што едноставно, како деца Божји, заради исцеление на својот ум, срце и душа, иако разумни и мудри, стануваат неразумни и немудри, и до моментот на откривање на *местото на срцето* пребиваат во подвигот на апсолутно послушание, со едноставна вера и доверба во Бог, исполнувајќи ги во пракса Христовите зборови: „Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша".

⁜

Синот Божји со личен пример ни го покажа и го востанови подвигот на апсолутното послушание: „Сам се смири, откако стана послушен дури до самата смрт, и тоа смрт на крст" (Филип. 2, 8). Секако, апсолутното послушание не го исполни ниту заради Себе, ниту заради Отецот, туку заради нас и нашето исцеление, или спасение, што е едно и исто. Богочовекот Христос ни го покажа патот и ни даде сила, во Светиот Дух, да го поминеме.

⁂

Деца, послушанието и молитвата, посебно за нас монасите, се единствената основа на која се крепи нашиот подвиг на постот како севкупно ослободување од страстите (и од славољубието и од среброљубието), а не само како ослободување од телесните страсти (од сластољубието). Тоа е одликата на вистинскиот пост. Инаку, сè друго мириса на суета и демонска гордост. Затоа кога учениците Го молеа да јаде, Христос им одговори: „Јас имам храна за јадење што вие не ја знаете". А кога учениците зборуваа меѓу себе: „Да не Му донел некој јадење?", Исус им ја открива тајната: „Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме прати и да го извршам Неговото дело" (Јован 4, 32-34).

⁂

Борбата против апсолутната гордост, против духовите на злото од поднебесјето, се одвива во апсолутно смирение, т.е. во апсолутно послушание. Апсолутното (слепо, совршено) послушание кон духовниот отец, доброволно и слободно прифатено, според светите Отци, е единствениот лек за нашата болест. Апсолутното послушание е апсолутен прекин на хранењето на страста на нашиот ум, гордоста.

⁂

Да почнеме од апсолутно послушание, кое за оние што се научени да се потпираат на својот разум е „камен за сопнување и камен за соблазнување, на кој тие се сопнуваат, не покорувајќи му се на словото..." (1. Петр. 2, 7-8), а за оние коишто сакаат да се восовршат е радост во безгрижноста на децата Божји, изобилство на благодатта и непоколеблив темел на молитвеното тихување.

⁂

Единствено преку послушанието, нашиот горд, расеан и затемнет ум го ставаме во процес на исцеление, преку кое стекнуваме смирен, молитвено собран во срцето и просветлен ум.

⁂

Како што послушанието носи со себе смирение, собраност во молитвата и *просветлување на умот* (послушниот нема потреба од грижа за што било), така и непослушноста или веќе пројавената гордост носи со себе расејување и затемнување на умот. Расејувањето на умот преку сетилата, грижата за овоземните работи и иднината, фантазиите, демонските предлози во вид на помисли и паранојата, според светите Отци – ова е вистинскиот блуд на нашата душа и основа за секој понатамошен блуд.

⁂

Послушанието и молитвата се распнување на разумот, на логиката од овој свет – некогаш волно, некогаш неволно, а најчесто аскетски; соодветно на оние кои сѐ уште го ослободуваат своето срце и својот ум од страстите. Подвигот од надворешен, лека-полека, преминува во свесен и слободен, внатрешен.

⁂

Апсолутното послушание е идеал и предание од светите Отци кон кој треба да се стремиме, секој според својата желба и моментални сили. Тоа не е мислење на овој или на оној духовник, кое заради нашата мала вера и љубов кон Бог и раслабеност во подвигот, самооправдувајќи се, можеме да си дозволиме да го релативизираме или, не дај, Боже – негираме.

⁂

Послушанието е верба и доверба во Бог, а не во човек. Ова е клучен момент во подвигот на послушанието, кој не смее да се превиди! Со апсолутното послушание кон духовниот отец, духовното чедо всушност на дело ги покажува и својата вера и доверба во Божјата љубов и промисла за негово спасение. „Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене

се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној Кој Ме пратил“ (Лука 10, 16). Значи, послушанието, односно духовното раководство не треба да се сфати идолопоклонички, како доживотна потчинетост на човек: „Вие сте скапо платени, не станувајте робови на луѓе“ (1. Кор. 7, 23).

⁂

Постои еден тип луѓе кои послушанието кон духовниот отец го сфаќаат како еднаш засекогаш даден и непроменлив закон, или состојба или однос, и така го живеат; во смисла дека тој доживотно духовно раководи со нив, а тие се во некакво доживотно послушание... Таквите луѓе или немаат доволен интелектуален капацитет да сфатат, или не знаат, или идејата за така сфатеното послушание им се вклопува (најчесто несвесно) во психопатолошките механизми на самооправдувањето и, оттука па натаму, задоволни од божемната протекција на духовникот, не ни сакаат да размислуваат или да се потрудат за нешто посуштинско и повозвишено. Затоа, на сите нив најчесто им се случува послушанието да го сведат на формално, надворешно, и никогаш да не успеат внатрешно и вистински да се пронајдат и надминат преку него.

⁂

Оние што послушанието го сфаќаат како еднаш засекогаш даден идолопоклонички однос,

самите себеси се прават неспособни за покајание, самите се одрекуваат од перспективите на духовниот развој. Едноставно, стануваат духовни инвалиди. Зашто, вистината е благодат, а лагата или прелеста се отпаѓање од благодатта. Едното е светлина, а другото е темнина. Особено тоа важи за оние што таквото сфаќање за послушанието го користат како самооправдување на своето духовно стагнирање, а сè заради несакање да вложат доволно волја и усилби во подвигот на покајанието, преумувањето. Таквите, свесно или несвесно, ги води духот на конформизмот и на компромисот со овој свет – еден од најсуптилните духови на антихристот.

⁂

Оној што има опит на послушание знае дека послушанието кон духовниот отец во суштина е однос на вера и доверба во Бог, а не во човек. Затоа, како плод на така сфатеното и така оствареното послушание се појавува личниот однос со Бог. Оној што нема опит, пак, треба да го живее подвигот на послушание сходно претходната реченица ако не сака да промаши.

⁂

Да запамтиме: прво, послушанието не е еднаш засекогаш даден идолопоклонички однос што ги негира или изобличува ликот и подобието Божји

во човекот; и второ, смислата на привременото духовно раководење во православниот духовен живот, остварено во личносниот однос духовен отец – духовно чедо, се состои во динамично растење во мерата на растот Христов (види: Ефес. 4, 13) и достигнување на нов квалитет на личносни односи, според икона и подобие на Бог – Света Троица. Послушанието е лично прифаќање и сведочење во сила на воплотувањето на Синот Божји, а непослушанието е лично одрекување од спасителните последици на воплотувањето на Синот Божји; одрекување на воплотувањето од Светиот Дух и Дева Марија.

❊

Кога некој би побарал од мене со една реченица да ја објаснам тајната на послушанието, јас би се обидел вака: послушание е остварување на сите наши желби и цели, но не на начин на кој ние тоа би го испланирале и направиле, туку на начин на кој тоа Бог би го промислил, а ние слободно би го прифатиле и би Му содејствувале. Некој може да си ги оствари своите желби и цели и на првиот начин, но последицата ќе биде отсуството на Бог во него.

❊

Во послушание спаѓа и истрајното трпение со целосрдечна благодарност кон Бог за сите

искушенија и неволји што нè снаоѓаат. Сомнителен е нашиот однос, нашата благодарност кон Бог во времето кога ни се случуваат само добри работи. Нашиот вистински синовски однос со Бог треба секогаш да се темели на благодарност, на искрено благодарење во секоја ситуација, без оглед на тоа дали нè снаоѓа добро или зло. Наше е само да ја исполниме Божјата волја, независно од тоа дали, и покрај нашиот вложен труд, таа за нас ќе значи успех или неуспех, здравје или болест, живот или смрт.

❈

Битно е да запамтите: оној што ја бара човечката правда се откажува од Божјата благодат.

❈

Дури некој и да направи нешто што мислиме дека нè загрозува или повредува, тоа е за нас добро зашто нè освестува дека немаме љубов и смирение тоа да го покриеме. Оти нам Христос ни е критериум, а не некоја човечка правда.

❈

Божјата правда е љубов, а не враќање со зло на зло. Таква треба да биде правдата и на секој што сака да се нарече себеси христијанин.

Што е барање на Божја правда, а што е барање на човечка правда? Барање на Божја правда е кога во секој момент од нашиот живот се трудиме да живееме како што Богочовекот Христос живеел и како што Он ни заповедал да живееме. На пример, ја бараме Божјата правда кога во моментот на некое искушение, кога некој со нешто нѐ повредува, после нашата прва реакција, застануваме, се погледнуваме себеси и си велиме: „Дали сум јас сега сличен со Христос, дали постапувам како Него? Дали Христос во мојата ситуација би ги имал тие чувства, тие мисли, дали би ги кажал тие зборови, дали би го направил тоа што јас сега го правам..?“ На тој начин секогаш ја наоѓаме вината во нас – во нашата несличност со Христос.

Барање на човечка правда е кога критериум на нашиот живот станува човекот – неговиот живот, неговите морални вредности, неговите закони и неговата правда. На пример, ја бараме човечката правда кога во моментот на некое искушение, кога некој со нешто нѐ повредува, си велиме: „Гледај што ми прави, а јас ништо лошо не му направив? Зошто ми враќа со зло на сите мои добрини кон него? Сега, ќе види он, како јас ќе му вратам за тоа зло!“ – и кога според тоа

постапуваме. На тој начин секогаш вината ја лоцираме во другиот – во неговото непостапување според нашето очекување и нашиот критериум за добро.

⁂

Зошто за туѓинувањето, послушанието и исполнувањето на Божјата правда зборувам како за еден подвиг? Затоа што тие, во суштина, се еден подвиг: кој го напушта туѓинувањето, го напушта послушанието и ја напушта Божјата правда; кој го нарушува послушанието, го нарушува туѓинувањето и ја нарушува Божјата правда; и кој бега од Божјата правда, бега од послушанието и од туѓинувањето.

*Монахот е дете Божјо. Монахот е повикан да објави дека овој свет и неговиот облик поминуваат; дека ќе има воскресение на мртвите, во тело; дека ќе се случат нова земја и ново небо; дека на крајот љубовта ќе остане; дека на крајот личноста, во заедница, ќе остане; дека ќе се воспостават нови односи според икона и подобие на Света Троица; дека ќе живееме „во место светло... каде што нема да има ниту тага ниту болка ниту воздишка, туку живот бесконечен..." Монахот објавува дека сето ова уште не се случило, но и дека веќе се случува.*

❈

Мачеништвото, монаштвото, и јуродивството заради Христос се трите најекстремни начини на одрекување од овој свет и затоа – начини на живот што најбрзо и најблиску го соединуваат човекот со Бог. Затоа, најчесто кај овие подвижници, како што вели и свети Јован Лествичник, можеме да ги забележиме изобилно излеани сите дарови Божји на *обожението*: и *непрестајна умносрдечна молитва*, и *гледањето на несоздадената светлина*, и *грабнувањето на умот*, и *телото духовно*, и *дарот на чудотворство*, и *љубовта и кон непријателите*. Овие три начини на христијански живот взаемно се проземаат и во суштина се неразделни. Маченикот е речиси секогаш монах (сам) и јуродив. Вистинскиот монах е речиси секогаш јуродив и маченик. Јуродивиот е речиси секогаш маченик и монах.

❈

Монаштвото во својата суштина е онтолошки бунт против паднатиот свет, паднатата природа и самољубието.

❈

Монахот е сведок на смртта за овој свет, но и сведок на животот за Бог, во Христос Исус, нашиот Господ. Монахот умира за светот кога физички се одвојува од него. Монахот умира за

светот и кога внатре во себе се ослободува од ропството на своите страсти. Но, монахот целосно умира за светот кога молитвено ќе го закопа и кога постојано ќе се труди молитвено да го задржи својот ум во своето срце, чекајќи го таму дарот на Христовото Воскресение, чекајќи ја таму светлината на невечерниот ден на Царството на Отецот и Синот и Светиот Дух. Амин!

⁂

Монахот е повикан на совршенство. Што значи тоа? Тоа значи дека не е повикан како монах да го остварува само она што е добро – особено според критериумите на светот, туку е повикан на евангелско совршенство – „Бидете совршени како што е совршен вашиот Отец Небесен“ (Мат. 5, 48). Луѓето во светот се повикани, ако ништо друго, барем да прават добро, односно да го остваруваат тоа на дело. Но, ако монахот го остварува само она добро како и луѓето во светот, која е разликата меѓу некој кој тоа го живее во светот и монахот кој живее во манастир? Тоа значи дека човекот во светот на некој начин го исполнил својот повик, а монахот – не, бидејќи тој се одѕвал на повикот за совршенство, а не го исполнил.

⁂

Етиката во манастирите не е само добро надворешно однесување туку таа е пред сè

аскетика. Човек треба добро *да нагази* врз своето самољубие и суета за да може да му послужи на својот ближен, како во потребите од секојдневниот живот така и за неговото спасение. Кога велам *нагази*, не мислам на потиснување на своите страсти, туку на очистување и преобразување на страстите, на пример, од самољубие во Богољубие и братољубие.

❊

Монахот не Му принесува на Бог само нешто од она што е негово туку самиот себеси, целиот свој живот и надеж, а Бог му се открива и принесува нему како личност. Тој личносен однос со Бог секогаш се проверува во заедница со нашите ближни. Христос во Својата љубов се поистоветува со секој човек на земјата. Затоа, ближниот не треба да го повредиме ниту со мисла, а камоли со збор или со зло дело. Тоа не е лесен подвиг, но затоа е радосен.

❊

Иако монашкото, аскетско-исихастичкото, теолошко предание низ вековите се занимавало со различни теолошки предизвици, сепак, неговото темелно вдахновение, како и неговата крајна цел останале исти: човекот, создаден според образот Божји, како личност, како теоцентрично и христолошко битие, нормално и природно може

да живее пред сè во слободна и љубовна заедница со Бог во Богочовекот Исус Христос.

⁂

Монаштвото е натприроден Божји дар со кој се обдарува преобразената човечка природа.

⁂

Тајната на монаштвото се состои во *чистотата на срцето*. На *чистите по срце* им се открива тајната на соборниот живот во Црквата, тајната на личните односи. Дека живееме еден за друг и дека ништо, па дури ни смртта не може да ја растури оваа заедница. За нас во Црквата не постојат прегради во времето и просторот. Вистинскиот монах, иако телесно оддалечен, најверно е благодатно и молитвено присутен во овој свет, во оние што ги љуби и за кои се моли. Пред сè, блиску е до секоја пролеана солза, до секоја болка и страдание, ублажувајќи ги со мелемот на сострадалната благодатна молитва и љубов.

⁂

Монаштвото како подвиг на заедница со Бог и Црквата, во *чистотата на срцето* и *просветленоста на умот* претставува онтолошка слобода – како *обожение*.

⁂

Отците велат дека светлината за монахот е ангелот и како што ангелите сето време го поминуваат во славословие на Бог така и монахот би требало да живее во славословие и благодарење на Бог. А светлина на сите луѓе во Црквата, за сите верни, се монасите.

⁂

Монашки е, низ Христос во Светиот Дух, да го живееме гревот на грешникот како свој сопствен и да си наложиме смирение врз смирение и покајание врз покајание. Тоа е навистина свето, а монахот е повикан на светост. Тоа е пат на христовподобување. Нашиот живот постепено се поистоветува со Христовиот. Нашата молитва постепено се поистоветува со Гетсиманската молитва. Молитва за целата Црква, посредно – и за целото човештво.

⁂

Онаму каде што има манастири и монашки центри животот е сосем поинаков, се менува ликот на свештенството и целиот народ. Луѓето што доаѓаат во манастирите наоѓаат поткрепа, утеха и одговор на многу од своите духовни проблеми и прашања, бидејќи монахот има искуство во духовниот живот, има опит од борбата

со властите и поглаварствата во поднебесјето или од борбата со демоните и страстите и може да им помага на верните во таа борба.

❊

Присуството на вистинските монаси кај луѓето ја буди заспаната совест, го трезни опиеното срце, го урива рационалниот поглед на свет. Нивните мисли, зборови и дела се преносници на силата на Царството Небесно во овој свет. Никој во нивно присуство не останува рамнодушен.

❊

Демонската философија „кај сите, таму и ние“ или „сите прават така, па и јас правам така“ – е крајно релативизирана онаму каде што има монаси. Нивното автентично сведоштво на ликот Христов во ова време и на овие простори ги актуелизира зборовите на светиот апостол Павле: „Ние сме благоухание Христово пред Бог меѓу оние кои се спасуваат и меѓу оние кои гинат. За едните мирис на смрт за смрт, за другите мирис на животот за живот, а за ова кој е способен“ (2. Кор. 2, 15).

❊

Отците велат: „Дај крв, прими Дух“. Треба да се случи да поведеме голема борба со своите

страсти (онаа што ја води монахот) за да стекнеме слобода од аспект на вечноста. А каде што е Светиот Дух, таму е и слободата.

⁂

Стапувањето во манастир е лична определба и одлука, а не предодреденост. За оние што живеат во Христос, не е точно тврдењето „некој може, а некој не може“. Тоа е самооправдување. Точно е само тврдењето дека некој не сака, а некој сака целиот свој живот да Му го посвети на Христос. Тоа е и многу свесна и конкретна одлука, бидејќи секој што сака да дојде во манастир треба да знае точно зошто доаѓа, што се бара од него, што тој треба да очекува, како треба да постапува итн.

⁂

Зборот *преумување* е буквален превод на грчкиот збор *μετάνοια*, кој кај нас е преведен како *покајание*. Според ова, на оној што доаѓа во манастир му претстои подвиг на покајание, или поточно, преумување. Во пракса тоа значи дека како прво и основно треба својот ум да го потчини на умот на духовниот отец преку апсолутно послушание. Исто така, треба да се труди да им биде послушен и на сите браќа или сестри во манастирот, доколку е тоа во согласност со и во рамките на послушанието кон духовниот отец.

Тоа е подвиг на заземање на *последното место*, што се спомнува во Евангелието, за кое човек треба буквално да се граби, а не со сите сили да го избегнува.

⁂

Она што треба најпрвин да освести секој еден што сака да стапи и да остане во манастир е неговата болна и грешна состојба, а посебно неговата заробеност од страста славољубие. А она што најпрвин треба да го знае е светоотечкиот опит и сознание дека оваа страст се исцелува во конкретно и апсолутно послушание, кое се заснова на неговата вера и доверба во љубовта и промислата Божја за него и кое уште се пројавува и како истрајно трпение со благодарност кон Бог за сите искушенија и неволји што притоа го снаоѓаат.

⁂

Монахот екстремно се одрекува од овој свет – надворешно, ограничувајќи го своето тело, просторно и временски, во рамките на манастирот и на манастирскиот типик; и монахот екстремно се одрекува од овој свет – внатрешно, исцелувајќи ги и преобразувајќи ги своите душевни сили (умот, волјата и желбата) од страсти во доблести, во рамките на целосрдечното послушание кон својот духовен отец.

⁂

Најважен монашки подвиг, сепак, е своеволното поставување на умот во процес на исцеление и преобразување преку послушание, зашто тој е словесната сила на душата и преку него се управуваат волјата и желбата како бесловесни сили на душата. Сето претходно објаснето светиот апостол Павле го има опфатено во една реченица: „...Светот се распна за мене и јас за светот“ (види: Гал. 6, 14).

⁂

Основна добродетел во манастирот, основно барање што се поставува пред оној што доаѓа во манастир е да го стави својот ум во процес на исцеление преку послушание на друг ум, а тоа во манастирот секако е умот на духовниот отец. Без целосрдечно послушание кон духовниот отец, монахот го промашил своето доаѓање во манастир, зашто останува во една од главните страсти од кои боледува и која го држи неговото срце затворено за повисоките степени на молитвата, а тоа е страста гордост.

⁂

Кога новодојдениот слободно и љубовно влегува во послушание, односно кога го потчинува својот ум под умот на неговиот духовен отец,

од тој момент започнува и процесот на неговото духовно исцелување; започнува *очистувањето* на енергијата на неговиот ум, а преку енергијата се чисти и суштината на умот, што се наоѓа во срцето. Престанува хранењето на страста славољубие и започнува нејзиното преобразување. Токму во апсолутното, конкретно и непосредно послушание ја наоѓаме смислата на нашиот монашки подвиг. Сѐ друго имаме и во светот...

⁕

Ако монахот не го сфати и живее туѓинувањето како екстремно одрекување од овој свет, така како што го опишал и свети Јован Лествичник, тогаш напразно седи во манастирот – во смисла ако сака да го достигне она што значи монашки идеал, односно непрестајна умносрдечна молитва и гледање на несоздадената светлина. Ако монахот не умре за овој свет, нема ни да воскресне. Ова во суштина е така и тука нема никаква симбиоза помеѓу двете крајности, никаков компромис, никаков договор, никаков рационализам и никакво оправдување за евентуално релативизирање на спротивностите. Или едното или другото. А за ова треба фанатизам; и толку. Денес има многу книги и многу учители и духовници, а малку аскетско-исихастички фанатизам и малку плодови на Светиот Дух.

Од Своето Зачнување и Рождество па сè до Своето Крштение, Христос ни го покажува степенот на *чистење на срцето од страстите*. И што уште ни покажува? Ни покажува многу јасно и силно дека ако сакаме правилно и без пречки да го поминеме и надминеме овој степен, не ќе можеме на друг начин освен, главно, преку апсолутно послушание кон нашиот духовен отец. Гледајте Го Христос, Кој иако Бог, колку до совршенство им е послушен на Својата Мајка и на праведниот Јосиф, како и на правилата на Законот, и тоа до Својата триесетта година. Што да кажам за нас денеска кои доаѓаме во манастир и како да немаме поим што ни се случува, а камоли нашиот ум доброволно да го предадеме во потчинетост, поточно, под духовно раководство на нашиот духовен отец?!

Смислата на раководењето во духовниот живот низ личносниот однос духовен отец – духовно чедо е нов квалитет на односи, растење во Христос, според икона и подобие на Бог, Света Троица. А не е однос, како што некои го сфаќаат и што најчесто се сретнува во далекуисточните философско-религиозни системи, под видот на еднаш за секогаш дадените идолопоклонички односи: гуру (учител) – ученик.

⁂

Улогата на духовниот отец во процесот на *чистење на срцето* е незаменлива. Духовниот отец треба да освести три основни моменти во духовниот живот кај своите чеда. Прво, правилно исповедување, при што духовното чедо треба да ја исповеда состојбата на своето срце создадена во моментот и после искушението, без самооправдување и без осудување на другите. Усвојување на мислата *јас сум виновен за сѐ* е основен предуслов за правилна исповед. Второ, непоистоветување со помислите, чувствата и желбите без нивна претходна проверка со духовниот отец. И трето, значението на телесниот подвиг до мигот на *отворањето на срцето*.

⁂

Многу е добро ако духовниот отец е на степенот на *просветлување на умот*, бидејќи тој тогаш има поминато добар дел од патот и веќе знае како да ги води другите. Кога монахот ќе стигне на вториот степен, тогаш односите со духовниот отец преминуваат на друго – повисоко ниво, на ниво на однос меѓу духовни браќа. Ако духовниот отец не е на вториот степен, тогаш монахот е слободен дури и да го напушти својот духовен отец – но само ако е на вториот степен и ако со тоа добива подобри услови за молитвено тихување т.е. исихија, односно за исихастички

начин на живот. Ако, на пример, отецот е на третиот степен, тогаш монахот би требало да остане со него бидејќи отецот ги има поминато сите овие степени и знае да го води низ нив и да му измоли од Бог совршенство. Од тоа на кој духовен степен се наоѓа монахот, зависи и каков ќе биде односот со духовниот отец.

⁂

Нашиот личносен однос со Бог не се случува преку нашиот личносен однос со духовниот отец, туку обратно, нашиот личносен однос со духовниот отец се случува преку личносниот однос со Бог. Секако, доколку и духовниот отец гради личносен однос со нас, а не острастен. Значи, личносниот однос, прво, со Бог го градиме опитно, со покажаната доверба во Него преку врзување за словото на духовниот отец, а од така изградениот личносен однос со Него, примаме благодат за градење на правилен личносен однос и со духовниот отец, доколку и тој е подготвен за таков.

⁂

Нас на почетокот нè интересира само послушанието во својот екстремен облик. Кога некои ќе слушнат за монашкиот подвиг на послушание, тие, во своите површински и световни знаења, го сметаат монахот за ненормален. Да, тој е

ненормален (јуродив), но заради Христос, што е во суштинска предност од тоа да си нормален, заради демонот. Еве што вели за тоа светиот апостол Павле: „Мудроста од овој свет е безумство пред Бог“ (1. Кор. 3, 19). Зашто е напишано: „Ќе ја погубам мудроста на мудрите и ќе го отфрлам разумот на разумните“ (1. Кор. 1, 19).

⁂

Должни сме да го прифатиме зборот на нашиот духовен отец за работите во секојдневниот манастирски живот без поговор. На секое наше знаење, кое во извесна област од практичниот живот може да биде и поголемо од обично, често поголемо и од знаењето на духовниот отец во таа област, треба да му го претпоставиме судот на духовниот отец, за да се сочуваме од пад во непослушание. Не сме дошле во манастир заради земјоделие, сточарство, градежништво, за издавачка или научна дејност или слично, туку заради *очистување на срцето* и *просветлување на умот*, заради умносрдечната молитва и заради совршена лична заедница со Бог, Света Троица.

⁂

Должни сме да ги прифатиме волјата и расудувањето на духовниот отец како наша волја и наше мислење и да постапуваме според неговиот

последен збор. Битно е исправноста на сите наши посебни мисли, желби и чувства да ја проверуваме со нашиот духовен отец. Секако, проверката претпоставува и изложување на нашите ставови и видувања, но без оглед на степенот на нашето поистоветување со нив и душевната болка што ќе ја претрпиме ако бидеме одбиени, ние мора да ги восогласиме со последниот збор на отецот. Особено ваквото послушание е пресудно во периодот на *чистење на срцето* и не смее да се напушти до моментот на добивање на дарот на умносрдечната молитва. Друг редовен пат нема.

Монашкиот живот е бесмислен без послушание и без секојдневен целодневен молитвен подвиг. Само во послушанието и во континуираниот молитвен подвиг на монахот му се откриваат нови внатрешни и надворешни простори и случувања. Само таквиот монашки живот е осмислен, живоносен, нов, интересен, креативен, љубовен, радосен, слободен, светлоносен, богоносен.

Монахот што го напушта подвигот на послушание, пред добивањето на дарот на молитвата на срцето, веќе не е монах.

⁂

Туѓинувањето е неопходен подвиг на апсолутно одрекување од светот, кој трае сè до добивањето на дарот на умносрдечната молитва. Апсолутно е апсолутно. Гробот на мртовецот може кој сака да го посети, но мртовецот не излегува од гробот, освен ако не го чуе гласот на Господарот свој. Времето е кратко. Можност за покајание секогаш има, но многу потешко можеме да се ослободиме од големата идеја за самите себе по примањето на големиот ангелски образ (или на свештеничкиот чин) отколку пред доаѓањето во манастир. Кој сфати – сфати. Кој исполни – исполни. Кој промаши – навистина промаши.

⁂

Според светите Отци, послушанието овозможува безгрижност и нерасеаност во молитвата, а чистата молитва – *очистување* и *просветлување на умот*, прво на неговата енергија а потоа и на неговата суштина. Умот станува смирен, собран во срцето и просветлен – состојба што никогаш нема да им биде позната на оние кои не поминале низ овој светоотечки опит.

⁂

Дали ќе имаме собрана или расеана молитва зависи од тоа дали го исполнуваме подвигот на

туѓинување, послушание и исполнување на Божјата правда, или не. Ако го исполнуваме подвигот, и молитвата ќе ни биде собрана; ако ли не, молитвата ќе ни биде обессилена од демонските помисли. Расеаноста треба да се исповеда и треба да се пронајдат причините за тоа; и да се отстранат, преку покајание.

⁜

Доколку го немаме духот на самоодрекување, ќе бидеме сконцентрирани на она што нам ни се случува, на тоа какви желби имаме, какви помисли нѐ окупираат, што чувствуваме, дали ни е добро во кој било поглед итн. Тоа е еден вид болна состојба на расеаност на умот која е плод на острастеноста на срцето (како духовен центар на нашето битие) и се манифестира, меѓу другото, како отвореност на сите наши сетила во потрага и кон восприемање на разни дразби што ни доаѓаат однадвор или однатре, сеедно, сè со цел да се чувствуваме пријатно.

⁜

Самосозерцанието е наша голема страст и болест преку која демонот нѐ држи врзани и нѐ води каде што сака, како бесловесни животни, секако далеку од срцето. На пример, ако постапуваме во духот на самосозерцание и наемништво, секогаш кога за време на молитвата нема

да ги гледаме нејзините очекувани плодови, ние ќе престанеме да се молиме. Со тоа само ќе покажеме дека ниту знаеме што правиме ниту пак знаеме што бараме, или најточно, Кого бараме за време на молитвата. Духот на самонабљудување ни се поткраднува и во моментите кога се восредоточуваме дури и на ефектите што ни се случуваат при молитвата во срцето. Истиот момент молитвата престанува.

⁜

За избавување од замката на самосозерцанието многу помага и тоа, во периодите на сокриеност на благодатта, особено кога целиот наш духовен и телесен подвиг е повеќе аскетски отколку благодатен и бара многу повеќе напор, сепак да продолжиме да се трудиме во придржувањето кон одредбите на манастирскиот типик: будење навреме, бдение, земање храна и вода само во времето определено за тоа, одење редовно на сите служби, стоење и поклони при молитвата, извршување на манастирските послушанија итн.

⁜

Кога се зборува за монашкиот живот, акцентот секогаш паѓа врз преданието на умносрдечната молитва. Вкоренувањето во ова свето предание монахот го прави монах и го разликува од световниот човек. Единствено *отвореноста*

*на срцето* за Исусовата молитва покажува дека срцето на монахот не е заробено од некаква страст. Ако срцето на монахот е заробено од некаква страст и е непристапно за умот, тогаш меѓу монахот и кој било човек од светот нема суштинска разлика: и едниот и другиот се заробеници на светот. И едниот и другиот спаѓаат во категоријата *свет*.

⁂

Монахот се буди и заспива со Исусовата молитва. Монахот дури и во сон ја изговара молитвата, како *награда* за дневниот труд и како предвкус на дарот на благодатната непрестајна молитва. Сè друго освен подвигот во молитвата, за монахот е очајание и прелест; секоја немолитвена мисла – помисла. Оној што е во послушание, секогаш е и во молитва. И обратно. И спротивно.

⁂

Сакаш умносрдечна молитва? Земи и моли се непрестајно целото време додека си буден. Тоа значи да живееш *овде и сега*. Тоа значи да Му покажеш и докажеш на Бог дека се смируваш и дека ја сакаш умносрдечната молитва (т.е. Него), која е дар Божји и која со свои, само човечки сили, никогаш не може да ја добиеш. Ако чекаш некое друго место и некое друго време во кое ќе имаш подобри услови за молитвен подвиг,

знај дека тоа *тамо и некогаш* – никогаш нема да дојде. Затоа што и тоа *овде и сега* и тоа *тамо и некогаш* се наоѓаат во твоето срце. Царството Небесно е внатре во вас, Regnum Caelorum – hic et nunc (Царството Небесно – *овде и сега*)!

⁂

Монахот ако не го достигне *отворањето на срцето* и умносрдечната молитва, ги промашил својата назначеност и својот живот. Монахот е повикан на совршенство, односно на *обожение*. Затворањето на срцето за кој било човек, значи крај на духовното растење.

⁂

Монахот е должен да Го нахрани, напои, прибере, облече, посети и да Му послужи на Христос во своето срце. Секако, за да го оствари ова, најнапред треба да го очисти своето срце од страстите, да го осознае *местото на срцето*, да го открие Царството Небесно внатре во себе и да застане пред Царот на славата, распнат заради нас и наше спасение.

⁂

Зборовите „ако зрното пченично што паднало на земја не умре, останува само; а ако умре – ќе донесе голем плод", во Евангелието (Јован 12, 24),

значат дека ако монахот не умре за светот (своите страсти), останува сам – вон вистинска заедница со Бог и вон заедница со останатите околу себе. Давање на плод е добивањето на дарот на умносрдечна молитва и остварувањето вистинска личносна заедница со Бог и со останатите околу себе, со своите ближни.

*Господи Исусе Христе,*
*обрати ми се и мене, без личен подвиг*
*и умртвен од страстите,*
*и само поради мојата тага по Тебе*
*воскресни ме, та да бидам жив*
*за Отецот мој Небесен,*
*а мртов за гревот,*
*во Црквата на Светиот Дух.*

⁜

Постот и молитвата ни се голем дар Божји, без кој за нас луѓето нема *обожение* и спасение. Тие се наше благодатно учество во Крстот Христов, па затоа и во Неговото Воскресение. Постот и молитвата ги осветил и ни ги подарил во Црквата Самиот Господ, Богочовекот Исус Христос, преку севкупниот Свој живот во тело меѓу нас луѓето. Господ постеше во пустината четириесет дена и четириесет ноќи и често се повлекуваше насамо на молитва.

⁜

Постот и молитвата се секогаш соборен подвиг и начин на живот во Црквата. Ние ги оствaруваме само во Црквата, и тоа во заедница и потпомогнати од сите нејзини членови, земни и небесни. Затоа, ние не се молиме и не постиме само за наше спасение, туку, напротив, тоа го правиме пред сѐ за целата Црква, за нашиот Епископ, за свештениците и за сите луѓе, а најпосле за нас.

⁜

Молитвата, наједноставно кажано, е дијалог што човекот го води со Бог. „Господ ни ја даде заповедта да Го љубиме Бог со сето срце, со сиот ум, со сета душа. Можно ли е да Го љубиме без

молитвата? ...Оној што Го љубиш на Него мислиш, за Него зборуваш, со Него сакаш да бидеш“ (свети Силуан Атонски). Колку повеќе човекот се труди да биде со Бог преку еден ваков молитвен подвиг, толку повеќе Бог му дава тој молитвен дијалог да биде поквалитетен и попостојан.

⁂

Во контекст на целото Евангелие Христово, во суштина, молитвата никогаш не се сфаќа како барање туку како давање. Оној што молитвата ја сфаќа како некакво барање, уште не сфатил во Кого верува и Кого бара. Ние во молитвата Го бараме само Него, но можеме да Го најдеме и добиеме само ако целосно Му се дадеме. Така, ако молитвата не ја сфатиме како целосно давање, никогаш нема да Го добиеме Оној Кој веќе сѐ ни дал, пред сѐ целосно Самиот Себеси.

⁂

Што значи тоа за нашата молитва дека Го бараме Него, а не нешто? Само првиот призив е молитва, а сите понатамошни призиви се давање – тоа е во случај кога Го бараме само Него. Во случај кога бараме нешто, а не Него, тогаш молитвата се претвора во едно бесконечно и бесплодно барање – кое на крај нѐ заморува и го напуштаме. Он толку копнее по нашата љубов што *секогаш се надева* и на првиот наш призив

се појавува и општи со нас, но во случајот кога ние бараме нешто, а не Него, ние не Го ни забележуваме. Што да кажам понатаму..? Да не должам, од оваа евангелска реченица сѐ ќе ви стане јасно: „Никој не може да Го нарече Христос Господ освен во Светиот Дух“ (1. Кор. 12, 3).

⁂

Дар за верните, кои најнапред Го добија Царот и Царството Небесно, е да им се придадат и другите работи од секојдневниот живот. Никогаш не се совпаѓа со нивната етика, та навистина и во молитвата да ги бараат тие нешта за себе. Чест и радост на верните е да го поделат со Христовите најмали браќа и тоа што ќе им се придаде. Должност, а и за духовна полза на сите нас, е да се молиме за здравје, радост, материјални добра и успех на сите луѓе, но не и за самите себе – за да не станеме како незнабошците. Дар од Бог само за совршените е ваквите молитви за другите луѓе да им бидат слушнати. Како што велат светите Отци, на оној што ја исполнува Божјата волја, и Бог му ја исполнува неговата.

⁂

Молитвата на почетникот е непрестаен аскетски подвиг на единство со Бог. Молитвата на просветлениот е чудотворна. Совршениот, пак, нема молитва.

❊

Основен предуслов за молитвата е нашиот однос кон ближниот. Не смееме никогаш да се поставуваме над некого, да се сметаме поважни, повредни од кого и да е. Тогаш напразно се молиме. Замислете го и најништожниот и најгрешниот човек (жив или починат) за кој вие сметате дека е таков. Е, треба да знаеме дека ние сме и под него, и дека тој е повреден и поважен од нас.

❊

Заклучокот за тоа кој сум и што сум го извлекувам од мојата споредба со Христос Богочовекот, Совршениот. И уште, заклучокот за самиот себе и мојот однос кон ближниот го извлекувам и од тоа како Бог гледа на мојот ближен – оти Он се поистоветува и со најмалиот наш ближен: „Она што го направивте на еден од овие Мои најмали браќа, Мене Ми направивте“ (види: Мат. 25, 40). И гледам дека сум во суштина најгрешниот човек, подолен од сите, ни од што претходно постоечко создаден. Никој и ништо... Значи, и заклучокот за нашиот ближен не го извлекуваме од неговите дела, туку од тоа како Бог гледа на него.

❊

Треба да знаеме дека духовно сме слепи, треба да веруваме дека Христос може да нè исцели и

треба оваа наша вера да ја докажеме со што почесто призивање на името Исусово, без да дозволиме некој или нешто да нè попречува. Кога постепено, преку молитвениот подвиг ќе почнеме да ја чистиме енергијата на умот, тоа ќе ни овозможи да согледаме каде се наоѓаме, да видиме дека сме паднати, дека сме слепи во однос на Христовиот идеал, и уште посилно да повикаме кон Него.

⁂

„Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме грешниот (грешната)." За христијанинот кој живее во Црквата, што значи учествува во нејзините Свети Тајни (Причест, Исповед) и свети добродетели, нема побрз и поедноставен пат за остварување на лична заедница со Бог од оваа молитва. Оваа кратка молитва може да се изговара и со два-три збора повеќе или помалку. Суштината на кратката молитва е во непрестајното и нерасеано пребивање на умот во Бог, во заедница со Него.

⁂

Умносрдечната молитва е дар Божји што го добиваат оние што во доволна мера го очистуваат своето срце од страстите. Препознатлив знак за ова е пројавата на благодатта на Крштението во доволно очистеното срце. Само таа благодат

може да го привлече умот, да му го покаже *местото на срцето* и да го држи собран во молитвата таму. Она што Бог на крајот му го дарува на подвижникот е непрестајната умно-срдечна молитва и гледањето на несоздадената божествена светлина.

⁂

Сестра Н: Отец, што е тоа *место на срцето*, а што *отворање на срцето*? Дали се тоа две различни појави?

Отецот: Случувањето кога благодатта за прв пат на таков начин се пројавува во срцето, го нарекуваме *отворање на срцето*, а местото каде што благодатта Божја се пројавува, се нарекува *место на срцето*. Една и иста благодат, енергија Божја, го дејствува тоа случување: и *отворањето на срцето* и држењето на *местото на срцето* активно.

⁂

Голема е славата на свештената и божествена умносрдечна молитва, чијшто почеток Бог му го подари на човекот во рајот, од каде што таа и го води своето потекло. Но неспоредливо поголема слава оваа молитва стекна кога Посветата од сите Свети, почесна од Херувимите и неспоредливо пославна од Серафимите, Пресветата Богородица, тихувајќи во Светињата на светињите,

со помош на умносрдечната молитва ги досегна крајните висини на богопознанието, удостојувајќи се да стане просторна ризница на во сета твар Несместливиот, на во Нејзе вселеното ипостасно Слово Божјо, Кое од Неа заради спасението на родот човечки бессемено се роди.

❊

Тоа што ние треба да Му го принесеме на Бог, подобно на Богородица, за да може Христос да се роди во нашето срце е девственоста на нашите души, и тела. Он се раѓа во нас кога сака и затоа што сака, а не просто заради нашата девственост. Затоа Неговото раѓање во нашите срца е дар, а не заслуга – дар пројавен конкретно и недвосмислено како аскетска умносрдечна молитва.

❊

Девственоста е знак на благодатно восиновување. Оној чиј Татко е Бог, Нему Мајка му е Богородица, животот во духовната младост му е игра; демоните му се играчки, а вештината и опитот во справувањето со нив му помагаат да расте и созрева. Но, еден ден играта престанува, играчките не се веќе интересни и зрелиот човек ја презема одговорноста на борбата за спасението на сите луѓе. Тогаш лично-литургиската молитва се претвора во безнадежно-надежен нем плачовен крик за простување и разрешување на

гревовите и прегрешенијата на секој еден човек, што само преку Богородица, од Христос Бог го просиме. И просто знаеш дека ако молитвата не го опфати целото човештво, ништо не ти вреди.

❊

Самиот дар на аскетска умносрдечна молитва е сведоштво дека нашата душа, и нашето тело, се во одреден степен девствени, целомудрени. Формулацијата *одреден степен на девственост* значи исто што и кога ќе кажам дека срцето е доволно очистено и ослободено од страстите, а со тоа и ние од пресудното влијание на демоните во нашиот живот. Јасно ви е дека ви зборувам за вториот степен од духовниот раст – *просветлување на умот*.

❊

Пречистата Богородица, престојувајќи во Светињата на светињите, со умносрдечната молитва се вознесе до највисокиот степен на богопознание. Со одрекувањето од светот поради потребниот мир, низ свештеното тихување на умот, со неговото собирање во самиот себе преку непрестајната умносрдечна молитва, со неговото издигнување преку ова собирање до Бог, Таа го отвори патот кон таканареченото *кружно движење на умот*, што е неговата најсветла и најсоодветна активност, со која тој се надминува себеси и се соединува со Бог, како по сигурен пат.

Тајната на есхатолошките димензии на умно-срдечната молитва е и тајна на созерцанието на божествената Светлина. „Бог“, пишува Палама, „во Својата преизобилна добрина кон нас, Трансцендентен во однос на сите нешта, Непоимлив и Неискажлив, станува причесен и видлив за нашиот ум, невидливо снисходејќи со Својата натсуштествена и неодолива енергија“. Тоа што христијанинот го бара и што Бог му го дава во светотаинската благодат е несоздадениот божествен живот, *обожението*, заедницата со Бог во несоздадената Светлина. Човекот не поседува никаква способност да Го види Бог, а ако таквото видување постои, тоа е затоа што Бог во Својата семоќност се соединува со човекот, соопштувајќи му го знаењето што Он Самиот го има за Себе.

И пак им рече Исус, велејќи: „Јас сум Светлината на светот; кој врви по Мене, нема да оди во темнина, а ќе има светлина во животот“ (Јован 8, 12). А врват по Него оние што ги исполнуваат Неговите заповеди. Оние што своето срце и својот ум ги хранат со добри дела, во послушание на својот духовен отец. Оние што не мислат за себе дека се подобри од кој било друг. Оние што вината за сè ја гледаат само во себе.

И врват по Него оние што начинот на својот подвиг го восогласиле со степенот на духовната возраст на кој се наоѓаат. Сите тие ќе имаат светлина во животот.

❊

„Пресветата Дева се ослободи од сите тварни окови и ги отфрли сите (земни) врски и воспостави нов и неискажлив пат кон Небото" (свети Григориј Палама). Во неколку збора е собрано сето она што постојано ви го говорам за восогласувањето на начинот на нашиот подвиг со степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме, односно за екстремното туѓинување од првиот степен до добивањето на дарот на умносрдечната молитва. Ниту ќе имаме, ниту пак сакаме, подобар образец и учителка за собран и внимателен живот на внатрешниот човек од Пречистата Богородица Марија.

❊

Во отстапување од православниот духовен живот и подвиг (со знаење или од незнаење) би го сместил невосогласувањето на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме. Зашто, напразно е ние и да имаме каков-таков подвиг (во смисла на потпостување, подмолување, потчитнување, пододување во црковниот храм, потпомагање на ближниот, итн.)

ако тоа истовремено не значи за нас и каков-таков континуиран процес на исцеление и преобразување на страстите. Отците тоа го споредуваат со собирање на вода во издупчен сад. Башка што со текот на времето само суетата ни расте, поради пресметаните години божем поминати во Црква и стекнатите права од тоа. Ужас.

⁜

Вистинска мисла и чувство за грешност може да произлезе само од реален и правилен подвиг. На пример: велиш дека си грешен и се надеваш на покровот од Пресвета Богородица. Добро, ќе те прашам: Ја кажуваш молитвата „Богородице Дево“ 150 пати дневно? Ако твојот одговор е „не“, знам дека и твојот подвиг е млак. Да беше топол, ќе го видеше своето несовршенство во однос на исполнувањето на Христовите заповеди и едноставно ќе заплачеше пред Богородица. Тоа е покров.

⁜

Да го обновиме нашиот подвиг – молитвеното правило „Богородице Дево...“ Оваа молитва, за нас раслабените, е последна брана пред злото што навира од сите страни; и на личен план и на план на заедницата. Но, овојпат, не без плач и солзи – без оглед на тоа дали на нив се самопринудуваме или ни доаѓаат од благодатта. Не без покајание, пред Неа.

❊

Да не заборавиме дека секој дар човекот преку Неа го добива, особено дарот на непрестајната умносрдечна молитва и гледањето на несоздадената божествена светлина.

❊

Вистинскиот духовен живот и подвиг почнуваат од моментот на симнување на умот во срцето. Тогаш одговорноста станува многу поголема, како и покајанието. Тоа ги опфаќа димензиите на Адамовиот плач за целото човештво. Тогаш треба да се истрае во подвигот на симнување и задржување на умот во срцето. Тогаш, како што велат Отците, демонот ќе покрене искушенија и од крајот на светот за да ја спречи аскетската непрестајна умносрдечна молитва.

❊

Адам е создаден на ниво на *просветленост*. Тоа е степенот на природен начин на живот. Неговото срце не било заробено од страстите. Тој ги имал дарот на умносрдечната молитва и дарот на *просветленоста на умот*, во доволна мера. Требало само преку исполнување на една заповед да го заокружи Божјиот Домострој на создавањето. На тој природен начин на живот и на тоа ниво на *просветленост* сме повикани сите ние

да се подготвиме и да ги добиеме преку Светата Тајна Крштение. На тој природен начин на живот и на тоа ниво на просветленост сме повикани сите ние да се подготвиме и да ги добиеме преку Светата Тајна Покајание или монашко посветување на Бог.

⁂

Дарот на умносрдечната молитва не е магиски чин скриен под плаштот на некаков аскетизам, туку е дар Божји што се добива во личносен однос со духовен отец, особено ако е тој носител на таквиот дар. Тоа е Преданието.

⁂

Високиот критериум е зададен и е вложен во нас со самото крштевање: или го имаме дарот на умносрдечна молитва, или сме дел од *светот*. Друг пат нема. Не сме дел од *светот* кога следејќи го повикот свесно и забележливо го врвиме патот на *очистување* под будното око на духовниот отец, во вистинско послушание.

⁂

*Внатрешното слово* со кое човек разговара внатре во себе и ја твори молитвата безгласно, за кое свети Никифор од Италија вели дека е во градите, попрецизно кажано извира од срцето

како наш духовен центар. Ако со внатрешното слово, (наместо кои било помисли), ја изговараме молитвата, ќе го направиме нашето срце и извор на личната молитва. Значи, треба да се трудиме со внатрешното слово да ја кажуваме кратката молитва „Господи Исусе Христе, помилуј ме", а вниманието (или енергијата) на умот да ни биде сосредоточено преку самите зборови на молитвата во него, но истовремено и во изворот на молитвата, во срцето. На тој начин многу ќе се доближиме до она што светите Отци ни го посочиле како идеал, а тоа е собирањето на енергијата на умот во нејзината суштина во срцето, или т.н. *непрелестно кружно молитвено движење на умот*. Во својата аскетска димензија, овој подвиг ни го овозможува верата; а во својата благодатна димензија, овој подвиг ни го овозможува Светата Тајна Крштение во името на Отецот и Синот и Светиот Дух.

⁂

Треба да го разликувате благодатното отворање на срцето за умносрдечната молитва од аскетската пробивност и задржување на нашиот ум во него. Отвореноста на срцето за умносрдечна молитва е дар Божји што смирено го очекуваме, додека пробивноста и можноста за задржување на нашиот ум во самото срце е дар Божји кој веќе го имаме.

⁜

И без да ни е отворено срцето за умносрдечната молитва и без да ни е познато *местото на срцето* на тој начин, ние сепак можеме да го држиме нашиот ум во областа на срцето пред портите од Светињата на светињите и смирено да го очекуваме ветувањето Господово: „Кој чука ќе му се отвори, како и кој бара ќе најде. Зашто, кој е тој човек меѓу вас, кој на својот син ако му побара леб, ќе му даде камен? Или, ако му побара риба, ќе му даде ли змија?“ (види: Мат. 7, 8-10). Тогаш, колку ли повеќе Господ ќе им даде на оние што Го бараат Него Самиот!

⁜

Прво, оној што сака да го добие дарот на умносрдечната молитва, убаво е да го покаже тоа на тој начин што секој ден ќе се обидува молитвено да влезе во срцето. Одвојте најпрвин пет минутки за тој подвиг, а потоа само по себе времетраењето на молитвата ќе се зголемува. Самиот подвиг ќе ви го покаже патот. И второ, генерално, соодветно е молитвата да биде собрана, нерасеана, и тоа да се потрудиме колку што можеме подолго да го држиме умот во таква состојба. Трудете се во нерасеаната молитва и ќе видите како срцето само ќе почне да ви дава сигнали за *местото* во него, каде што точно треба да биде собран умот.

❊

На молитва треба да застанеме смирено, со чувство на одговорност за секој грев сторен во нашата блиска или далечна околина, инаку самите себеси се лажеме. Умот треба да го врзуваме за зборовите на молитвата, а кога ќе почне да талка, повторно да го вратиме назад. Прифаќањето на каква било слика, икона, светлина или фантазија за време на молитвата, може многу да ни наштети.

❊

Треба да имаме и правилен став во молитвата. Тоа е кога молитвата ја доживуваме како наше давање и кога ја кажуваме од љубов кон Господ и од желба да бидеме со Него. Тогаш таквата молитва е попостојана, и демонот тогаш тешко може да ни пријде. А, ако молитвата ја кажуваме со став на барање, односно само како борба против демонот, тогаш таа брзо може да се прекине.

❊

Кога ќе застанеме на молитва, доколку забележиме дека умот ни е расеан и дека разни помисли нè напаѓаат, тогаш треба да го пронајдеме оној ритам на кажување на молитвата што ќе го држи умот собран во зборовите на молитвата.

Значи, молитвата ја кажуваме побрзо, дури и на глас за да не може умот да се задржи на некоја помисла. По извесно време помислите постепено ќе изгубат од силата, а и човек преку молитвата добива светлина во која гледа колку се безначајни тие помисли, па престануваат да му бидат интересни за да се занимава со нив. Притоа, постепено се враќаме на вообичаениот ритам на молитва, во кој може повеќе внимание да обрнеме на покајанието. Иако, и во првиот случај човек може да го задржи тоа чувство и да ја кажува брзо молитвата.

❊

Во моменти кога ќе претрпиме некаква повреда од нашиот ближен и кога молитвата станува расеана заради помислите против него, треба да почнеме да се молиме и за него и повторно да го побараме оној ритам на молитва што ќе ни овозможи да го задржиме умот собран во Бог сѐ додека помислите против оној што нѐ повредил не нѐ напуштат.

❊

Молитвата може да ја одржиме собрана и кога сме во метеж со многу луѓе и во голема врева, на тој начин што ќе ги опфатиме сите во молитвата, повторно барајќи го оној ритам на изговарање што ќе го држи умот собран.

❊

Молитвата само треба да тече и притоа ние воопшто не сме важни. Не можеме на двајца господари да им служиме – и на нашето его, односно на нашиот *стар човек*, и на Бог. Единственото што е важно за нас е непрестајното и непречено течење на молитвата, тогаш таа ќе прерасне во едно непрестајно славословие на Света Троица – Отецот и Синот и Светиот Дух.

❊

Мисла што ни помага кога за време на молитвата ќе се најдеме во безблагодатна состојба, или кога е срцето затворено, или кога молитвата не ни е собрана, или кога сме генерално во состојба на затемнетост, е мислата дека треба да Го следиме Христос каде и да оди. А бидејќи Он слезе и во адот, ако треба и ние ќе слеземе со Него. Нам ни е добро секаде каде што е Он, и молитвата нема да ја прекинеме. И така преку нашиот живот го живееме Неговиот живот, а главен дел од нашиот живот е токму молитвата. Тоа исто, во молитвената пракса, значи дека не ги бараме ефектите од молитвата и дека не се задржуваме на нив, туку Го следиме, Го бараме Него. Задржувањето на ефектите од молитвата е прекин на молитвата. Сето ова можеме да го постигнеме ако се заборавиме себеси, ако се молиме до самозаборав.

❊

Собраното кажување на молитвата внатре во срцето предизвикува соодветни ефекти, а пред сè одреден вид топлина. Вниманието и топлината взаемно се привлекуваат и се надополнуваат при собирањето на умот во срцето, и значајно ни помагаат да пребиваме во сеќавање на Бог.

❊

И изговарањето на молитвата и топлината во срцето се единствено средства, а не она што се очекува. Ние молитвено давајќи се Го бараме само Него, а не некои од Неговите дарови. Ако главното наше внимание и желба ги пренасочиме од целта што се очекува, која е Христос Бог, кон средствата или пропратните појави, тогаш отпаѓаме од вистинскиот пат, во област смртна, на прелеста, на гревот, и на демонот кој нè демне. Пропратна појава може да биде и остра болка во срцето, при секој обид со умот да се влезе во него, која последователно може да нè оддалечи од молитвата на подолг период, сè додека не се смириме.

❊

Кога даваме (кога Му се принесуваме) преку молитвата на Бог без да бараме, тогаш молитвата ни е собрана, а кога бараме од Бог нешто, тогаш нашиот ум се расејува.

⁜

Важно е прашањето за суштината на топлината – дали е таа природна или духовна топлина. За разлика од природната топлина, благодатната или божествената топлина се појавува и се случува при она што го нарекуваме *благодатно отворање на срцето* за умносрдечната молитва, што е, пак, крај на аскетското пробивање и задржување на умот внатре во срцето, пред портите на Светињата на светињите. Појавувањето на Божјата благодат е моментот што прави да се *отвори срцето*, за умот да влезе внатре молитвено, препознавајќи го непрелестно *местото на молитвата* (срцето). Потоа следува аскетско престојување и задржување на умот во Светињата на светињите во срцето, сѐ додека огнот и топлината што притоа ќе се случи не го преобразат (одухотворат) во несоздадена светлина целиот оној што така гори.

⁜

Кога ќе започнеме со овој начин на молитва, ќе наидеме на темнина и на безразличност, односно на затворена врата во срцето. Ова не треба да нѐ обесхрабри, туку напротив, ние треба и понатаму упорно да продолжиме, барем додека не ја почувствуваме природната топлина. Таа, заедно со солзите на покајанието (*духовни молитвени движења*), секако ќе биде и надеж дека ќе ја

оствариме целта. Ваквиот вид молитва веќе може да се нарече аскетска умносрдечна молитва пред вистинската, или, аскетско-благодатната умносрдечна молитва. Умот од горд, расеан и затемнет, бидејќи се држи нерасеан преку зборовите на молитвата во срцето – во Христос Бог, се смирува, се собира и полека се просветлува заради чистењето на неговата енергија. Со други зборови, овој вид молитва секому е достапен, и секој кој сака и вложи труд, може да го има.

⁂

Кога во молитвата Го бараме само Бог, тогаш срцето се отвора и умот влегува во него, а кога го бараме *отворањето на срцето*, тогаш тоа се затвора.

⁂

Умносрдечната молитва, како техника, е многу достижна и зависи само од волјата и трудот на секој од нас. Ние од немање опит и од незнаење мислиме за неа како за којзнае какво чудо и немајќи ја самите, не веруваме дека другите можат да ја имаат. Арно, ама ја имаат. Но, суштината на молитвата на срцето е покајанието, а не техниката. И сите техники да ги знаеме, ако покајание немаме, никогаш нема да ја имаме. И, обратно, ако имаме вистинско покајание, а да не знаеме некаква техника за задржување на умот во срцето,

ние ќе го добиеме дарот на умносрдечната молитва. А под вистинско покајание секогаш подразбирам восогласување на начинот на нашиот живот со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме.

❊

Кога молитвата не е цел сама по себе (се мисли на постојаното повторување на името Христово), туку цел е заедницата со Бог, тогаш молитвата се кажува во дух на покајание; и обратно.

❊

Не треба да се заборави дека основа на молитвениот подвиг треба да бидат смирението, плачот и исполнувањето на Божјите заповеди.

❊

Сакам само уште еднаш да ве потсетам дека распнувањето или страдањето на умот заради љубов кон Богочовекот Христос е севкупен подвиг, а не само некаква молитвена техника на собирање на умот во срцето. Практикувањето на техника на умносрдечна молитва без подвиг на аскетско покајание и солзи и без подвиг на целосрдечно (апсолутно – да не го подзаборавите зборот) послушание е прелест.

⁂

Дали имаме чиста, собрана молитва, или не? Може да се постави и уште поразобличувачко прашање: Дали редовно се молиме и го исполнуваме нашето молитвено правило? Ова е прашање за оние што веќе повеќе години одат во Црква и мислат дека достигнале којзнае што, па молитвеното правило веќе не им ни треба. На ова се надоврзува прашањето: Дали ние и покрај ваквата наша состојба сè уште со мирна совест ќе се сместиме себеси на првиот степен од духовниот развој?

⁂

Зошто не можеме да го собереме нашиот ум во зборовите од молитвата, зошто немаме чиста молитва? Деца, да не должам многу или да цитирам некој од Отците, нивниот одговор на ова прашање е многу јасен: оној што го напуштил подвигот на послушание не може да има собрана или чиста молитва. Како и кога е напуштен тој подвиг на послушание, секој верен Христов воин самоиницијативно ќе си провери со духовниот отец. На неверниот и да му се каже, само бисерот пред свиња ќе биде фрлен. Ова Господ го рекол, не јас.

*Каде е местото на модерниот живот во Христос? Ако модерниот живот сè повеќе го карактеризира самољубието како начин на постоење и живеење, тогаш таквиот живот нема никакво место во Христос. Модерниот човек најчесто преминува и гази преку конкретни личности за да може да ги оствари своите страсти: славољубието, сребролјубието, сластољубието... Но како тогаш да живееме? Богочовекот Христос е наш пример и наш критериум. Он се распна на Крстот за сите Божји чеда, за спасението на секој од нас конкретно. Ние пак носејќи го бремето еден на друг, не гледајќи на своите интереси, барајќи ја ползата на другите за да се спасат, живеејќи во љубов како што Христос нè љубеше и се предаде Себеси за нас како принос и жртва на Бог (види: Гал. 6, 2; 1. Кор. 10, 33; Ефес. 5, 2), ќе бидеме вистински сведоци на Неговата Личност, дело и сила во овој свет. Само така можеме вистински да богословиме, да Му благодариме, да Го славиме Него.*

❊

Историјата на овој свет е распнување и отфрлање на Богочовекот Христос. Оние, пак, што поверуваа во Него, преминаа од смрт во живот и на суд нема да дојдат.

❊

Наследници сме на последиците од Адамовиот пад. Нарушена е нашата лична заедница со Бог, повредени сме како личности, повреден е нашиот личносен однос со другите луѓе и со целата природа. Нашиот ближен станува нашиот пекол. Во Црквата последиците од овој пад се исцелуваат на онтолошко ниво. Во неа преку Крштевањето се раѓаме за *нов живот*, а преку редовното причестување со Телото и Крвта Христови се исполнуваме со тој *нов живот*, се одржуваме и растеме во него.

❊

Неверието е природна последица од гревот. Оние што Го отфрлаат Христос сепак пред тоа создаваат некаков поим за Него во својот ум. Прашање е колку тој поим е точен и дали би Го отфрлиле кога би Го познавале Таков Каков што Он е.

Деца, сите знаеме дека демонските понуди и предлози во вид на помисли, за задоволување на страстите, на почетокот изгледаат примамливи и лесни за спроведување во дело, како соодветни на човечката падната природа; но, со нивното прифаќање и остварување човекот само продолжува да ги храни сопствените страсти и на тој начин останува заробеник на гревот, на демонот, на неуспехот и несреќата и болеста, а на крај, и на смртта и на пеколот.

Кога човек чини грев, тогаш тој за (многу) малку време има телесна сладост (вклучувајќи ја тука и душевната), за потоа долго време (додека не се покае) да има душевна болка (од која произлегува и телесната). И обратно, кога човек чини доблодетел, тогаш тој за одредено време има телесно и душевно страдање, но никогаш без утеха од Светиот Дух, за потоа да доживее голема духовна сладост. Духовната сладост и утеха ни овозможува побрз духовен раст затоа што ни покажува колку сме далеку од Совршениот и не нè остава да ги заборавиме оние што сè уште страдаат. *Таговната радост, радосната тага* на старец Силуан.

⁂

Духот на денешната цивилизација раѓа болни луѓе, луѓе со високо мислење за себе – иако во најголем број случаи реална основа за такво мислење и не постои – кои многу лесно си земаат за право да им судат на останатите луѓе, односно да ги осудуваат. Погледнете ги медиумите, меѓусебните разговори..., сѐ се сведува на судење и осудување.

⁂

Духот на судењето и осудувањето, кој го повикуваме со чинење на истоимената наша страст и кој цврсто се приврзува кон неа, е најблизок на духот антихристов, затоа што се бори да го заземе Христовото место на единствен Судија на живите и мртвите. Ниеден друг дух не е толку сличен на духот на антихристот како духот на судењето и осудувањето. Не можеме со таква страст и со таков дух во себе да си го очистиме срцето. Христос е единствениот наш Судија.

⁂

Заборавамe дека светот околу нас го осознаваме согласно *чистотата* или *нечистотата* на нашето срце. Ако го напаѓаме и отфрламе човекот поради некој грев, без оглед на тоа дали гревот вистински постои или мислиме дека

постои, тоа е само сведоштво дека сме болни од истиот грев, дека гледаме и осознаваме преку тој грев. Како што вели светиот апостол Павле: „За чистите сѐ е чисто, а за осквернетите и неверните нема ништо чисто, ним им се осквернети и умот и совеста“ (Тит. 1, 15). Тоа ни е знак да застанеме и да се покаеме. Знак дека срцето ни е *затворено*.

⁜

Откако Адам и Ева каснуваат од забранетиот плод, остануваат одголени од Божјата благодат и ја нарушуваат заедницата со Бог. Но кога Бог ги прашува дали јаделе од забранетиот плод, наместо да се покајат, Адам покажува голема гордост, самооправдувајќи се и обвинувајќи Го за својот пад пред сѐ Бог („жената која ми ја даде Ти“), а потоа и Ева („таа ми даде од плодот на дрвото и јас јадев“). И Ева одговара гордо, самооправдувајќи се: „Змијата ме измами, и јас јадев“ (види: 1. Мој. 3, 12-13). Светите Отци велат дека само еден од нив двајцата да побарал прошка, и двајцата немало да бидат избркани од рајот, со сите последици што ние до ден-денес ги гледаме и ги трпиме, како наследници на последиците од нивниот пад. Тоа што Бог ги бара нашите праотци Адам и Ева и стапува во дијалог со нив, не значи ништо друго освен дека и на двајцата им дава уште една можност за покајание.

⁂

Ние денес како критериум и темел на нашето христијанско постоење и дејствување ги имаме Христовиот збор и дело, совршената љубов на Бог Отецот (види: Мат. 5, 44-48) и печатот на дарот на Светиот Дух. Ги имаме единството на верата и соборната заедница на Светиот Дух и меѓу себе и со нашите Отци, кои со својот вечно жив пример постојано ги осветлуваат нашиот живот и постоење во Црквата. Затоа не треба да дозволиме Царството Небесно внатре во нас да го откриеме при крајот на нашиот живот, ако воопшто и тогаш го откриеме, претрпувајќи со благодарност разни болести и страдања, туку уште во нашата младост принесувајќи Му го целиот наш живот на Богочовекот Христос, без остаток.

⁂

Исповедањето на вистинска вера е плод на благодатта. Исповедањето на вистинска вера има и свој теоретски – догматски и свој практичен – подвижнички дел. Неопходно е да веруваме и да исповедаме вистинска, православна вера и неопходно е да живееме согласно правилото на верата – начинот на својот живот и подвиг да го восогласиме со нивото на нашата духовна возраст. И, обратно, зашто е една и иста благодат, животот и подвигот согласно правилото на верата водат

кон познание на Бог и исповедање на вистинска вера, кон опит и доживување на Бог преточени во православно формулирање и исповедање на догмите, кон не толку вера колку знаење.

⁂

Светиот Дух и полнотата на благодатта ги добиваме во нашите срца уште од часот на светото Крштение и првата Причест. Како давање на Бог, како славословие треба да ги сфатиме и севкупниот наш живот, постоење и делување и надвор – ако воопшто така може да се каже – од Светата Евхаристија. Ние сме деца на Црквата и ние правилно можеме да функционираме само црковно-благодарствено, соборно-евхаристиски, само ако даваме.

⁂

Страста станала денес како некој идол што се почитува повеќе отколку Бог или ближниот. За да ја задоволи својата страст, современиот човек е подготвен да ја жртвува и својата вера во Бог и доброто на својот ближен.

⁂

И од себеси правиме идол кога престануваме духовно да растеме, кога отпаѓаме од покајанието;

односно, кога се задоволуваме со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаме, а не сфаќаме дека од тој момент па натаму сè е само пад. Во духовниот живот нема стоење во место, нема status quo, има само растење или паѓање.

⁂

Сите заборавaме на Бог во времето кога мислиме дека здравјето, среќата и бизнисот ни врват, а потоа се чудиме кога одеднаш сè ќе се смени на лошо. Ја спомнуваме загубата на приземните вредности зашто никој не се вознемирува од загубата на она што не го ни вкусил – небесното. И никој за тоа не е виновен освен злото во самиот човек, што му прави простор на демонот да го стави неговиот живот под своја контрола. Кон злото или кон доброто, внатре во себе, секој слободно се приклонува.

⁂

Една од дефинициите на модерната психологија за нормален и здравоумен човек вели дека за таков се смета оној кој има правилен однос кон самиот себе, кон луѓето околу него, кон природната средина, кон просторот и кон времето. Би ги прашале: Ако кон сето тоа има, а кон Бог нема, нормален е?

❊

Речиси сѐ што денеска гледаме на рекламите, во филмовите и во разните забавни и информативни емисии, директно или индиректно, е промоција на тој погрешен модел на живот. Кога би се обиделе наједноставно да го опишеме погрешниот модел на живот, би рекле дека е тоа модел на живот што го повикува современиот човек да ги задоволува сите свои страсти, сѐ повеќе и повеќе.

❊

Медиумите, од една страна, само се прилагодуваат на тој пазар на побарувачка и продажба на задоволување на страстите за да опстанат, а од друга страна, најчесто го поттикнуваат, или со рекламирање или со своја повозбудлива понуда. Но духовниот закон вели дека по задоволувањето на гревовната страст, односно по сладоста доаѓа болка. И обратно, по страдањето во подвигот на *очистување од страстите*, доаѓа духовна сладост, која ништо потоа не може да ја поремети. Медиумот е само инструмент што може да биде употребен за добро и за зло.

❊

Иако речиси сите се стремат да го остварат овој погрешен модел, ретко кој го достигнува

во својот живот. Дури и тие малкумина што ќе го достигнат, на крај ќе се чудат кога ќе сфатат дека, иако сè имаат, ништо од тоа не може да ги исполни. Човекот е создаден од Бог и за Бог (да биде како Бог и во заедница со Бог), и затоа само Бог и може да го исполни. Човек не може да биде задоволен и исполнет од играчките и игрите што демонот му ги нуди, од шарените балони.

⁂

Како на денешниот човек да му се објасни што е тоа *живот вечен*? Кога Господ вели *живот вечен*, бара од нас кои сме Негови, живеејќи го тој *живот вечен*, да го пројавиме во секојдневието. И тоа преку постот, молитвата и љубовта кон нашите ближни, т.е. во исполнување на сите Божји заповеди. Луѓето што го живеат овој *живот вечен* на Црквата, не возвраќаат на злото со зло. На пример, наместо да одвратат со лош збор, ќе се помолат за оној што го кажал лошиот збор, или ќе помогнат некому и ќе се жртвуваат, одвојувајќи од себе за да им даваат на другите... Ако човекот живее на овој начин, трудејќи се да ги исполнува заповедите Христови, очигледно е дека во него се вселил еден друг, *вечен живот* на Царството Небесно.

⁂

Ние не сме енергетски самостојни битија. Ние сме како уред на батерија – додека таа трае

функционираме, кога ќе ослаби, паѓаме. За нормално да функционираме, постојано треба да сме вклучени на енергетскиот Извор, Кој покрај тоа што ни дава енергија да постоиме како словесни битија, ни дава енергија (ако сакаме) и за благобитие, како и енергија за вечно благобитие. Се исклучиме ли од Изворот – барем ние христијаните, престануваме духовно да функционираме. Духовно мртвило и духовна темница. Живи мртовци, луѓе без вистинска радост и смисла на животот.

⁂

Вложувањето во световниот живот, на крајот, кога-тогаш, брзо или подоцна, ќе донесе само несреќа, само болест, само тага и неуспех; ќе ни се открие како погрешна инвестиција, како онтолошко промашување. А, вложувањето во духовниот живот, ќе нè збогати со плодовите на Светиот Дух Господ: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста (види: Гал. 5, 22-23).

⁂

Доколку се случи повеќе од потребното да вложуваме во нашите световни потреби, тогаш со сигурност ќе влеземе во безобѕирна и безобразна борба за задоволување на нашите страсти. Велиме безобѕирна, затоа што во таа борба ги

повредуваме другите луѓе околу себе, на кој било начин – душевен или телесен, без грижа на совест, а е безобразна затоа што не нè води кон образот Божји.

❈

Верата во Бог, живо пројавена и посведочена преку нашите дела, е крсто-воскресниот начин (или модел) на живот, односно Крстот Христов. Преку овој начин на живот ние не ги задоволуваме нашите страсти – бивајќи нивни робови (и на демонот и на смртта), туку ги исцелуваме и ги преобразуваме нашите страсти, преку нивно пренасочување – од себељубие кон Богочовекољубие, во синергија, содејство на Божјата благодат.

❈

Христос ни предлага модел во кој преку учество во Крстот Негов ќе воскреснеме духовно – уште сега, а потоа и телесно. Овој свет ни наметнува модел во кој преку учество во неговите уживања ќе умреме духовно – уште сега, а потоа и телесно. Христос ни предлага затоа што не сака да ја наруши нашата слобода, а светот ни наметнува затоа што веќе ја нарушил нашата слобода.

❈

Тајната на Крстот Христов ги содржи истовремено и двете димензии: и љубовта кон Бог и

љубовта кон секој човек. Или, можеме да речеме дека љубовта кон Богочовекот Христос покажува дека љубовта и кон Бог и кон секој човек е дво-една и неразделна љубов.

Моделот што ни го предлага Христос е да се жртвуваме себеси за другите, а моделот што ни го наметнува светот е да ги жртвуваме другите заради себе. Исполнувањето на заповедите Христови за љубов кон Бог и луѓето навистина бараат да се жртвуваме: се молиме за спасение на тие што не се молат, постиме за да ги нахраниме тие што се гладни, работиме за да им помогнеме на тие што не можат, го трошиме нашето време за на некој начин да ги утешиме тие што најразлично страдаат; почнуваме од своето семејство и го шириме кругот според своите можности. Никој не рече дека е лесно, но секој што пробал, веднаш знае дека е радосно.

Ние самите го одбираме моделот на живот, или едниот или другиот – трет, компромисен, нема. Повеќе имаат шанси за спасение оние што ќе згрешат, затоа што можеби последиците од гревот ќе ги освестат и ќе се покајат, отколку тие што мислат дека нашле компромис со овој свет.

Вели Господ: „Бидејќи си млак, и не жежок, ниту студен, ќе те изблујам од устата Своја“ (Откр. 3, 16).

⁂

Одговорноста за заробеноста на современиот човек од страстите, за деструктивниот модел на живот што му се наметнува, за неговата духовна некултура, лежи во несоодветното воспитание и образование, без разлика дали тоа го пружа семејството, образовниот систем или дел од свештенството.

⁂

Човекот е создаден според образот Божји и треба да го достигне подобието Божјо. Човекот е отворено битие во кое е всаден потенцијалот да стане бог по благодат. Затоа, за нас образование пред сѐ значи да го носиме и сведочиме образот на нашиот Творец. Истовремено тоа значи да ја сочуваме и оствариме нашата личност. Да ја сочуваме од демонот, гревот и смртта, од дезинтеграција и од вечно обезличување. Пред сѐ, вака сфатеното образование воопшто не го запоставува и негувањето на интелектуалниот потенцијал во нас. До ваквото образование стигнуваме со помош на православното воспитание. Основното значење на зборот *воспитание*, согласно црковнословенскиот корен, значи *хранење*. Со цел да го образуваме во себе ликот Божји,

ние во Црквата се храниме и заедничариме со Христос и во материјална и во духовна смисла на зборот.

❊

Сочувувањето на печатот на Неговиот лик во нас, а тоа главно е нашата слобода, е основен предуслов за наше вечно благобитие и затоа приоритет во Божјата педагошка и образовна мистагогија.

❊

Слободната волја е како меч со две острици бидејќи можеме да ја исползуваме да го достигнеме подобието Божјо, а можеме и да отпаднеме од Бог. А, Бог ја почитува нашата слобода, затоа што ако се наруши слободата, се нарушува и ликот според кој сме создадени.

❊

Слободен е оној што го ослободил своето срце од заробеноста на страстите. Оној што сѐ уште се потчинува на своите страсти, тој е роб. Слободниот ништо не го врзува освен Бог. Таквиот на земјата е секаде и за сѐ странец, и секаде и за сѐ дома – освен за гревот. Многу убаво сето ова накратко го состави незаменливиот наш апостол

Павле: „Ова ви го велам, браќа, оти времето натаму е кратко, та оние што имаат жена, да бидат како да ја немаат; и кои плачат – како да не плачат; и кои се радуваат – како да не се радуваат; и кои купуваат – како да немаат; и кои се ползуваат од овој свет – како да не се ползуваат; зашто се менува обликот на овој свет. Јас, пак, сакам вие да бидете без грижи“ (1. Кор. 7, 29-32).

❊

Што да речеме за оние луѓе што себеси се сметаат за словесни, а во суштина свесно или несвесно се заведени од бесловесните страсти, водени од злословесниот демон. Можеме ли таквите луѓе навистина да ги сметаме за словесни, за мудри, за паметни, за разумни, за интелектуалци, за учители, за водачи на слепи? Нормално, не. Па макар биле тие и паметни, и разумни, и интелектуалци, и учители, и водачи на слепи, според критериумите на светот.

❊

Никогаш да не ги изумиме учењето и вистината што произлегуваат од светоотечкиот опит дека едно е знаењето и просветленоста што произлегуваат од читањето книги, а друго од живиот опит на Бог во срцето – она што е дар на Светиот Дух Господ.

Кој, според преданието на светите Отци, може да биде рамноапостолен, односно врховен учител и просветител на луѓето? Оној што претходно со својот ум, преку молитвата, допрел во длабочините на своето срце и што може со своето слово да допре и до длабочината на срцата на своите ближни. Оној што го поминал патот на *очистување на срцето од страстите* преку *просветлување на умот* до *обожение на личноста*, и што може да биде непрелестен патеводител на своите ближни до целта – Христос. Оној што Го познал Бог од опит на несоздадената божествена светлина во своето срце и што таа светлина на богопознанието незапирливо ја шири насекаде околу себе, низ просторот и времето.

Карактеристично за оние што се сметаат себеси за духовници, а сè уште се на првиот степен од духовниот развој, е тоа што никогаш не говорат за умносрдечната молитва, бидејќи немаат никаков опит во неа. Но за нешто мора да се зборува. Оние помалку образованите расправаат со пресуден тон за зилотските прашања, за календарот, за екуменизмот, за последните времиња и Апокалипсата. Оние пак високообразованите објавуваат етичко-философски трактати облечени во теолошки плашт, оптоварени со многу нераз-

бирливи зборови и сложени изрази, што не допираат ниту до умот ниту до срцето на луѓето. А не се осмелуваат да проговорат на чисто догматски теми.

⁂

Општа цел на православното пастирствување е спасението на душата, а посебна, на православната психотерапија, е лекувањето на душата. Второто значење на зборот спасение е исцеление. Тоа значи дека пастир може да биде само оној што може да исцелува, а може да исцелува само оној што претходно се исцелил самиот себе.

⁂

Во светоотечкото учење се содржи сѐ што е неопходно и за лекување на душата и за нејзино спасение. Природно е за свештеникот да се вдахновува и постојано да црпи од оваа духовна ризница.

⁂

Тајната на Православието, или тајната на вистинското славење на Бог преку богословието (теорија) и тајната на вистинското славење на Бог преку нашите дела (пракса), е содржана во тајната на личноста; и во тајната на Христовата Личност и во тајната на секоја охристовена (обожена) личност во Црквата.

Ние денеска многу малку и тоа најчесто површно го познаваме нашето православно предание, односно многу малку ја познаваме науката и уметноста на водење духовна борба. Отстапувањето од Бог и од духовниот живот, што се случувало во текот на вековите и денес, предизвикало отстапување од верата, отстапување од храброста, отстапување од пород и отстапување од територии. Овие постапки најотворено го поставуваат прашањето колку сме традиционално православни!? Оној што ги исполнува заповедите, ќе биде благословен.

Една од целите на православниот аскетски подвиг е исцелението или преобразувањето на страстите во срцето и враќање на божествениот мир во него – единствен предуслов за градење мир меѓу луѓето.

Колку повеќе апостасија (отстапување) од Бог, толку повеќе депресија; колку помалку благодат Божја во нашиот живот, толку повеќе депресија. А овој проблем не се решава со апчиња, туку, пред сè, со покајна молитва; не се решава

во аптека, туку со подвиг во Црквата. А никако – со бегство од реалноста.

⁂

Директна последица на отстапувањето од православниот духовен живот и подвиг *сега и овде*, во најдобар случај, е вечното падни-стани на почетниот степен од духовниот развој. Јалово битисување. А сè повеќе и повеќе тонеме во конформизмот и компромисот со овој свет. Што би рекол свети Јован Лествичник, телото тежнее кон тело, црвот кон црв, а калта кон кал.

⁂

Директна последица од животот *таму и некогаш* е отстапување од континуираниот православен духовен живот и подвиг. Фантазирањето и очекувањето на некакви подобри услови, за потоа некогаш сериозно нешто да се почне и да се направи, не одат заедно со конкретниот подвиг *сега и овде*. Ваквото однесување, согласно светоотечката терминологија, се нарекува униние. Вообичаено, унинието се пројавува како нередовност или напуштање на молитвеното правило (со стоење и метании), неисполнување на правилото за читање (Свето Писмо и свети Отци), нарушување на правилото за пост (квантитативно и квалитативно), отфрлање на духовното

раководство (суштински и формално), неисполнување на Христовите заповеди за милост и љубов кон ближниот – кого што Божјата промисла го носи во нашиот живот, итн.

⁜

Запамтете: нема магиско решавање на нашите проблеми, за сѐ е потребно личен труд и молитва.

⁜

Спознанието на вистината, на лично ниво, во строго православна смисла, не е интелектуално човечко достигнување, туку пред сѐ е Божји дар на *просветленост на умот* и *обожение на личноста*. Дар Божји што се добива после големиот подвиг на *чистење на срцето од страстите*, до крај. Затоа, многу е потребно, покрај подвигот за сочувување на вистинската вера по секоја цена, да се сочува и вистинското аскетско-исихастичко предание во Црквата, преданието на умносрдечната молитва.

⁜

Кои се манифестациите на прекумерната грижа за световното, што произлегува од заробеноста на нашето срце од страстите? Најдиректна и најпрепознатлива манифестација е фактот дека сѐ помалку време имаме за молитва.

Следен показател е нашата расеана молитва. Потоа, губењето време и сила во борбата со нај-различни помисли и чувства, или во оддавањето на фантазии. Потоа, неблагодарност кон Бог и постојано незадоволство. Вината е секогаш кај другиот. Загрижувачки е веќе кога борбата со помислите ќе се претвори во поблаги, па и во потешки облици на параноја или, со други зборови, во страв за иднината како ќе се задоволат нашите страсти – славољубието, среброљубието и сластољубието.

⁂

Кога знаеме дека сме острастени, затемнети и под големо внатрешно влијание на демонот, зошто проблемот го бараме надвор од нас? Зошто секогаш се самооправдуваме, а другите ни се виновни за сѐ? Штом го лоцираме проблемот надвор од нас, ние сме надвор од Патот, надвор од Христос, надвор од Евангелието Христово, надвор од Духот Христов, надвор од своето срце... Го оставаме тесниот пат и трчаме по широкиот. Самооправдувањето, а осудувањето на другиот се сигурни знаци дека под нашите стапки се наоѓа широкиот пат.

⁂

Зошто бегаме од волните и од неволните страдања? Или, зошто бегаме оттаму каде што ни се

чини дека нè „повредуваат“ и нè „оneправдуваат“? „Зошто порадо не претрпите неправда? Зошто порадо не ја претрпите штетата? Но вие сами ги навредувате и оштетувате, и тоа браќата свои“, вели светиот апостол Павле (1. Кор. 6, 7-8). Зошто се чувствуваме повредени? Поточно, зошто му се предаваме на тоа чувство и се поистоветуваме со него и постапуваме според него, наместо тоа да ни биде повод за покајание? Зошто сакаме да побегнеме од тоа што за нас е лек. Не знаеме ли дека со тоа се одрекуваме од Крстот Христов, од Христос и Неговиот пат; дека крајот на Неговиот пат е Голгота, дека крајот на секој еден од нашите патишта е Голгота? И врз која основа на крај ќе се наречеме Христови, ако постојно го отфрламе Крстот Негов?

❊

Тесниот пат не го сочинуваат толку волните подвижнички страдања, што сами си ги наметнуваме, колку што го сочинува трпението со благодарност за неволните страдања, кои Бог ги допушта за наше доочистување и восовршување, а кои ни ги предизвикуваат и нанесуваат паднатите ангели и луѓето што се наоѓаат под нивно влијание или контрола.

❊

Секогаш кога страдаме неутешно и беспомошно, страдаме од една и единствена причина

– останати сме без благодатта Божја, а не заради нешто друго. Се поставува клучното прашање: Зошто остануваме без благодатта Божја? Остануваме без благодат, главно, затоа што тоа што ни се случува однадвор не го примаме како дар Божји и не Му благодариме на Бог. Затоа, деца, сѐ што ви се случува примајте го како дар Божји и за сѐ благодарете Му Нему. Тоа е патот до Царството Небесно, пред сѐ внатре во нас. Тоа е патот до Оној Кој вистински нѐ љуби.

❊

Не можеме во овој живот да ги одбегнеме страдањата, зашто ги наследивме последиците од Адамовиот пад. Но, едно е да страдаш без утеха, а друго – со утеха; едно е да страдаш без помош, а друго е со помош; едно е да страдаш без надеж, а друго – со надеж; едно е да страдаш бесцелно, а друго – со цел; едно е да страдаш бесмислено, а друго – со смисла; едно е да страдаш непромислено, а друго – со промисла; едно е да страдаш од самољубие, а друго – од љубов; едно е да страдаш заради себе, а друго – заради Богочовекот Исус Христос.

❊

Колку поголемо страдање доживуваме и колку поискрено и од сѐ срце Му благодариме на Бог за тоа, толку повеќе Божја благодат привлекуваме

кон себе. Благодатта Божја пак е таа што ни дава сила да ги издржиме страдањата, таа што нѐ утешува во страдањата и таа што дури и прави да заборавиме на нив.

⁂

Духот на овој свет е барање на некакво *духовно воскресение* без смрт на *стариот човек* во нас и без Крстот на страдањата во *очистувањето од страстите*; духот на овој свет е барање на царство земно и на неговите задоволства и удобности. Духот Христов е стремеж кон Воскресение преку носење на Крстот Негов (страдањето и срамот во овој свет), кој има соборна димензија – спасение на целиот Адам; Духот Христов е барање на Царството Небесно. Затоа, ајде да го исправиме нашиот живот според Христовиот Дух, за да не си го упропастиме целиот монашки (или христијански) подвиг. Оти едниот Дух е живот и вистина, а другиот дух е прелест и смрт.

⁂

Богочовекот Исус Христос се обидува да нѐ отрезни од опиеноста со прекумерната грижа за овој свет опоменувајќи нѐ: „Сето тоа го бараат незнабошците..." Не е лесно да се провери човек самиот себе и својот живот, та споредувајќи, од една страна да го стави идеалот на Христовите

заповеди, а од друга страна, својата обземеност од световната грижа, и да се види сличен на незнабошците. Но уште потешко е по толку години навика да се промениме.

⁂

Што подразбираме ние, христијаните, под *свеш*? *Свеш* се, пред сѐ, непреобразените страсти што постојат во нас; *свеш* се гревовите што ги правиме; *свеш* се демоните поврзани со непреобразените страсти и *свеш* се луѓето кои заробени од своите страсти им служат на демоните. Внатрешната или (и) надворешната војна што постојано ја водиме со *свешош* или *свешош* против нас, односно напорот, страдањата и болките што ги претрпуваме притоа за да останеме во љубовта што ја негуваат чедата Божји кон својот Отец Небесен и кон своите ближни, нѐ прават маченици.

⁂

Никој не треба да заборави дека е грешен и болен. Ако некој направил ваков суштински превид, тогаш сериозно нека се запраша врз која основа ќе го гради својот личен однос со Богочовекот Христос? Таквиот нека знае дека веднаш, со самата помисла дека е праведен или здрав, го оневозможува својот однос и заедница

со Него. Христос лично нè опоменува: „Не сум дошол да ги повикам праведниците, туку грешниците – на покајание. Здравите немаат потреба од лекар, но болните“ (види: Мат. 9, 12-13; Марко 2, 17; Лука 5, 31-32). А превидот се препознава од начинот на живот.

⁂

Мора да ја освестиме нашата паднатост и промашеност. Како да очекуваме од оној кој поради неоправдано големата идеја за самиот себе мисли дека не е болен и грешен, да го стави својот ум во процес на исцеление преку послушанието? Нормално, никако. Таквиот нема ни причина ни мотив. Прелеста во која, од многу причини, се наоѓа, не му го дозволува тоа. Прво, таквиот не верува искрено дека постои Бог, а камоли умносрдечна молитва, итн.

⁂

Вистински болни и грешни можат да се доживеат себеси само оние што се подвизуваат, и тоа не како било, туку само оние кои начинот на својот живот и подвиг го имаат восогласено со степенот на духовниот развој на кој се наоѓаат. Значи, не е доволно само да мислиме за себе дека сме духовно болни и грешни – тоа е лажно смирение и вистинска прелест.

⁂

Произволниот и недефиниран духовен живот што соодветствува на нашата голема идеја за самите себе, на нашата гордост и суета, посебно е карактеристичен за светот во кој што живееме. Недефинираното и магловитото општо поимање на духовниот живот е одлична атмосфера во која може да се скрие нашата индивидуална духовна сиромаштија; и тоа им одговара на мнозина. И не само да се скрие, туку со помош на посебната облека, или со свештеничките чинови, или со запазување на некој надворешен црковен ред, или со својата интелигенција и разни титули, духовно слепи луѓе успеваат дури и да се самопромовираат како доблесни и примерни. Ретки се тие што одат по тесниот пат.

⁂

Да внимаваме и да бидеме будни, бидејќи во последните времиња демонот ќе најде човек кој со негова помош ќе се прикажува за Христос, а всушност тоа ќе биде антихристот. Тој ќе прави чудеса и ќе покажува разни знаци за ние да поверуваме дека е он Христос. Сите, пак, христијани што нема да поверуваат и да го прифатат, ќе бидат гонети и убивани. Така, денеска се случува веќе таа подготовка и преку неправилниот духовен живот... Демонот знае дека не може да ја искорени верата од луѓето, затоа што таа

е всадена во нив, како создадени според Божји образ и подобие, но исто така знае дека може да ја искриви. Тоа е неговата најнова тактика како подготовка за доаѓањето на антихристот – сите да станат верници, ама со искривена вера.

❊

Многупати во историјата се случило гонење на Христовата Црква, но проблемот е во тоа што во последните времиња, како што е напишано во Евангелието, „Синот Човечки, кога ќе дојде, ќе најде ли вера на земјата?“ (Лука 18, 8). Тука Господ мисли на вистинска вера, украсена со дела. Тоа е токму поради искривувањето на православната вера и на православниот духовен живот, што е една и иста појава.

❊

Вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот во благодатта на Светиот Дух и во исповедање на вистинска вера. Поклонувањето во дух и во вистина е едно и исто поклонување, едно и исто дејство, една и иста благодат. И се случува на едно и исто место – во срцето, пред сè.

❊

Православието значи *права* слава, правилно да Го славиме Бог, и преку догмите и преку

теологијата (сето она што го пишуваме и сето она што го проповедаме) и правилно да Го славиме со дела. Тоа сѐ заедно е правилно славење на Бог, и нашата вера се вика православна вера. Затоа, чувајте си ја православната вера, не правете компромиси, ниту со други вери, ниту со неправилен духовен живот, ниту со суеверни и народни обичаи – кои навидум служат за некое развеселување и на некои им изгледаат радосни и интересни.

❊

Вистинското верување во суштина е суров подвиг, и тоа правилен, а не некаква вера без дела или сомнителна вера со неправилен подвиг. Подвигот восогласен со степенот на духовниот развој е сведоштво и показател дека вистински и правилно веруваме. Тоа е патот на оние кои ја возљубија божествената слава и светлина наспроти човечката. Тоа е патот на оние кои Бог ги прослави.

❊

Деца, духот на првите христијани е единствен автентичен христијански дух и единствен критериум за сите нас до денешен ден. Тоа е духот на подготвеност да се умре за Христос, да се умре за овој свет, односно за нашите страсти. Тој дух го имале првите христијани, со тој дух

биле задоени и првите монаси и тој дух треба да го негуваме и ние денес. Прашање е колкумина од нас што денес се нарекуваме православни христијани би биле тоа и во времето на првите христијани, односно колкумина од нас кога би знаеле дека би можеле да бидеме убиени заради Христос, би сакале да се крстиме и да станеме христијани, или свештеници или епископи.

⁂

Знаете што, деца, во ова наше време, Господ Христос ми заличува на многу богат но осамен Човек, Кој и сега многу ни дава – како да ни е нешто должен, но Кој за едно мало внимание е подготвен да возврати со огромен дел од Своето Богатство; и сѐ помалку го има тоа внимание. А светите Отци силно посакуваа да живеат во ова наше време, и не им беше дадено; не за лесно да добијат, туку за да дадат и да посведочат. Се прашувам сега: Каква ли неискажлива привилегија е ова за нас, или можеби огромен срам?

⁂

Да си го чуваме она што значи православна вера, православен духовен живот, и само така ќе го сочуваме и нашето спасение и спасението на нашите ближни. Она што е важно е нашата љубов кон Бог и кон нашите ближни, односно исполнувањето на Неговите заповеди; со трпение и

благодарност да го носиме нашиот крст, кој нè носи во Воскресение.

⁜

Сè е кажано во Светото Евангелие, само треба евангелските зборови да ги преточиме во лични дела. Како што велат светите Отци, Бог се крие во Своите заповеди, и оној што ќе ги исполни, тој ќе Го познае Него.

⁜

Ние христијаните не сме живи членови на Црквата заради здравје, заради успех во работата, заради власт и пари, или заради некаква црковна позиција и чест – времена или вечна, па дури ни заради спасение – туку заради Него и единствено заради Него и Неговата љубов. Наведената вистина во претходната реченица е основа на православниот фанатизам – без оглед на тоа дали тој се пројавува во аскетско-исихастичкиот подвиг, во маченичкиот подвиг или во некој друг. Важно е дека без тој фанатизам нема светителство во Црквата.

⁜

Православниот фанатизам е фанатизам за чинење на добро што вклучува во себе и фанатизам за неодрекување од доброто – од единствениот

вистински Бог, Света Троица, односно од верата во Него, без оглед на последиците што од тоа ќе следуваат.

⁂

Деца, подобро е да почнеме од релативно краткиите мигови на молитвена собраност да се учиме да ја црпиме вечноста сѐ повеќе и повеќе, отколку низ секојдневниот живот, кој ни изгледа како вечно да ќе трае, да се стопиме и изгубиме како личности расеани со умот во времето.

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Ние сме од Бог и заради Бог создадени | 1 |
| Сиот Негов живот меѓу нас... | 17 |
| Радувајте се на соборно-евхаристискиот живот | 29 |
| Сведоштво *во сила* | 53 |
| Откријте ја убавината на животот духовен | 61 |
| Подвиг во познание | 71 |
| Барајте го најнапред Царството Божјо | 87 |
| „Кој сака да врви по Мене, нека се одрече од себе“ | 105 |
| Чување на срцето | 139 |
| Покајанието – најголем дар | 155 |
| Монахот е дете Божјо | 175 |
| Господи Исусе Христе, обрати ми се и мене... | 199 |
| Крсто-воскресен модел на живот | 225 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-472

НАУМ, митрополит струмички
Само едно е потребно : поуки /
Митрополит Струмички Наум.
- Велјуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2013.
- 258 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

ISBN 978 - 9989 - 893 -20 -9

а) Православие - Поуки

COBISS.MK-ID 93790218

**Печати:**
„Европа 92“ - Кочани

На корицата: мозаик од манастирот на
Христос Спасителот во Хора, 14 век, Константинопол

Орнаментот користен во книгата е ѕвездата на
Пресвета Богородица од иконата Благовештение, 14 век,
Охридска галерија на икони